ЈАМКА

Роман

Стојан Кочов

ЈАМКА

Роман

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2012 by Stoian Kochov & Risto Stefov

e-book edition

Содржина

Содржина....3
ПРЕДГОВОР....4
ВОВЕД....5
Глава 1. - Предвесници на злото....9
Глава 2. - Од прегратките на КПЈ во прегратките на КПГ....18
Глава 3. - Масовните мобилизации ја обезмакедончија македонската куќа и конечно Македонците беа турнати во челуста на сивилото....27
Глава 4 - Тага, љубов и војна....31
Од воената и партиската хроника....35
Глава 5. - Во смрт за тронот на генерал Маркос....36
Глава 6. - Пречек на Новата година - (31.12.1947- 1.01.1948)....42
Глава 7. - Сенка на пеколот Игра и смрт во ноќите на градот Коница....47
Глава 8. - Дванаесеттиот ден (4. 01. 1948), во борба за тронот на генерал Маркос....59
Глава 9. - Збег во белата смрт....60
Глава 10. - Животот и судот на генералите....71
Глава 11. - Сенката на бесмртниот лав од Вичо и Големите преселби: од Румелија и Тесалија....81
Глава 12. - Војска без компас: сурови пресметки меѓу комунистичките офицери....87
Глава 13. Факти и валкани цели....96
Глава 14. – Силата на срадањето....102
Глава 15. – Генералка Мобилизација....109
Глава 16. – Крај на војната....119
Глава 17. - Преглед на военополитичката историска хроника....126
Глава 18. – Коррените на злото....135
Историски хроники....141
Преглед на разбојот на настаните во 1946....145
Глава 19. - Првиот судир на судбините....153
Од воената хроника....165
Глава 20. - По враќањето од Голи Оток....167
ПОГОВОР....178
За Авторот....180

ПРЕДГОВОР

Кој и како ја режирал судбината за геноцидот над Македонците во Грција? Како и за кого се (само)жртвувавме, па го изгубивме вековниот татков дом во кој беа всадани прадедовските и нашите души, па сега станавме талкачи по светот.

Македонците под Грција низ туѓите балкански јамки во Граѓанската воина (1946 – 1949)

ПАНИЛИ

Ја посветувам за спомен на нашето семејство, кое по Граѓанската војна (1946-1949) се најде распарчено:

татко ми Танас во Австралија, мајка ми Јованка во Полска, брат ми Ѓорги в затвор во Грција, а јас со единиците на ДАГ во Советскиот Сојуз.

Во романот "Јамка" се опишани случувањата што му припаѓаат на минатото и кои веќе никој не може да ги измени:
Чистите факти и валканите цели.

Раскажани се со автентичност и со чувство за гневност спрема идеолошката моќ што не политизираше нас невините генерации. Сега го бараме одговорот:

"Кој и како ја режирал судбината за геноцидот над Македонците во Грција? Како и за кого се (само)жртвувавме, па го изгубивме вековниот татков дом во кој беа всадани прадедовските и нашите души, па сега станавме талкачи по светот."

Реалните настани се вовед во националната трагедија, со личности живи или мртви, не е случајно, намерно е, и земено се што е во Скаменета хроника:

За наредбите на туѓите богови и проектираното наше исчезнување од родината:

-Од октомври 1944 до 14 октомври 1946 година, во прегратките на КПЈ/КПМ.

-Од октомври 1946 до 27 август 1949 година (кога заврши војната), во прегратките на КПГ.

-Од 1950 година па се до денес – Талкачи по светот.

Авторот

ВОВЕД

Во периодот на Втората светска војна, низ Рудино имаа поминато луѓе од разни култури, дури имаше среќа со нив да се сретне и најсиромашниот човек во својата колиба. Поминаа канети и неканети, убијци и љубопитни, прогонети и луѓе со скриени намери.

Преживеаните зими низ војната беа студени, а летата беа толку жешки што воздухот трепереше и камењата се вжештуваа како вршник. Босоногите селани итаа низ полето со подзгорени гради и гробови да го соберат родот.

Но иако војната заврши, неспокојни и загрижени беа луѓето од Рудино, но не беше подобро ни во другите леринси, Костурски и Воденски села. Стравот остана меѓу селаните – потсетувајќи ги на ужасните безредија и насилства.

Луѓето беа ослабени, исушени од препечувањето на сонцето, студот и гладот, измачени.

По повлекувањето на германските армии, по целата должина на фронтот во Грција, партизаните, насекаде, каде што беше можно поставуваа своја власт. Селаните ѝ се радуваа на победата над фашизмот.

Војната тукушто заврши, но остави длабоки рани. Илјадници мајки забрадија црни шамии, илјадници млади жени и сестри се облекоа во црно, илјадници деца останаа сирачиња. Старите татковци, болно ги оплакуваа своите синови.

Сега без голем страв ги раскопуваа од визбите спастрениот чеиз и вредните работи, што ги имаа скриено од разни банди што шетаа по селата и вршеа злодела и грабеж на добиток и вреди предмети. Германските и италијанските окупатори ги имаа конфискувано речси сите превозни средства и големи количества храна. Големите центри останаа без храна. Стотици илјади луѓе умираа од глад. Селата ги преплавија од гладни луѓе кои ја продаваа дури и сопствената облека за малку пченка или грав.

Окупаторите и нивните соработници варварски ги применуваа зборовите на Гебелс: “Европа ќе умре за да живее Германија!” Нацистичкиот режим во Германија создал логори на смртта за политичките затвореници. Тоа го пишуваат и кажуваат комунистите, и дека новата епоха сака да избрише векови германска традиција и да се врати во времето на варварството.

Непознати луѓе од терористите – пауџиди (1) упаѓаа во домовите на Македонците и крвнички тепаа се пред себе, стотици луѓе тие денови, гонети од смртен страв, бегаа од своите домови барајќи спас во планините. Имотите им беа насилно крадени и горени.

Пауџидите настојуваа да продолжи елинизацијата над Македонците во Северна Грција и грижата им беше во овој меѓувоен

период да ги натераат Македонците да го задржат континуитетот на чувството за заедничка припадност кон грчкиот национален колектив, кон неговите историски традиции и кон низа грчки херојски жртви.

Коалицијата ЕАМ(2), односно левицата на чело со КПГ (буржоаските партии и политичари, едни беа со Германците други со Англичаните, против ЕАМ) успеа да остварат најшироко национално единство на грчкиот народ.

Со Либанскиот договор од мај 1944 година, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС(3), доброволно и официјално се откажуваат од секаква претензија за заземање на власта, признавајќи ја бегалската влада на чело со Георгиос Папандреу како "легитимна влада на Грција", како влада на "националното единство".

Со договорот од Казерта во септември 1944 година, британскиот генерал Скоби беше прифатен и прогласен како врховен командант на вооружените сили во Грција и единиците на ЕЛАС го предаваа оружјето и веќе не можеа да се движат и да дејствуваат инаку освен по наредба од сер Роналд Скоби.

* * *

Во текот на пролетта и летото 1945 и 1946 година, владата на Пластирас набргу со Уставниот акт 1, "За наметнувањето на казнени мерки за оние што соработуваа со непријателот", закон што беше донесен од владата на Георгиос Папандреу, го замени со Актот 6. "За наметнување на санкции за оние што соработуваа со непријателот".

Токму врз основа на Уставниот акт, во 1945 година во Солун беше формиан Специјалниот суд за колаборациолистите, на такви помали судови беа оформени во Серез, Драма, Лерин и Костур.

Новата власт ги заборави зборовите и обврските што ги искажа Венизелос: "Словеномакедонците не се чувствуваат ни како Грци ни како Бугари" и дозволи да се направи Абецедарот и пак потврди: "Ако Словеномакедонците бараат училиште на својот јазик, јас ќе бидам првиот во Грција што ќе се заложам остварување на тоа барање".

Но сега судовите во Македонија под Грција ги донесоа законите, во прв план, за Македонците (именувани како Славофони). Целта на судовите беа Македонците (Славофоните), особено оние чија национална свест беше негрчка. Тие беа доведени во тешка положба поради јазикот на кој зборуваа слободно за време на германската окупација. Обвинетите беа изведувани пред "народните судови" и, доколку беа прогласени за виновни, беа враќани назад во затворите.

Некои луѓе беа осудувани на смрт по итна постанка и погубувани, што предизвика силни протести дури и од командантот на

британските сили во Атина, генерал Роналд Скоби и Еврипидис Бакерџис, командантот на генералниот штаб на група дивизии во Северна Грција.

Многу од обвинетите беа избегани и им се судеше во отсуство. Тоа обично беа автономисти (членови на НОФ), кои беа за автономна Македонија и беа пребегани во 1944 година во Титовата армија, и менувани како "Егејска бригада".

Во повеќе случаи им се судеше на македонските селани одеднаш на повеќемина токму од селата во кои во текот на 1945 година се спроведуваа активистите на НОФ и АФЖ и се поставуваа темелите на овие организаци – вовед во националната трагедија.

Списокот на обвиненијата обично беше многу долг и се однесуваше на повеќе членови од Уставот на грчката држава.

---

1 ПАО – пауџидес (Сегрчка ослободителна организација) што ја сочинуваа поранешни полициски началници и офицери на поранешната грчка армија (ЕС) и други разни националистички антинародни елементи кои секогаш беа за уништување на Македонците. Организацијата ПАО, посебно во Македонија, во соработка со еден дел од колонистите доселени по1924 година, кои живееја низ македонските села, им нанесоа големи неволи на Македонците.

2 На 6 април 1941 година Германија изврши напад против Југославија и Грција и сега во Грција се јави нов господар, со нови фашистички погледи, а на 27 септември истата година е формирана организацијата ЕАМ (народноослободителен фронт) која го повикува целокупното население на Грција на отпор против фашизмот.

3 ЕЛАС – ЕЛАСИТИ (припадници на оваа војска се викаа "андартес") што кај Македонците асоцираше на злогласните дела против македонскиот народ од постилинденскиот период на грчките андарти организирани и вооружени во Грција и испраќани во Македонија со нож да го шират грчкото влијание. ЕАМ и КПГ на заедничкиот состанок на ЦК на КПГ, бараат да се организира ЕЛАС (Грчка народноослободителна војска) и дури на 15 февруари 1942 година се појавуваат воените единици на ЕЛАС – Еласити. Во Костурско беше формиран првиот одред на ЕЛАС на 7. 12. 1942 година и сочинаваа 10 Македонци, 7 Грци и двајца власи.

ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70. 000 борци, но на 16 јули 1943 година, раководството на ЕЛАС и шефот на англиската воена

мисија, полковникот Еди Маерс потпишаа спогодба со која се потчинува грчката команда на ЕЛАС под англиската команда за Блискиот Исток, а на 12 февруари 1945 година, во Варкиза е потпишан договор со кој пректично левицата (КПГ и ЕАМ) и ја предадоа власта на десницата во Грција.

Глава 1. - Предвесници на злото

Кон средината на април 1945 година. Политичката комисија (4) во Битола веќе беше распуштена. Наместо неа, при ЦК на КПМ во Скопје, на 23 април 1945 година се конституира, односно се формира Народноослободителниот фронт – НОФ (истовремено АФЖ и НОМС) на Македонците од Егејска Македонија и првата порака што им беше упатена гласеше:

“БРАЌА МАКЕДОНЦИ! СТОЈТЕ ЦВРСТО И ГЛЕДАЈТЕ ГО СПАСЕНИЕТО ШТО ЌЕ ВИ ГО ДОНЕСЕ НОФ И АФЖ!”

1.

Во Рудино, и по Втората светска војната, некако злото доаѓаше од недоапица; брзо како и пролетта. Одеднаш полето и планините раззеленуваа, ливадите и градините се ишаруваа со најразновидни цвеќиња, а планините се полнеа со нови револуционери и разни банди.

Едно мајско неделно утро во1945 година, ги слушаме ударите на камбаната кои не известуваат ни за мртовец ни божји за празник, туку претставуваат тревожни и чудни, безредни клепања, а потоа и тревожниот рапав глас на Ване Мингов:

“Селани! Ој селани! Ве повикувам на сретсело. Ќе ни зборуваат нашите. Не плашете се…”

“Новодојдени! Кои се овие луѓе со таква безумна желба за власт што ги прави не само подмолни туку и премногу лековерни.”

Од каде доаѓате, другари!

Еј пријатели, од каде сте?

Веста за новодојдените ја прочита Филип Јажин, секретар на Основната организација, комунист и член на потесното раководство на НОФ.

Селаните беа зачудени кога дознаа дека причината за нивното доаѓање било кревањето на револуција. Но кога почна да ги прозива дека сите треба да станат членови на НОФ и АФЖ, останаа со зинати усти, а и ние што бевме штотуку влезени во седумнаесеттата година, се острелушивме.

Се слушнаа гласови:

“Па нели војната заврши!?” – шепнеа селаните.
Можеби тоа беше првиот влез во мрежата на војната и оттогаш почна патешествието на мојата генерација.

Јажин со продолжи револуционерен тон:

-Спомнете си за вашите дедовци илинденци. И тие беа на неполни 18 години кога во првите борби со својата смелост и непоколебливост станаа едни од најдисциплинираните борци во комитските чети и

бездруго најхрабри револуционери во овој наш крај. Во оваа света војна на чело со НОФ, зад нас стојат маршал Тито и генаралисимусот Сталин. Време е нашиот македонски образ и во ноќта светлина да зрачи! Јунак македонски, никаде не се посрамотил или понижил, одел со исправен ‘рбет, а тоа за човекот и особено за нас Македонците многу значи.

Така ја објасни оваа обмислена национална акција на организациите НОФ (Народноослободителен фронт) и АФЖ (Антифашистички фронт на жените) и пред насобраните продолжи:

-Драги селани! Да ви ја пренесам големата радост дека во костурско, едновремено, НОФ, на чело со Митровски, организира и свои вооружени единици, кои развија герилска борба. Тие се првите единици на нашата македонска војска. Целта на организацијата НОФ, која застана на чело на македонското националноослободително движење, е со примена на сите форми на борба, да се бори за самоопределување и обединување на македонскиот народ.

2.

Но уште првото доаѓање на активистите, предизвика голема возбуда во селото Рудино. Ги имаше шестмина од организациите НОФ и АФЖ, облечени во кожени палта и со нарамени руски автомати.

Секој маж и секоја жена дојде да ги види, па дури и цела сурија деца. Се ширеа разни приказни за овие луѓе, дека биле од оние борци што биле пребегани од ЕЛАС во Титовата армија, по покана од Титовиот генерал Темпо. Сега тие станале закоравени комунисти и сакаат да ни ги изгаснат светите цркви и манастири Селаните шепотеа: Сакаат да ни ја изгнасат и испоганат и нашата света вода, во која сме крстени сите ние. Да ни исчезнат и молитвите наши, сакаат да ни го помрачат умот, нашата љубов и вера. Сакаат да ни ги урнат домовите, да ни ги избришат спомените за нашиот Бог и нашето име.

Но откако една селанка, Ристана Шуменкова Богданова, која сите ја знаеја како Трајковица Богданова, (јатрва на Лина Гајдова Богданова – Ламбровица Богданова), на големиот собир рече дека има прашање, сите се опулија кон неа, а активистите се намусија и ја сменија својата настројба.

Таа подизлезе напред со исправена става и лесно кренатa глава, што ја засилуваше миловидната каприциозност на нејзиното лице и им се обрати:

-Сакам нешто да кажам.

Значи, сега сите ние жените ќе му припаѓаме на Антифашистичкиот фронт.

Јас не ви верувам дека овие организации се македонски. Ако се македонски, зошто не се викаат МНОФ и МАФЖ. Ова нешто е нејасно!

На кој македонски фронт ќе не носите? Па нели Германија капитулира, зар има уште фашисти? И кај ќе го ставиме тој фронт и со какво оружје ќе се бориме? И каква борба ќе водиме?

А децата? На кого ќе ги оставиме? Но уште поголем срам, кога ќе слушнат нашите мажи во Америка и Австралија, што ќе речат?

Значи, Америка со право ќе им рече на нашите мажи: "Абре луѓе, што станува со вас? Вашите жени зедоа пушки против англоамериканскиот империјализам?! Не терате да бидеме безбожни. И во која црква ќе си ја правиме молитвата? Или со нас си играте мајтап-војна.

Ако се откажеме од нашиот Бог и ако го прифатиме и следиме вашиот главатар, кој ќе не штити од гневот на нашиот запоставен Бог? Па тогаш, нека не голтне земјава што не храни… Како улавки - без мажи и деца.

Тоа ќе биде исконско зло. Така катраносани ќе шетаме по гората…

И продолжи да реди и да го колне злото што го донеле овие луѓе… велејќи:

-Но пак да ве опитам: дали со ова што правите, нам не ни ја ставате ЈАМКАТА?

Ристана Шуменкова-Богданова остана простум, сама со својот стас. Со очите отворени, со рацете раширени, со срцето отворено, чиниш ѝ застана грутка во грлото.

Чека во очај, без да загуби надеж. Челото ѝ се ороси со пот, си мислеше во себе да не се онесвести. Лошо ѝ беше и низ заби проколна "Капка да ве удри".

Веќе ги крена рацете, чиниш се препушти на ЈАМКАТА.

Една афежистка, стана и упати испитувачки поглед кон Ристана Шуменкова-Богданова, па кон сите рече:

-Вашиот Бог не е жив и не може да ви нанесе никакво зло… Сите ние решивме да се бориме против англоамериканскиот империјализам и, ако треба, ќе умреме за слободата на својот народ!

А ти, другарке Богданова, со тоа што кажа, сега знаеме дека ти, и таквите како тебе, нам, на борците, ни е јасно дека сте на страната на Америка.

Сите почнаа да зборуваат истовремено, викаа и посегаа да ја дофатат и симнат од импровизираната бина. Во тој миг во очите на афежистката блесна искра на буден борец, а гласот ѝ стана непријателски и уплашено рече:

-Па вие сте биле улави – продадени души, а јас ви зборувам за комунистичка револуција.

Трајковица се прекрсти и рече:
-Бог да ни е на помош. Досега сите знаевме дека мажите ја прават војната. Што си се натопорила, мори сетро, со тој автомат. Жената е родена да држи дете на гради, а не пушка што убива луѓе! Војната, тие машинки за убивање им припаѓаат на мажите. Вистина е дека повеќето од мажите ја сакаат војната, зашто им носи слава и тоа им прави задоволство во борбата, жените не уживаат во тоа. Ние жените сме за раѓање и одгледување на родот за нацијата.

Видовме, каков ужас и варварство ни остави војната со Германците и Италјанците.

Зошто пак војна? Зошто македонските жени ги повикувате масовно да влезат во војна преку таа ваша организација АФЖ!?

Во тој миг Ристо Калчунов, окуражен, ѝ викна на афежистката:
-Човек да се плаши од вас, значи, вие не грешите само спрема нас туку и спрема Бога. Па вие, другарке, добро знаете дека сите наши луѓе се печалбари и со тоа си го хранеа семејството, а вие ги прогласувате за непријатели и англоамерикански фашисти! Зошто прајте така? Ги дивите и ги анатемосувате селаните.

Неколку раскикотени девојченца гледаа љубопитно во новодојдените.

Молчете. Сакам да слушам што се случува, им реков.
Едвај успеав да се воздржам и да не се насмеам, зашто не им верував на фразите со кои се служеше афежистката, беа толку излитени што во мене будеа слика на протерана невеста од домаќинска куќа…

Ние, селските момчиња, не разбиравме што се случуваше всушност. Не разбиравме што значи навистина "револуција", само зборовите на Филе Јажин му ги паметам кога еднаш ми прошепоти и рече: - Слушај, во ваква матна ситуација нема да велиш не! Но што знаеш, можеби утре во комунизмот ќе страдаш. Такво е времето. Вие со син ми, како младинци, ќе исполнувате секакви наредби без приговор. Твоите дедовци и моите нели беа илинденци. Нема да приговараш. Ќе слушаш, можеби еден ден и ние Македонците ќе ја дочекаме слободата…

3.

И така нофтите "удирајќи ги темелите за 'иднината' на Македонците и Македонија", почнаа да му пропагираат на својот мал народ ГОЛЕМИ ИЛУЗИИ.

Активистите им се обраќаа на селаните: "Тој што денес нема да го насети здивот на советизацијата (што ја зафати цела Европа), значи, безусловно брзо ќе биде отфрлен и заробен во идното бескласно општество: во една обединета Македонија во рамките на Југославија".

А еден од нив мавта со весникот и покажува на изјавата што ја дал маршал Тито во весник "Њујорк тајмс." Во Москва во април 1945 година, во која се вели: "…Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби…"

По ова се слушна силен вик: "Ура! Ура, да живеат другарот Тито и Сталин".

Тие зборуваа толку убедливо што еден од селаните рече: "Бесмислено би било да им се застанува на патот на овие наши предани луѓе кои сета своја енергија ја насочиле кон спасот наш и кон љубовта на големите браќа Тито и Сталин".

А еден друг селанец, со прекрстени нозе, седеше на самиот крај на оградата. Образите му беа црвени, небричен, а се држеше молчаливо; со рацете отпуштени на колената. Имаше темнокостенливи очи и светлозлатеста коса. Се насмевна како на некоја блага шега. Зборуваше полека, јасно развлекувајќи ги зборовите, како што зборуваат во Костурско, а се викаше Сотир Гајдов-Ученото, син на поп Дамјан Гајдов. Се сврте кон говорникот и му рече:

-Вистинската причина за вашето доаѓање е нејасна. Ова е нечија фантазија, или добра стратегија на голем револуционер, сонувач што сака да создаде ново балканско прекројување или со тоа Тито сака да си ги реши внатрешните проблеми преку грбот на Македонците.

Ние Македонците не сме ни први ни последни што ќе бидат употребени во овој голем балкански експеримент, во кој велите: СОВЕТИЗАЦИЈА НА БАЛКАНОТ.

Чудни се времињата во кои опстојуваме. Настаните од балканските војни најчесто се случуваат зад грбот на Македонците.

Секој ВИСТИНСКИ пат е мошне тежок, но сакам да знам:

Прво, каква иднина и власт ни нудите вие? Кои се вашите мисли и дали, според вас, ние Македонците можеме да ги спречиме војната и нашето искоренување од родниот крај? Можеби денес никој не верува дека војната би можела да биде искористена во корист на туѓинците, а ние да си останеме со прстот в уста…

Кога знаете дека конечно во Грција, на 12 февруари оваа година, во Варкиза се потпиша договор меѓу раководителите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, а од другата страна владата на Пластирас и британскиот генерал Скоби, и власта е во рацете на владата и на Британците.

Второ, ме чуди тоа што не знаете дека во народното собрание на Србија, што се одржа на 10 ноември 1944 година, ставовите на Пијаде, Ранковиќ, Ѓилас и Влахов биле за ставот што вие го прокламирате: "Целиот македонски народ има желба за целосно обединување на Македонија", но само по два дена, на 12 ноември 1944 година, Јосип Броз – Тито, кога се сретнал со грчката делегација, им изјавил: "Прашањето за обединувањето на егејскиот дел на

Македонија со другите делови на Македонија не треба да се поставува". А и ставот на големиот брат Сталин бил следниот, по влегувањето на советската армија во Бугарија и истакнувањето на идејата за југословенскобугарската федерација, а особено потенцирањето на обединувањето на Македонија, што претпоставувало одвојување на егејскиот дел на Македонија од Грција, биле силни причини Черчил да отпатува за Москва на 8 октомври 1944 година, каде што со Сталин потпишале заеднички договор со кој Грција целосно паднала под влијание на Велика Британија. Набргу потоа британските сили се истоварија во Грција, а на 18 октомври 1944 година пристигна од емиграција владата на Папандреу и тој на 5 ноември издава наредба да се распуштат единиците на ЕЛАС. А со тоа и СОВЕТИЗАЦИЈАТА на Грција станува голема лага.

Зар вие не го знаете тоа и така истрчувате, што вели нашиот народ, "боси во трње". Зар со тоа не им помагате на легитимната влада на Грција и на Британците е да го дотолчат нашиот народ.

За какви браќа и каква советизација ни зборувате? - рече Сотир Гајдов и продолжи:

-Зар ги заборавате решенијата во Јалта (5).

Се прашувам, но и многу луѓе се прашуваат:
Што ќе се случи со формирањето на НОФ и АФЖ во Скопје под раководство на КПМ/КПЈ? Дали вие со овие организации, можеби несвесно по налог на туѓинците, правите увоз на револуција во Егејска Македонија! Можеби ова е време кога се помалку го посакуваме минатото. И враќањето назад. Зар македонската свест за себе, за својата реалност не е целосно свртена кон идеолошкиот активизам? Зар со ова туѓинците не посакуваат пак да не турнаат во прегратките на колонистите?

Колку сложена е историјата! Наместо по Втората светска војна да одиме право кон мир, сега се свртуваме кон бесмислена војна. Луѓето сосила ќе ги тераме, не прашувајќи ги за нивната волја. Таквата војна ќе нема оправдување.

Подла загатка. Правдата ќе биде долга и скапа: може да ни донесе геноцид.

Прво од грчката страна: зошто грчките комунисти не ја почнаа подготовката за заземање на власта, туку Елас го предаде оружјето и власта ѝ ја предаде на грчката влада на Папандреу што се врати од емиграција?

Второ од југословенска страна: зошто македонските војници кои посакаа да одат на Солун беа сите арестувани и некои дури ликвидирани, а денес токму тие што ги арестуваа македонските војници ни ги организираат НОФ и АФЖ и пак не сплеткуваат во

опасна замка, а можеби и ни ја стават повторно судбоносната ЈАМКА.

Навистина, тогаш, на 7 јануари 1944 година, имало причини да не се оди на Солун, затоа што во тоа време Британците во Грција имале (но и сега ги има) стационирано околу 200.000 војници, 400 авиони и 3.000 тенкови. Покрај нив имало и сега има околу 100.000 грчки војници, и во Солун се наоѓале, и се уште ги има, околу 10.000 војници на кралска Југославија. Сите тие биле и се уште се под команда на британскиот генерал Скоби.

Сега јас се прашувам: Вие што сакате тука? Тито, кој тогаш, разумно ги спречи македонските војници да не одат на Солун, по неполни два месеца ве праќа вас?! Вие со оваа акција на НОФ и АФЖ вршите повик за војна? Но тоа е повик за (само)убиств на сопствениот народ. Повик да се фатиме за смртоносно оружје. Дали сега со нас не се прави една голема измама?!

Зар не можете да разберете дека оваа ваша акција нема никаква врска со оправданоста или чесноста спрема соопствениот народ? Ние Македонците не смееме да си дозволиме токму на овој начин да бидеме искористени. Да го тераме соопствениот народ во војна. Со овој чин си дозволуваме да ни се наметне туѓиот тутор, и тогаш ќе мора да се помириме со фактот дека немаме реални шанси за успех во овој повик на нашиот народ во Народноослободителниот фронт – НОФ и АФЖ. Но јас сега се плашам дека по овие акции ќе не пикнат под чадорот на КПГ, а Грците се мајстори да манипулираат со нас. И токму тогаш нема да можеме да ја одбраниме извесната политичка идеја како борци да браниме извесен политички став како полезен за нашиот народ и нашата татковина.

Што мислите? Зар тоа што сега вие го повикувате македонскиот народ да се обедини со добра волја и да влезе во НОФ и АФЖ, не е нечија туѓа иницијатива потхранета од КПГ и КПЈ, а не родена и одобрена од самиот наш народ? Не знам; во овие сурови тоталитарни режими, ако некој од нас ќе може да се дрзне и да проговори за изневерените патриотски идеали, убеден сум дека веднаш ќе не прогласат за непослушни, а за таквите непослушни е познато како исчезнуваат: на робија, во прогонство или, не дај Боже – под земја, како непријатели на народот. Што мислите, ќе најдеме ли сили да речеме: народе македонски! Водачот Тито, или Захаријадис, не го спроведува она што ни го проповедаше а и вети?

Убеден сум дека никој нема да може да ја разбере вашата измама ниту ќе може да ја објасни како е обмислена оваа ваша акција преку организациите НОФ и АФЖ.

Сега си припомнувам на зборовите од дедо ми:
“Тој што не си го сака и почитува своето, тој ќе биде искористен толку пати колку им е потребен на туѓинците.”

4.

Радио Лондон јави дека состанокот на "Големата тројка" што се одржа од 17 јули до 5 август 1945 година во гратчето Потсдам близу Берлин, во дворецот Селиенкоф, во основата бил бесполезен, освен за една историска релевантна последица – отворањето на таканаречената Студена војна. Оттогаш сојузниците на антихитлеровската коалиција, Велика Британија (Винстон Черчил), САД (Хари Труман) и Советскиот Сојуз (самодржецот на СССР, Јосиф Висарионович Сталин), кои со крајни напори успеаја да го победат германскиот фашизам, престанаа да се сакаат меѓусебе, отворајќи ја онаа етапа во поновата историја што дури подоцна ќе го добие името Студена војана.

Токму на конференцијата во Потсдам, Винстон Черчил ја формулира синтагмата за "железната завеса" што ја означи поделбата на Европа на сфери на интерес.

5.

Грчката реакција ја оквалификува организацијата НОФ како предавничка, автономистичка и крајно "опасна" за националните интереси на Грција. Но истовремено се одговори и ЦК на КПГ (април и јуни 1945 година), на XI и XII пленум на ЦК на КПГ, и донесе одлуки кои се карактеристични по игнорирањето и фактичкото непризнавање на македонското НОД, односно НОФ. И со тоа беше отворена фронтална борба против водечките кадри на НОФ, односно против сите Македонци кои членуваа во овие организации.

Во врска со тоа на XII пленум на ЦК на КПГ (јуни 1945) се вели: "НОФ, со брзото омасовување и со своите воени формации, опасно ги загрозува грчкиот карактер на Македонија, грчките позиции и интереси во неа, територијалниот интегритет на грчката држава".

Практично, со прогласувањето на таквите ставови, односно за територијалниот интегритет на Грција, што е "загрозен" од македонското НОД, организирано и сега во НОФ, се јави како повик до грчкиот народ во Македонија и цела Грција да се бои против НОФ, да ја спаси Македонија, зашто се стравуваше дека Тито имал "Завојувачки планови против грчка Македонија и сакал да ја присоедини (анектира) Егејска Македонија".

---

4 "Водечките македонски активисти, осудувани од КПГ, беа прифатени од КПМ/КПЈ. Со јавна поддршка на КПМ/КПЈ се конституира Политичка комисија за Егејска Македонија (октомври 1944), се формира Првата македонска егејска бригада (ноември 1944), а потоа, наместо нив се формира сенародна политичка организација,

народен ослободителен фронт – НОФ (истовремено АФЖ и НОМС во април 1945), чија военополитичка активност наскоро стана основен белег на времето во тој дел на Македонија.

5 На средбата во Јалта е договорена поделбата на сфери на влијанието и границите да останат статус кво.

Глава 2. - Од прегратките на КПЈ во прегратките на КПГ

Врз основа на договорот меѓу Тито (КПЈ) и Захаријадис (КПГ) од 14 октомври 1946 година, набргу пристигнаа претставниците Караиванов (6) од КПЈ и Јоанидис од КПГ и ја прогласија следната спогодба: "Македонската организација НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминуваат во целост под КПГ, а вооружените од НОФ, малите македонски единици, поминуваат под команда во ДАГ и под раководство на генерал Маркос (7)".

Пак диктат, послушност и свиен 'рбет.

1.

Мај 1946 година, шурнаа големите дождови врз селските куќи, улиците се наполнија и од нив истекуваше голема вода како грозоморна и горчлива река. Глибаа селаните низ матните води, а добитокот одвај исплива, но некои од послабите добичиња беа однесени од водата.

Ова беше прва пролет на големите потопи.
Потоа се појавија стравотни водни стии и со своите грозоморни сенки и морничави пиштења ги нагризуваа мајските ноќи, чиниш сакаа на селаните да им ги урнат домовите, да им ги избришат спомените, да им го помрачат умот пред Бога.

2.

Селото Рудино, по верување, беше поделено на два табора и тогаш настанаа конфликти и раздор. Предвоеното чувство на колективност, пријателството и дарежливоста кога меѓу селаните се даруваше и тоа што на секој му требаше повеќе отколку на некој друг, се изгубија, она што претставуваше душа во две тела, се се изгуби и завладеаја "инстинктивните чувства". Дури и поголем дел од луѓето беа родени како недоволно љубопитни за судбината што ги чека.

Новите настани со доаѓањето на НОФ и АФЖ предизвикаа и радост и страв. Се беше во потрага по своето исчанчено место. Проблемот се појви и се очекуваа спротивни мисли дека идеолошките проблеми ќе раѓаат нови проблеми.

Во тие денови селаните зборуваа само за исти нешта. Имаше денови кога тие околу тебе, тие со кои можеше да се поздравиш, да ги гледаш, имаа различен израз на лицата, радосен или тажен. И, за големо чудо, оттогаш до ден-денешен селаните од Рудино и од околните села не се променија ни трошка. Од нив се изродија се некакви кодоши, предавници, лицемери, ситни профитери,

подлизурковци и какви уште не мизерни изроди кои, како по некое правило, застапуваат туѓи агенти и интереси.

Тие луѓе, кои селаните ги нарекуваа “расипани од комунизмот”, го сочинуваа мнозинството од учесниците во сите селски одбори на овие новодојдени организации.

И, според нив, се именуваа како национални институции. Сето тоа беше како на панаѓур, со некаква лунапарковска националистичка свест. Самиот факт дека народот се повикуваше на револуција, во крајна линија беше бесмислен и шуплив, зашто идејата беше туѓа. Цинизмот на КПЈ за грижата за Македонците може да се изрази со еден збор: Југославија во 1944-1945 година сакаше да си ги реши внатрешните проблеми.

Меѓутоа, имаше и друга категорија луѓе, “внимателни и нерасипани”, кои апстинираа од светот на политиката.
Една пролетна вечер во1946 година, на Велик петок, на сретсело во Рудино, под големиот чинар, седевме на дрвени столчиња и пеевме стари македонски и револуционерни песни. Забележав како темните интелигентни очи на Сотир Гајдов, кружејќи наоколу, запреа на моето лице. Тој ме гледаше со блага насмевка, можеби затоа што бев најмладиот од селските ергени.

Тој тукушто беше вратен од островот Макронисос, каде што бил осуден на смрт и долго лежел во самица, а тоа било место на болка и мачeништво, каде што страдаат осудените луѓето сами пред својата смрт.

Целта на власта била да го натера да се откаже од своите политички и национални уверувања и од Комунистичката партија и да го доведе до таква физичка и психичка исцрпеност, што нивото на безнадежноста ќе достигне до точка да биде подготвен да умре.

Во самицата останал се до зори, кога се извршувале стрелањата. Еднаш го прашале: “Каква смрт сакаш?”

Сотир им одговорил: “Ве молам, сакам да ме убиете за да ја напишам последната песна за жената на моето срце…”

Екзекуторите му рекле: “Да ја чуеме!”
Тој кратко им одговорил: ”Не ја пеам од страв да не ми ги изгори усните…”

* * *

Понекогаш гласно пеел илинденски песни и ги пишувал писмата до љубената:

“…желбата ми е да не носиш црнила, да не плачиш да не редиш кога ќе ја чуеш лошата вест”.

За секој затвореник, изјавите на покајување биле клучна фаза во процесот на иследувањето и малтретирањето на затворениците, тие

методи биле воведени уште при владењето на Метаксасовата диктатура (1936 – 1940).

Затворениците можеле да бидат ослободени и пуштени дома, па дури и смртната казна да се замени доколку се откажат од своите идеи. Тоа го сторил и Сотир Гајдов, но по покајувањето беше доведен до разочарување и пред секого беше сомничав, човек со изгубена доверба, дури и за своите најблиски другари.

Тој во својата изјава за покајување напишал:

“Изјавувам дека ја осудувам Комунистичката партија и се срамам што бев најзин следбеник. Ги повикувам сите заведени млади да не им веруваат на комунистите…”

Сега за Сотир Гајдов велеа дека тој е човек кој и во такви мигови, својата мисла, својот израз на лицето не ги споделува со другите. Тој човек не е како другите и сега дури не верува ни во Господ. Значи, Гајдов одмна расчистил со црквата и со крстењето. Како и сите ние задоените од идеолошкиот активизам.

Тој вели:

-Мојата генерација беше формирана од протестите и полициски палките, од надежите генерирани не само од комунистичките идеи туку и од Илинденското востание во 1903 година. Се откажав од религијата, поради што многу жалам до ден-денес носам вина спрема татко ми, поп Глигор Гајдов, кој беше многу набожен до крајот на животот.

Сум тврдел: Господ треба да е безгрешен, и единствено совршен, а ние комунистите велевме дека не е, а дека такви безгреши и совршени биле само комунистичките Водачи, родени од народот. Но за многумина од селаните не е најлошото тоа што тој сега не сака да верува во Господ, туку тоа што во последно време почнува да ја губи вербата во лицето на комунистистичките Водачи – “новите богови”. Тој одамна престана да верува во таквите богови. Кога би имал можност, сигурно би ги прашал:

“Каква е смислата на нивното создавање на несреќни луѓе? – Талкачи!”

Ние Македонците се уште немаме таков голем човек кој ги разбира потребите на времето, бедата на својот народ, кој умее правилно да ги утврди причините и националните приоритети.

Подоцна, се убедив дека комунистичкото движење (КПГ) имаше многу патишта кон стратегијата, и повеќето од нив беа конвергирани со национални традиции (заемно се приближуваа, се стремеа кон иста цел), но потоа се покажа дека нас Македонците по Втората светска војна, таа иста КПГ крвно не гонеше…

Сега, по спогодбата во Белград, склучена меѓу Тито и Захаријадис, македонските организации НОФ и АФЖ го изгубија своето соочување со политичкото насилство од КПГ и КПЈ. Тие сега

се задушени и не можат да создаваат ’нова национална свест’, надвор од овие партии. КПГ ќе става безброј препирки и од нас Македонците ќе бара сами да ја фалсификуваме историјата и постепено да отфрламе значаен фрагмент од националното вековно наследство.

Ете, на пример, сите Македонци што се мобилизираат во редовите на ДАГ се именуваат како Славомакедонци, но уште пострашното е дека тие што ги праќаат во штабовите во длабината на Грција им сугерираат да зборуваат само грчки, да си ги кажуваат имињата и презимињата на грчки.

Причините се јасни!...

Но нејасно е тоа што тие стануваат и “наши” богови, поставени и наредбодавци на организациите НОФ и АФЖ во сите македонски села и посакуват Македонците да ги направат следбеници на Маркс. Нофитие и афежистките и инсистираа дека религијата, митот и етницитетот биле прединдустриски сили што ќе ја загубат својата важност како фактори што ја менуваат историјата. Тие пропагираа против основните начелата на конзервативизмот што совршено беа поставени од Вилијам Фокнер: “Минатото никогаш не е мртво. Тоа дури не е минато”. Сега проповедаа СОВЕТИЗАЦИЈА, чудни прашања, имајќи ја предвид специфичноста по поделата на Македонија и Македонците, чии обединувачки структури беа КПЈ и КПГ, што се засновуваа врз… “Бог да чува!”

Тие сега спроведуваат решенија што ги донеле Тито или Сталин. Манипулираат со мислата и чувствата, и од селаните прават двојни суштества и двојни ликови и полека во нив се јавуваат изроди и немаат ништо заедничко со нашиот интерес.

3.

Еден ден Сотир Гајдов седеше сам под големиот чинар и гледаше во старото разгрането дрво. Со измамени чувства на чудење и неверување. Тој понекогаш останува таму до глувата рудинска ноќ ги прелистува своите белешки и пребарува по сеќавањата на прочитаното, а чувствува дека покрај него татни историјата: Илинденското е толку херојско, толку величествено, а толку малку познато. Но, сега гледа со горчина на поданството и на изневероноста. Чувствува болка во душата и не може да се начуди поради пропагирањето што го вршат афежистките кои посакуваа да ја турната македонската жена во оган и во најгнасната војна. Да ја опустошат македонската куќа, да ги обезличат македонското семејство и неговите традиции на матријархатот, а тоа не го прават Грците и ниту им паѓа на памет да формираат такви организации што би ги турнале Гркинките во омраза и убиствена војна.

Размислува Сотир Гајдов за овој голем пораз, што ни го донесоа нашите од Титова Југославија, а не е по волјата на Македонците и дека сето тоа полека и итро не турка во сопствен геноцид.

Ме опули молкум и ладно ме гледаше.
Изгледаше смртно уморен. Веројатно многу претрпрел, со години, затурен на сувите каменити грчки острови.

Се загледав кон него со почит и го прашав:

-Нешто сакате да ми кажете?

Молкум одмавна со главата и рече:

-Ништо, момче, јас ништо, само така… - чиниш му недостигаа зборови.

Ме гледа милосно и со доверба, како стар пријател на татко ми и на нашето семејство. Тој и татко ми на млади години биле побратимени и крстени во една вода.

Доближувајќи се да се поздравам, му велам:

-Но се разбира дека сакате нешто да ми кажете.

Но сега Гајдов длабоко се замисли.
-Или ќе ми дозволите јас да ве прашам нешто што навистина одамна сакам да ве прашам:

-Дали ние Македонците по доаѓањето на НОФ и АФЖ ќе си ја одредиме сопствената иднина или со оваа нивна акција ќе не снема од овие наши прадедови корени?

Кимна со главата и почна да зборува:
-Зар и ти го чувствуваш тоа?

Политиката е навистина сурова работа, денес си тука утре те нема. За жал, и сега, по Втората светска војна, со НОФ и АФЖ пак сме измамени, кога светот е поделен од големите сили и е спуштена железната завеса. Но нам, на Македонците, еднаш треба да ни стане јасно дека со овоа што го прават НОФ и АФЖ, ние можеме да падниме во нова војна и само ќе се саможртвуваме за туѓи интереси.

Денес цел свет знае дека во Белград се договараат Тито (КПЈ) и Захаријадис (КПГ) како ќе се развива Граѓансаката војна, а нас Македонците не нема. Но, најстрашното е тоа што по постигнатата спогодба меѓу Тито и Захаријадис, Колишевски (КПМ) во Скопје ги собрал водачите на НОФ и АФЖ и им рекол: “Сега вие одете долу (во егејскиот дел на Македонија). КПГ е вашиот раководител. Да имате верба во нив. Нејзината политика за македонското прашање е јасна. Какво било прашање што ќе ви се појави, ќе го решавате со раководството на Партијата. Внимавајте, не одите како фракција во Партијата, туку да се ставите под нејзино раководство. Борете се за зацврстување на борбеното единство со грчкиот народ, и борете се сите и со сите сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалистичките тенденции”.

Ете кој ни ја стави на врат и добро ни ја затегна идеолошката јамка на комунизмот. Токму таа јамка направена од КПЈ, сега врзана од Колишевски (КПМ) во Граѓанската војна беше најсурова, најкрвава и најбезбожна. Ропски синџир – неразјаснет до ден-денес.

Може ли некој да поверува дека Л. Колишевски не знаел (или знаел) дека идеолошките водачи на Граѓанската војна беа само Грци и тоа повеќе од 70% беа колонисти (пондии – маџири) кои беа донесени во Македонија 1924 година и дека ние Македонците не учествуваме во креирањето на политиката на КПГ и дека во составот на ЦК на КПГ и во Полит-бирото немаше ниту еден Македонец. Како можел да не знае дека нема ниту еден Македонец од високите кадри (Генерали, полковници и политкомесари) на Главниот штаб на Демократската армија – ДАГ?

Како можел да дава инструкции на НОФ и АФЖ да го повикуваат Македонскиот народ на масовност со своите пароли:

“Ниту еден Македонец не треба да се најде надвор од организациите НОФ и АФЖ! И основната порака кон Македонците им била: КОЈ, АКО НЕ НИЕ? И КОГА, АКО НЕ СЕГА?”.

Со таквата насилна масовност, ние Македонците под Грција дозволивме “мекото етничко чистење” да се отвори преку КПГ и сами да си ја испишуваме црната страна на црвената книшка.

-Зар сето ова не го потврдува феноменот на нашата поданичка свест? Де кон КПЈ де кон КПГ?
Ми се чини дека ова е најстрашната смртоносна идеолошка измама. Што мислите вие?

Гајдов ме погледна љубопитно и ми вели:

-Откако постои свет и век, постои и една чудна сорта луѓе чија основна професија е поданството. Тие се со вроден елемент, па дури и независно од полот. Ете, сега имаме и афежистки.

Но меѓу активистите на НОФ и АФЖ имаме моќници и поданици кои беа и се уште се опиени од сопствената моќ и овој тип луѓе имаат заборавено што е направено со македонскиот народ, реално ги имаат изгубено контактите со реалноста, било да се поданици на КПЈ или на КПГ.

Силата на овие лидери, независно од нивото и лидерството, произлегува од нивните поддржувачи, во чија основа е карактерот на дистрибуцијата на моќта која, покрај другото, се самообновува во мигот кога од неа профитираат и оние кои не ја поседуваат директно.

Овој тип личности се помалку се грижат за тоа дали имаат вистински пријатели, искрени соработници, блиски луѓе со кои ќе можат да ги споделат тагата, болката или, секојдневните животни радости. Луѓе кои ќе си поприкажат за она што било некогаш и со кои, дури и молкома, ќе помуабетат за она што ги мачи, притиска, гризе, што ги прави несигурни, нервозни или разочарани.

Сега, по ова, меѓу нас Македонците ќе настане ново пребројување: чиј си и кој си? И со кого си бил досега? Борба за ново престројување, и од Македонците се бараше сервилно и ропско расположение.

Но согледувањето на причините и мотивите на Тито за таквата инволвираност во грчките работи по Втората светска војна бара опстојно истражување. Објаснувањето на југословенските раководители дека тоа го правеа само од интернационалистички побуди не е многу убедливо. Зошто? Затоа што проблемите почнаа да се зголемуваат во есента 1948 година, кога Југославија почна да влегува се повеќе во прегратката на западните сили.

Овој нов свет, за нас Македонците, се повеќе станува голема агресивна арена, а можеби и отсекогаш било така, ама сега прв пат ги гледам работите одблиску, и сфаќам дека колку си поагресивен толку си појак, колку поголеми мускули имаш толку повеќе можеш да заплашуваш. Сега се создава свет во кој веќе нема место за малите народи, нема место за искрено и наивно достоинство, нема место за принципиелност. Во овие војни, со кои управуваат големите сили, на малите народи им преостанува или да се приспособат или да го напуштат рингот.

Токму тоа сакам да кажам, дека тоа важи за нашите НОФ и АФЖ. Ако го сторат тоа и се откажат од таквите авантури, можеби ќе ги зачуваме народот и татковот огниште.

Историјата кажува дека многу изроди одиграле клучни улоги за судбината на македонскиот народ, се разбира, секогаш со негативни последици.

Како што се менуваат времињата така и тие се приспособуваат кон состојбата, земаат одредена форма, но суштински остануваат да преживуваат во смрдливите прегратки на туѓинците.

Се јавувале во најразлични форми тогаш, а се јавуваат и денес. Се појавувале и во војната, но се појавуваат и денес, по завршување на војната. Денес се појавуваат по потреба, периодично, но сега тоа го прават во овие бурни времиња, кога светот е поделен од големите сили на сфери на влијание – токму во нивни интерес и тоа се битни случувања, кога се донесуваат клучни одлуки за судбината на многу европски народи, а ние не можеме да ја согледаме иднината на македонскиот народ.

Ме растажуваат невнимнанието, наивноста или непромисленоста на НОФ и на АФЖ. Тие, опиени од туѓата пропаганда, не можат да ја согледаат другата страна на животот, која е посурова и поболна. Принципите на доминација на посилниот пак излегоа на површина. Белград и КПГ силно ги притиснаа немоќните активисти на НОФ и АФЖ за да се приклучат во ДАГ и да извршат коренити измени националните програмски цели на Македонците.

Денешните изроди, излезени од утробата на селаните од Рудино, се дел од македонскиот народ и се маскирани во разни форми: од "квазиреволуционери", излитени "политиканти" до слични на нив модерни душегрижници. Претежно се водени од локалните балкански центри на моќта а одработуваат и локални партиски центри слични на НОФ и АФЖ. Тие се тука, внатре, го познаваат менталитетот на народот, му ги познаваат навиките, начинот на размислувањето, и затоа се многу опасни. Затоа и знаат како да дејствуваат, го чекаат само сигналот, црвената светлина, и веднаш се стават во функција. Ги задаваат ударите однатре, знаат каде боли најмногу, целта им е да го истоштат народот, да го турнат на колена. Такви им се иструкциите на овие наши што се дојдени од Југославија, кои и даваа шанси на црната грчка реакција крваво да се пресметува со обичниот македонски селанец.

4.

Со победата над фашизмот, во Варкиза се потпиша договорот и настана предавањето на оружјето од ЕЛАС, почна инсталирањето на новата власт. Се поставуваа полициски сили и одреди на националната одбрана низ цела Грција. Власта и Англичаните им дадоа на овие сили карактер на безбедносни баталјони за чистење и ликвидација на непријателските елементи.

"Новата жандармерија" апси под обвинение за "убиства". Војниците и жандармеријата продолжуваа да ги кинат сликите на генералисимусот Сталин и на грчките комунистичките лидери. Националната гарда и разни експедициони воени одреди вршат претепувања, апсат без налог, палат куќи, вршат кражби и убиства. На селаните им преостанува да се кријат во планините, а тоа значи дека македонското семејство не владее со својата куќа.

Во Грција почна уште поголем и нечовечки терор против населението, посебно над македонското, и против учесниците на ЕЛАС, како и против македонските организации, комитите и се што посакуваше да има македонски идентитет. Таквиот терор го вршат специјалните единици кои беа вратени од емиграција во Каиро заедно со кралот и со диктарорт Георгиос Папандреу. Тие беа организирани како специјални единици за борба против герилата и се нарекуваа "Мавроскуфидес" (Црнокапци) кои без милост го гонеа населението; со затворање, тепање и стрелање без судење на луѓето што се протиставуваа. Тоа го правеа за да можат полесно да го оформат државниот апарат и да ја зацврстат власта. Големата тромократија (народен терор), особено против тие што беа учесници во движењето на СНОФ и комитите, беа уништувани без милост.

Така почна војната, ги подели луѓето, ги уништи семејствата, роднинските врски, пријателството. Од едната страна велеа дека се

вистинските патриотите “спасителите на нацијата”, а од другата беа “комуњарите”, предавниците.

Селаните секогаш беа на штрек, секогаш проверуваа наоколу пред да кажат нешто. Еден збор што не е наместо и можеше да му летне главата или да му се запали куќата. Токму во таквото време не можеа да помогнат ни НОФ ни АФЖ.

---

6 Караиванов бил специјален Титов разузнавач, агент на советската НКВД и инструктор на Коминтерната.

7 Непосредни соработници и инструктори на генерал Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, Мишо Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија. (Види КОС и УДБА – Акциите и документите на тајните служби.)

Глава 3. - Масовните мобилизации ја обезмакедончија македонската куќа и конечно Македонците беа турнати во челуста на сивилото

По измената на програмската цел на НОФ и АФЖ, досегашните политички пораки на НОФ и АФЖ (илегала) стануваа нејасни, иако некои од Македонците уште ги доживуваа како национални. По препораката на КПЈ/КПМ, веднаш се релативизиравме, и од се направивме пустош. НОФ и АФЖ, место да престанат со (само)жртвувањето и да ја напуштат масовната политика како борба на живот или смрт, со покорна послушност уште повеќе ја засилија мобилизацијата, но сега со невидена емоционална зараза и сервилност спрема КПГ, повикувајќи ги Македонците да се борат во сојуз со грчкиот народ за спасување на македонскиот народ од физичкото истребување.

1.

Кога пристигнавме во штабот на "Εμπεδα" – центарот за воена обука, не пречека штабниот офицер и не поздрави. Потоа малиот ансамбл и трупата свирачи "Каратимиост" запеаја песна. Тоа беше една од оние радосни и распеани мелодии со борбен и револуционерен дух, што имаат моќ да ги растреперат невидливите струни во срцето на младиот човек. Го слушавме овој стих и сите стоевме восхитени. На импровизирана бина беа станати сите офицери на штабот и ја пееја песната.

Но свирачите неочекувано, по таквиот наш восхит, го засвиреа омиленото партизанско оро "Елено моме" и сите 350 регрутирани момчиња се наврвчивме како луди на орото што го свиреа долго и без починка. Сега офицерите ни ракоплескаа, а со тоа не потсилуваа и музиката и нас играчите.

Така било со сите новомобилизирани. Тоа беше "полнење на батериите со борбен дух", како што рече еден од постарите партизани.

Прва што милостиво ни пристапи и се ракува срдечно со сите нас беше Рула. Беше облечена во костум со зеленикава (каки) боја. Во него се чувствуваше како најголемите ѕвезди кои се облекувале во духот на белата рафинирана елеганција и се појавувале на подиумите, како Мерилин Монро, симболот на Холивуд. Рула, сега со таквата андрогенска енергија, тоа го прави низ земјанките на Грамос. Ни пристапуваше енергично и грациозно. Ни доаѓаше со исправена става и лесно крената глава. Неволно ја споредив со постара срна која бара партнер.

Секој секого го прашуваше: “Ја виде ли Рула? Прекрасна е, нели?” – вака гласеа коментарите на партизаните од нашиот баталјон.

Рула се китеше. Околу вратот носеше црвена шамија. Тоа беше на мода и значеше верност и љубов кон идеологијата и партијата. Таа сакаше да биде предмет на внимание и на восхит. Живееше со убедување дека на мажите треба да им се угодува во се, за да ја стекне нивната наклоност. Се додека самата не сфати дека и таа има право на љубовно внимание и нежност, таа ќе се повторуваше како “жртва”.

Веројатно има прочитано дека црвената боја е еротска боја. Таа е итра, тоа го прави за да им ги крене хормоните на постарите офицери, - рече Андонис без никаква злоба и продолжи:

-Излишно е да се зборува дека чевлите, чорапите и црвената шамија многу кажуваат за лицето што ги носи. Елегантната жена не е само убаво облечена и нашминкана. Треба да ја красат убави манири, грациозен од, нежна насмевка, магнетизам што неодоливо ќе зрачи и ќе привлекува.

И велам:

-Ти си совршена партизанка. Ако во Атина жената е огледало на својата чанта, тука на Грамос, жената е огледало на револверот, а ти го имаш тоа…, а таа гракна да се смее и, раскикотена, ме прегрна.

Еднаш, ја прашав:

-Зар ќе дотераш до жена на генерал?

Ми одговори:

-Што знам. Во мојата љубов нема голем промени.

Во тој миг се јави и Андонис:

-Но по нејзината емоционалност, се гледа дека и натаму е можно. Таа живее напната и незадоволна од изборот.

Утрото на 10 октомври, од длабок сон ме разбуди гласот на стражарот, кој имаше една пократка нога и брадавица на големиот месест нос.

Нашиот голем марш траеше неколку денонoќија додека не ја изминавме маршрутата од Преспа до главниот штаб на Епир и Антихашија, во месноста Вовуса, под големата и највисока планина Смолјакас.

Ги изодивме сите патишта, ги минавме сите планини, преминавме реки без да узнаеме зошто ги напуштивме македонските предели и талкаме, длабиме кон Епир, кон непозната предели, така загубени без цел.

Еден меѓу нас знаел зошто не носат по такво невреме, по стрмнини и беспаќа, а збор не изусти. Кога стигнавме во логорот, тој ги крена рацете кон небото и промрмори збор што никој не го разбра. Застана исправен на највисоката карпа и чиниш од олтар Господов, остави глас на збогум и се стркала прудолу по сурите карпи. Со

денови велел дека немало зошто да се живее далеку од татковината, од нашата Македонија.

Напишал проштално писмо, но тешко се читаше од засирената крв: "…лагата е најопасното оружје на политичката доктрина. Во неа нема ниту грам вистина или моќ. Напротив: лагата на луѓето што се нарекуваат "црвени" и на револуционерот Филе Јажин била само за да се забрза нашето самоуништување…"

2.

-Животот се живее сега, затоа што не знаеме што ќе се случи утре, - рече Рула и продолжи:

-Сам човек ти е како само дрво на ридот. Него ветрот може да го шиба од сите страни да го свива, да го крши, но не го откорнува. Никој не умрел од самотија, но сите знаат дека ништо не боли повеќе од самотијата. Ама ова изгледа веќе ни е судбина, зашто, ако човек е реален, не е ли чудо тоа што ниту една девојка не би посакала да живее во ова задгорје. Што живот ќе биде тоа во планините и во ладните земјанки? Не сум сигурна што ќе биде и каде ќе не однесе животот… Со кого, како, а богами и зошто ќе живееме. – разочарано ја отвори душата убавата Рула, тресејќи се од сувата папрат што беше и се изналепила на облеката.

-Дрво се пресадува дури е млада фиданка, а јас фиданка веќе не сум. Ме мобилизираа сосила, и сега сум партизанка!... Сега нема ноќ да не барам чаре за самотијата… Ако не сте вие, младите диви момчиња, од каде ли би собрала сила за сево ова?

-Ех мој побратиме, војна е, оттука е и големиот страв. Секоја жена си ја бара својата независност и слобода, но од друга страна, како никогаш досега, има потреба покрај себе да има силен маж на кого ќе може да се потпре. Можеби кај мажите нешто друго се случува.

Останав збунет и во себеси си велев: "Можеби ова е време кога се отвора срцето и се покажуваат чувствата. Нова ера во револуционерните чувства?"

И одговорив:

-За мене знам, а можеби и кај други е така. Сакам да имам покрај себе чувствителна жена, мила и страсна.

Рула, облеана од октомвриското сонце, нежно се насмевна и веројатно остана да живее со уверување дека порано или подоцна ќе го сретне својот принц на бел коњ. Ја пребаруваша раницата, извади корка леб, ја преполови и ми ја подаде.

Ми рече:

-Не знам зошто, но тебе можам да ти се доверам. Ако се омажам, сакам да ми бидеш побратим.

И кимнав без збор.

Настана тишина. Сонцето се затскриваше зад боровата шума и почнавме да се прибираме во земјанките. Кољо ме фати под рака. Му скршив од корката лепче и му кажав кој ми го даде, а тој ми рече:

-Таа те мами со корка лепче да ја кутнеш барем еднаш во папратот, ама ти како во песната: “младо не знае да…” и почна да се смее.

Огнот беше разгорен, а токму таа вечер до зазорување ги пеевме песните: ”Малка мома цвеќе брала, негде в гора зелена”, “Три години, ле, Кате, три години, ајде де три години, ле Кате, болен лежам”, “Да ти пукни, мила мамо најмалото, ој леле леле, мила мамо најмалото”, “Ајде мојто либе болно лежи, болно лежи на постела”, “Ангелино моме (а некој Рула моме), што си толку нажалено, дали глава те боли или половина”, “Не надевај се мори моме Руле, јас сум стар човек”, но највесела беше песната, пеана од мојот Кољо: “Мама ми плети шарени чорапи, дали да ги носам или да ги пуљам…” која ја прифатија и Грците, но, бидејќи не ги знаеја зборовите, ја пееја само мелодијата.

Глава 4 - Тага, љубов и војна

1.

Најпосле, ете го тој час. Налегнати сме на многуслојниот папрат, а во огништето дотлеаните цепеници одвај од нив се јарчи едно пламенче. Рула влезе нечујно и кацна над оголениот буков трупец и со долга прачка не пробудува, не буди од длабокиот сон.

Прв пат по неколку месеци ја видов во земјанката и, кога се расонив добро, што да видам: задницата и беше цврста како тапан, а телото извишено како руска бериоза

-Ви дојдов на гости, ej диви момчиња!

Во нејзините очи болскаа жарчињата и лесното пламенче што и ги истакнуваше контурите на симпатичното лице.

Што и да беше вистинито, од нејзиното доаѓање во нашата земјанка, од лесното прекрстување на нејзините нозе, од таинственоста на нејзиното лице, можеше да се почувствува огромната напластена тага.

-Ej, генералката дошла да не види, - рече Спирос кој, пред да се омажи Рула, најмногу и се додворуваше, ама сите знаевме дека таа го одбиваше со зборовите:

-А море, старо петлиште, и ти посакуваш да ти бидам невеста.

Но сега му се обрати со видлива иронија:

-Изгледа по навика, стариот петел прв пропејува. И сите гракнавме да се смееме, па дури ни се придружија и уште недобро расонетите. Спирос остана со зината уста.

Тој рече со бележита лутина:

-Знаеш што рекол Платон: "љубовта е машавина од мед и отров: понекогаш е слатка, а најчесто отров". Ти да не го изеде медот попрва од генералот, па им се врати.

Рула му одговори:

-Знаеш ли кој ми беше маж?

Претпоставувам. Некој како мене што го одминала љубовта…

-Не, туку треба да знаеш дека љубовта е како жолтица; сите треба да ја поминат, но тој ја поминал во гимназиските години. Тој сега е чуден: другите не можат да дојдат до збор, зашто само тој зборува, сака да се шегува и да ги наградува само лојалните. Кај потчинетите бара признание дури и на емотивен план. Ако не го прифатите неговиот стил, може да бидете ставени настрана или да се откажете од зависноста. Јас се откажав, затоа што сум храбра.

Спирос беше пргав човек на триесетина и некоја година и тукушто имаше завршено курс по марксизам и беше на листата за назначување на политкомери. Имаше дозволи од највисоките партиски инстанции за работа на доверливи работи, но сега секој го

одминуваше во разговорот. Имаше кафеава коса, долгнавесто лице со еднонеделна млада брада. Носеше врќести панталони со каки боја и блуза од англиско потекло. Во големиот џеб имаше пакетче со преврски и лекови. На ременот од панталоните имаше закачено рачна бомба "милс", а знаеше дека тоа го прави како одан и верен војник на маркосовите партизани.

Спирос, како што го дал Господ брз во мислата, гледа и нестрпливо, промрмори:

-Затоа го напушти? Знам дека мажот не се менува преку ноќ. Тебе некако ти успеа дури да го промениш и својот изглед.

Рула му одговори без лутина:

-Се прашувам дали има некој што е доволно луд да го каже тоа што навистина го мисли. Понекогаш мислам дека цивилизацијата, каква што ја познаваме, ќе се распадне доколку сите бидеме сосем искрени.

Но со него има што да се научи поради долгогодишното искуство. Народот вели "За да има човек нова визија за иднината, веројатно е неопходно да има вистинска слика и за минатото".

Спирос и дофрли иронично:

-Какво искуство, кога велиш дека со тебе му е прв брак? Ако навистина му е прв брак, кој е најдобриот совет што си го добила од него?

Рула го погледна напреку:

-Има многу работи. Треба е да сте свесни за положбата и ситуацијата. Тоа ми послужи да го искористам за мојата кариера. На пример: ти Спирос, стари петелу, што би и дал на една жена – борец на ДАГ?... Не дај Боже, да не и дадеш жешка љубов!

Сега, во оваа смртоносна војна ти текна за жена. Ти многу работи не сфаќаш. За среќа мажот треба толку да го сакаш, а тој треба жената многу да ја сака и да не се обидува да ја разбере. Ти знаеш дека неженетите мажи живеат пократко од жените, ама затоа женетите имаат помала желба за живот.

Опиши го првото твое љубовно разочарување.

Спирос и одговори:

-Љубовта не ме разочарала, туку луѓето. Љубената не сум ја нашол, се уште. Жена која треба да ги заборави своите грешки, зашто нема смисла двајцата да паметат исти работи.

Рула се насмевна и рече:

-Најголемата лага што сум ја слушнала досега од старо бекариште. Ти треба еднаш да разбереш дека жената се мажи со надеж дека ќе го промени мажот, ама ако тоа не и успева, тоагаш ќе сфати каков маж има.

Разбери дека е среќен оној што умее да сака! Нели е среќа да бидеш сакан? Но ти во животот си се сакал само себе. Да сакаш друг, тоа е најголема среќа. Ама ти, стар петелу.

Спирос се почувствува предизвикан и и рече:

-Што би направила ако момчето те изневери?

Рула, задоволна од ова што го откри кај Спирос, му одговори: -Би му се извинила поради својата несовршеност. А тоа можеш и ти да го сториш ако се погледнеш во огледало, но тука, во планината, такво удопство немаме. Останува само да се помириме; какви сме такви сме.

-Како знае генералот дека си вљубена во него?

-Се ми оди од рака.

Спирос, иако знаеше дека претерува, сепак ја праша:

-Тој ти го подари револверот? И овој период во животот ти е најубав? Си станала пиштолџија!

И сега одеднаш беше исполнет со страшна љубомора кон генералот и рече:

-Бакни ме еднаш, - клекнувајќи и прегрнувајќи ја преку рамото. Но Рула се истргна и со студен глас му рече:

-Те молам, тргни се!

Рула рече:

-Да, тој ми го подари револверот. Но ми подари и рамка за фотографија. Тоа го стори кога сфати колкави беа мојата страст и емоциите што ги имав спрема него.

Спирос беше изненаден:

-Тоа е многу егоистично од негова страна, нели? Можеби почувствувал некаква несигурност и се исплашил дека ќе го заборавиш или, не дај боже, ќе го оставиш?

Зар не ти се чини дека таквиот подарок е многу самобендисан? А со што може најмногу да те извади од такт? Еден дофрли "дијамантите се најдобар пријател на жените".

Рула смирено рече:

-Да, со овој подарок сигурно сакал да ме натера да ја ставам неговата фотографија на која беше сликан со генералската униформа во таа рамка и да ја имам постојано меѓу моите најинтимни работи.

Ех мој стари петелу, кога љубовта ја нема, токму во таа рамка останува да се врамат тајните на љубовта, на стравот и надежта.

Со него е мошне пријатно и да се расправа за филозофијата на животот. Има оригинални илузии. Генералот вели:

'Правилата на животот се необјасниви, но чекорејќи кон комунистичкото општество, сите маки на човекот (на работничката класа) ќе се решат'.

Смета дека: 'најважната работа е борбата против капитализамот.

Ме сфаќате?' ќе прашаше тој. 'Се има на овој свет, и треба да го живееш своето, а не да плачеш затоа што не си свој или немаш ова или она. Затоа што се бориме, веруваме дека еден ден ќе му се радуваме на комунистичкото општество или, ако не ние, тогаш идните генерации.'

Во тоа цврсто верува генералот, - рече Маргарита. Таа беше на нозе – лицето и беше вледо и во ужас. Сега се загледа во нас тргнувајќи накај излезот од земјанката.

Јас, Леонидас и Андонис не отворивме уста. Се сетив на зборовите на Леонидас: "Човек не смее да му создава болка или друг вид страдања на друг човек. Човек не треба да користи насилство, дури ни над растенијата и над кое и да било живо суштество". Леонидас лежеше до мене и слушаше. Тој беше воспитан и потекнуваше од попска фамилија, ама и учел на високата школа по теологија. Го имаа мобилизирано и не беше по своја волја дојден тука со нас.

Секогаш ги држеше во тајност деталите од својот приватен живот и велеше: "Не сакам да создавам некаква мистерија околу мојот личен живот, туку едноставно, толку полесно ќе можам да ве убедам дека јас сум против војната".

Леонидас рече:

-Кога ќе помислам дека Рула го љуби тој импотентен генерал, таа чудна машка креатура, се срамам од неа и од нејзините илузии. Рула во своите оцени е сосем слепа, но веројатно тоа го прави со мисла дека сака да спаси глава додека да помине ова зло…

Таа сака да ја живее војната од својата убавина. Тоа и го доживеа, кога првата ноќ Рула беше заспана во земјанката на генералот, не мислејќи на минатото, со надеж и со слободни мисли. Нејзиниот сон бил лесен и беспокоен, како сон на птица.

Леонидас зачудено ги крена вежите.

Ја вртеше главата и рече:

-Животот во овие најбурни, брутални и најпресудни времиња за една млада девојка, што може да се очекува од вакви идеолошки злосторници над младите луѓе. Тука човек ќе се соочи со минатото, со сегашноста и со иднината. И тие што се снаоѓаат, ништо не сфаќаат. Меѓутоа, ова не е време на сфаќање туку на снаоѓање. Додека го слушав ова тажно и никако сфатливо филоовско толкување, се прашував во себе:

"Колку патишта мора да изоди човекот пред да му се обрати (каква и да било сила на психата) како на човек?"

Од воената и партиската хроника

Врз основа на решенијата на Третиот пленум на ЦК од 12-15 септември и на ПБ на ЦК на КПГ од 2. 12. 1947 година, на 23. 12. 1947 година е формирана Привремената демократска влада на Грција (ПДВГ), а се самораспушти на 15 октомври 1949 година.

Седиштето на Владата требаше да биде во грчкиот град Коница во Епир, како што тврдеше генералниот секретар Захаријадис велејќи дека признавањето е обезбедено: "…Ќе го заземеме градот Коница, ќе формираме влада и веројатно ќе не признаат".

Борбите за освојување на градот се одвиваа од 24 декември 1947 до 4 јануари 1948 година.

Единиците на ДАГ водеа тешки борби, со големи загуби, за да го освојат овој град, но безуспешно. Поради тоа, не се оствари формирањето на влада во овој град. Но формирањето на ПДВГ не изостана, се формира во Преспа, во Асамати (Н.Р. Македонија – Југославија), во зградата на предвоената пристанишна капетанија.

Доаѓањето на членовите на Владата во Преспа го обезбедуваше потполковникот на УДБ Слободан Крстиќ-Учо, Југословен, офицер на ЈНА. Владата првобитно беше составена од осум члена и тоа: за претседател беше поставен Маркос Вафијадис, а за членови: Јанис Јоанидис, Петрос Русос, Милтијадис Порфирогенис, Петрос Кокалис, Василис Барџиотас, Димитриос Вландас и Леонидас Стрингос. Исто така, со декрет се унапредени 25 лица во чин полковници на ДАГ, но ни во владата ни меѓу овие офицери, кои претставуваа военополитички фактор на ДАГ, нема ниту еден Македонец.

ПДВГ (во планина) беше еднопартиска и еднонационална, односно беше составена исклучиво од Грци комунисти. И покрај тоа што повеќе од 50-60% од силите на ДАГ беа Македонци.

Реакции:

Грчката влада побара од САД и од Велика Британија да ги предупредат Советскиот Сојуз и источноевропските земји за последиците од нивното признавање на ПДВГ.

Свесна за последиците од признавањето на ПДВГ, американската влада веднаш реагира. На 30 декември 1947 година интервенира кај источноевропските земји да не ја признаат ПДВГ, предупредувајќи ги дека, ако го сторат тоа, ќе има сериозни последици. Балканската комисија на ООН побара од државите-членки на ООН да не ја признаат ПДВГ.

Глава 5. - Во смрт за тронот на генерал Маркос

“Глупоста е вечна, но е неморална”, велеше Сократ, “ќе ја сфатиме како дел од човечкото постоење, но сепак би требало да и се противставиме.”

1.

Потонувавме со се поголем страв, плашејќи се дури и од своите стапалки, небаре ја пикавме главата во јамка. Цел свет се подготвува за дочекот на новата илјада деветстотини четириесет и седма година, а ние војуваме. Понеделник е, 24 декември.

Никој не мислеше на тоа како ќе го нападнеме градот. Чиниш сите верувавме во својата револуционерна сила која никогаш досега во историјата на светот ја нема ниеден револуционер.

Лаењето на кучињата беше се посилно.

Црна е ноќта. Црна како камен. Сите сме на штрек. Се спуштавме под закрилата на темницата. Од дишењето на постарите мустаќите им се заледени. Одвреме-навреме се слушаа тивките гласови на командирите на четите: “Внимавај! Не зборувај!” По малку, време се појавија треперливите светлини на гардот, што личеа на езеро од светилки. Предупредувањата продолжуваа. Како што се приближувавме кон градот, кој се уште се гледаше од висина, срцата ни се стегаа. Дотогаш повеќето од нас и не сме ни биле во град, а сега влегуваме да водиме борба. Градот со своите светлини ни изгледаше огромен во споредба со селата на Грамос.

Одејќи по козјата патека, спонтано ми доаѓаа спомени од селото, од дома…

Стигнавме до крајот на долгиот пат, оставајќи ги зад себе шумите и потоците на една ридеста земја богата со дрвја.

Дуваше непријатен северен ветар што ја замрзнуваше секоја капка вода. Здодевен ветар, се вовлакуваше в коски. Сите барички каде што минувавме беа замрзнати, мразот крцкаше при газењето. А лицата ни беа вцрвени како на ракови.

Командирот Аријанос е човек што е на позицијата на партијата и кој треба да научи дека во политиката не е пресудно да бидеш храбар (ветерничав), а неговите часови ги плаќаме ние војниците, сега облечен во униформа од заробен висок офицер на владината војска, сака да шармира со својот војнички говор и со своите наредби. Вели дека ние денес го заложуваме својот живот за поубаво утре. Андонис не реагира, тој ја промени тактиката, не му се противи, само кима со глава и молчи. Сите се чудиме како успева во тоа, оти тој секогаш скемучеше во такви ситуации и не сакаше лесно да го заложи својот живот.

Андонис ми шепнува:

-На овој мазен тип основна храна му се вниманието, комплиментите и со него може човек да има мир ако секогаш му ја потхранува нарцисоидноста. Во секој миг сака да не претвори во жртви во ровови, а ако не го прифатиме, ќе ни фрли кимка. Најтешко му е особено кога пред други луѓе му се противи некој…

Уморени, накиснати и измрзнати од долгиот марш, едноставно не можевме да ги активираме автоматите.

Тогаш Аријанос доби "генијална" идеја и на јуриш не прати нас минерите кои во жестокиот налет буквално ги дигнавме во воздух. Бурандарите, пак, во целата таа мешанца пред нивните очи упатуваа дури се што им беше при рака.

Напредуваме со мислата на командирот дека треба да ги убиваме тие што не ни се покоруваат.

Се најдовме на едно место каде што патот се делеше и водеше удулу по долги скали до уличките на стариот град. Како што навлегувавме во стариот град по сводените тесни камени улички, така тој стануваше се пострашен без луѓе.

Аријанос ни вели:

-Пред нас се открива голема перспектива на нов живот. Како ќе се случи тоа? Тоа е работа на стратезите, вашата работа е храбро да си ја извршите работата. Треба да се гордеете со својата храброст. Од тој миг нашата самоубиствена фурија почна, но сите се прашувавме во себеси: Дали навистина пред нас се открива нов живот, кон ново општество?

2.

Се пука, го слушам звукот на куршумите, а студот се повеќе владее со мене и со моите соборци – "минерите", така не викаа. Животот не е ништо. Ми студи и сакам да се движам, ама не смеам. Секое подигнање на главата значи поблиску до смртта. Стравот и надежта во мигот беа заемно поврзани. Снајперистите пукаат вездеи. Не земаат добро на нишан и неколкумина од нашите се мртви, ги нема, а ние, стутулени во облеката што ја немавме соблечено со месеци, напредуваме; чекор по чекор се одиме по снегот, а влажните цоколи се повеќе ни ги стегаат нозете. Влегуваме кон плоштадот на градот Коница. Насекаде трештат викотници и пукотници на оружје. Граѓаните на Коница, сите предадени на своите должности, почнаа да употребуваат оружје. Сега сме близу до најистакнатата градба, величествена, една долга, правоагална црква со засводен покрив и со тркалезни столбови наредени од сите страни од надворешната страна. Секој наш чекор значеше последен пат да ја видиме месечината што се појавуваше зад зимската магла, ноќе.

3.

Боровите што го окружуваа плоштадот, чиниш тажеа, а можеби беа налегнати и од напластениот обилен снег.

-Што се случува, Огњанов? Проклетство, ќе загинеме, - ми рече капетанот Ѓорги Калков.

- Сега се е во ред, - го кренав ранецот што свечкаше преполн со парчиња експлозивни и запаливи материјали. Можеби нешто се скршило. Проклетство; ако го напукнав детекторот или двогледот. Тоа го сторија и Стасе Римпапов и уште неколку други момчиња од нашата чета. Продолживме кон улицата лути сами на себе.

Ненадејно, Римпапов испушти остар силен крик. Неговото лице добиваше безизразен изглед. Левата страна на лицето му ја имаа зафатено грчови што се движеа во бранови.

-Можеш ли да станеш? – го прашав поднаведнат над него.

-Не… Да.

Му помогнав да стане на нозе. На помош притрча и капетанот Ѓорги Калков.

Беше погоден со бесшумен снајпер и со отровно зрно, точно во вратот. Падна на грб, колената му се исправија, а телото се вкочани како да го фати грч. Главата му удри на плочникот со силен крцкав трескот. Вкочанетоста траеше неколку секунди. Потоа рацете и нозете почнаа да му потреперуваат и да се грчат во ритам. Ја загуби контролата и под него се завири моч.

-Господи Боже! – викнав, а истото го рече и Калков. Извикав на глас: О грозна вистино! Стасе потонуваше во мрак и крв без да знае мајка му.

О, каква болка, сакам да извикам на ова место и малку да се оддалечам.

Стасе одеднаш пак ги спружи нозете, зафатен можеби од уште една серија грчови. Потоа телото почна да му се извива напред-назад. Го исплази јазикот и пак го вовлекуваше. Очите му беа полуотворени. Помислив дека не знае што му се случи, обидувајќи се да ни соопшти нешто. Но неговиот напор мина без ниеден збор.

Ја зграпчив неговата глава и се обидував да го смирам, но рацете ми се наполнија од толпата крв што му бликаше од втратот. Тукушто го загледав право в лице, видов како ги зарива забите во долната усна забивајќи ги се подлабоко и подлабоко – се додека не потече крв, која почна да му се слева низ брадата и вратот. Тој низ плач бараше помош. Ме стисна со рацете и одново се гризна за усната силно, и сурово испушти последен жален крик.

-Почина. Бог нека го прости. – Тоа го повтори и капетан Ѓорги Калков, одговорен за нас Македонците.

Во моето срце немаше омраза, туку сама ужас. Да, можев, би го отепал убиецот, но не го мразев. Не се мрази бесно куче, велеше дедо ми.

Стасе се чувствуваше уште дете и знаеше да ја подели љубовта, но не омразата. Пред да тргнеме, сега под командата на Каљко, не ја допеавме песната "Абер дојде, Донке".

Насекаде по улиците тече крв, малку по малку ја губиме силата и стануваме бесчувствени. Се движиме по волја на командантите. Ние младите, пак не сме способни да поднесуваме нешто потешко, ниту пак свирепоста на непријателот.

Газам по крвта и во себе си велам: "О грозна вистино, потонуваме во крв и мрак, без да знаат нашите родители!"

4.

Стравот околу нас расте сестрано: во длабочина, во ширина, во височина. Како што расте и бројот на мртвите, на човечките несреќи. Се е во опаѓање и пропаѓање. Како да се измери тегобноста на обичниот човек? Кој ќе ја утврди и ќе ја каже вистината што се случува сега? Сетики ќе се најде некој здрав и честит човек, велеше Леонидас и солзите му течеа над мртвиот Стасе Римпапов.

Во тој миг си ги намнисав неговите зборови: "Не убивај! Не повредувај! Не врши насилство! Тоа е израз на благодарност", така велеше мојот 17- годишен врсник и соборец кога бевме насилно мобилизирани околу 320 деца во Македонија и пратени за војници во армијата на генерал Маркос и сега ги даваме безмилосно животите за да го устоличиме во градот Коница.

Во целото лудило на очекувањето на победата во градот Коница, тргнавне по една тесна и темна улица. До тогаш сум немал можност да прескокнувам преку лешови. Глетка од која на човека му се обзема здивот, која боли, која тревожи, која ти ги нагризува коските и стомакот ти го превртува.

-Уште еден црн облак над многу мајки, -рече Каљков. Ги покривме со шинелите за да не ги вознемируваат другите наши соборци.

Стравот и недовербата се повеќе се засилуваат во нас. Сето тоа ни создаваше негативни чувства спрема противникот кој пукаше од заседа или од бункерите. Сите знаевме дека чекориме кон лошото, кон смртта, по непознатите калдрмисани улици и кривулестите сокаци низ кои имаше поставено експлозиви кои во секој момент можеа да бидат кобни за нас. Чекориме кон смртта, небаре смислено вршиме самоуништување и наше непостоење, до исчезнување.

5.

Во секој миг ни се заканувааа краткотрајни неволи или смрт. Емоционално сме сите напрегнати и дури чудни ни се погледите. Јас и Андонис Теодоракис меѓу првите одиме низ смрзнатиот снег, кој ни крцка под нозите, како да ни зборува за нешто страшно.

Андонис ми вели:

-До кога ќе се убиваме? Имаме ли уште што да делиме?

Му одговорив:

-Се е јасно со нашата судбина.

Се сетив на стиховите од Александар Твардовски.

“Брег одлево, брег оддесно,
Во пеколот татнат топовски истрели,
Борба се води света и праведна,
Борба се води не за слава,
Борба за живот на земјава.”

Пред нас нема никој. Се воздржуваме да отвориме оган, зашто така ни е наредено. Да избегнуваме да го употребиме чкрапалото на оружјето додека не стигнеме до целта. Од другата страна не е така. Везден пукаат. Зад нас, моите другари од “минерите” и “слободните стрелци” и оние од пешадискиот баталјон што сме во првите позиции, со клепки потешки од жар за спиење и за одмор, животот го имаме дадено за парче мирно небо. Обележуваме каде се подметнати експлозивни мини од типот “телермајн”. Некои не можеме да ги откриеме, оти се многу добро камуфлирани. За нив немаме соодветна опрема, ни требаа “детектори”. Од првите бункери, распоредени низ градот, па дури и од прозорците се пука кон нас. Се влечкаме, лазиме и педа по педа напредуваме. Одвај се добравме до првите убави, бели, и топли неколкукатни домови. Аламе низ темницата, минуваме меѓу нив, а никој од нас не е сигурен дали некој од прозорците се готви да пука во нас. Во секој момент некој однатре ќе истури силен рафал или рачна бомба. Тоа е така. Секоја борба е рамнотежа меѓу нападот и одбраната. Ако не си доволно брз, ако ти е противникот побрз – ќе умреш.

Манолис одмазднички рече:

-Ние сме на дното, но дното не е место каде што човек може продолжително да престојува без да се обезличи, без да ги загуби бојата, мирисот и вкусот и без да стане нечовек. Зар ние сме тие што треба да умрат за генералите?!

Тие уште пукаат во нас, го бранат градот, своите домови, и нема каде да бегаат, а ние не настапуваме со мисла да убиваме, туку сакаме со мирно да ги покориме и градот да го прогласиме за престолнина на Привремената демократска влада. Владата на Маркосовите партизани.

6.

Декември во Епир е обично сув и ведар, полн со синило, но од север од високата планина Гољо Каменик се спушти ладен бран донесувајќи облачно снежно небо.

Наредниот ден повторно тргнавме кон бункерите, од кои извираа светлосни куршуми и се губеа далеку над нашите глави. Не ги познававме улиците во твој град, но решително им се доближувавме на бункерите. Свијок, и пред нас се појавија група војници што беа подготвени за фронтален напад кон излезот на главната улица. Излеговме на сосема празна улица, по Кољо се наврвчивме сите: Јован, Спирос, Герасимос, Калин, Стасе и Андонис.

-Нека умре кој умира, а нека живее кој живее! - викна Герасимос и истрча накај окното на големиот бункер да им фрли рачна разорна бомба.

Некој со иронија рече:

"Нека живеат генералите и партијата!"

Андонис ми шепоти:

-Јас не сакам да умрам, и во тој миг неколку наши војници дојдоа, го собраа искасапениот војник и си заминаа со отпуштени лица. Потоа дознавме дека тој ти бил од втората чета која напаѓаше од левото крило.

Дури взори, по толку атакувања, влеговме во ископатите ровови, длабоки до погоре од појасот. Сите што сме тука се чудиме: целото место е ископано од ровови. Којзнае колку време им требало да го направат тоа. Во ноќта, во окопите се одмораме меѓу две стражи, ама студот ни копа во коските. На еден дел од окопите се појави силен оган, пламења се извишуваа, а експлозија немаше. Тоа беше од фрлени полни шишиња со запалива течност. Тревога. Се упативме накај пламенот, ама со страв, оти тоа може да биде добра мамка. Небото се повеќе е исчадено од пукање или од зимската студена магла – сињакот. Ноќта ја минавме треперејќи при секој шум.

Кога не се пука кон нас, јадеме конзерви, небаре сме се ослободиле од насилството и мислите со злоба и омраза. Јадеме и доживуваме неизмерно олеснување и блаженство, ако навистина успееме да го устоличиме генерал Маркос. Да седне на тронот, а ние да извикуваме: "ДА ЖИВЕЕ ГЕНЕРАЛ МАРКОС! ДА ЖИВЕЕ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ПРИВРЕМЕНАТА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА СЛОБОДНА ГРЦИЈА! УРА! УРА! ДА ЖИВЕЕ НАШАТА НОВА ПРЕСТОЛНИНА НА ДЕМОКРАТСКАТА ВЛАДА СО ГЕНЕРАЛ МАРКОС! УРА!

Глава 6. - Пречек на Новата година - (31.12.1947- 1.01.1948)

1.

Чудесниот град беше замрен, а луѓето беа во него, плачеа обземени од страв и ужас. Стотици судбини беа во нашите раце и во рацете на сите што носеа оружје. Тие беа, небаре проколнати од Господ Бог, Новата 1948 година, да ја дочекаат во темните подруми, а светот не знае ништо за нив. Се пали на сите страни; палат нашите, сеат страв. Наместо мирис и вкус на месо (прасе или печено пиле) за пречек на Новата година, чад и оган. Наместо насмевки и детски игри, солзи на мајки и заробени деца и жени. Свежиот воздух и така одамна го нема иако е лута зима. Совеста на сите ни е темна. Секој е виден само преку нишанот на оружјето.

Јас и Леонидас сме на стража. Времето е лошо, со силен снег и напати густа магла. Во еден миг недалеку од нас истрчаа неколку црни мачки и очите им светеа како кандила.

Леонидас возбудено ми вели:

-Овде машкоста се уште е единственото оружје против смртта. Ги гледаш мачките! Тоа значи дека природата го возврати ударот. Ова е вистински бунт на подивени мачки.

Ти знаеш дека во едно древно пророштво, откриено неодамна, се најавува големо насилство на мачките над луѓето. Тоа го напишал големиот кинески филозов Конфучиј роден пет века пред Христа, што бил познат по својата здраворазумска мудрост, а се занимавал и со мистична дејност на пророкување.

Тој вели:

“…И паника ќе се рашири низ целиот свет кога обичните дамашни мачки ќе почнат да напаѓаат луѓе. Нивниот бунт ќе трае со месеци и ќе изгинат илјадници луѓе”.

Јас недоветно го прашав:

-Зар овоа може да бите почеток?

Леонидас ми одговори:

-Не знам! – И здрвено нишани кон мачките.

Нервозата кулминира и е мотив за нарушување на нервниот систем, треперење на емоции, излив на морал за победа, можност за нечовечко однесување. Неколку дена ни стана опсесија на секојдневието, да убиеме што повеќе луѓе што се во униформа и против нас. Ама и тие викаа отсекаде и се слушаа гласови:

“Не дозволувајте да ни ја нарушат долгогодишната љубов на луѓето од овој град. Тие се луѓе со ментални и психолошки нарашувања. Тие се бандити на чело со нивниот генерал Маркос. Смрт на бандитите!”

А и нашиот командант велеше: “Пукајте во целите, подвижни или статични, да ги искорениме, оти само така ќе успееме да го устоличиме нашиот генерал Маркос”.

Андонис рече:

-Аријанос е сосем луд! Тој не знае дека оној што напаѓа еден човек, го напаѓа целото човештво.

Да се бориме ќе биде тешко, да не се бориме, ќе биде уште потешко и полошо. Катаден сме во нивниот нишан. Немаше право на грешка. Тие очекуваат да се обидеме да ги уништиме и потоа ќе се обидат да не уништат.

Тој ден, приквечер се стивнаа пукотниците, црквата блескаше со прекрасни бои. Од свеќите извираа светлина, живот и надеж. Па веројатно баба ми имаше право кога велеше дека човек би бил најсреќен кога и очите, и ушите, и срцето би му биле полни.

Ете, неколку дена се води војна во најсуров облик, страшни пламења и темница. Се се чинеше толку немоќно – улиците пусти, луѓето умираа. Дури и зимата беше немоќна, таа раѓаше белина која не можеше да го победи мракот, оној од срцата и од градот што умираше тивко. Снегулките надоаѓаа и кацнуваа врз сите нас, врз нашето оружје, и умираа…

2.

Останавме да преспиеме во еден широк подрум. Пред да заспијам, ми се стори дека одвреме навреме сите сме напикани и стуткани во некаква пештера. Се гмечиме во нејзините темни темници. Сите бевме пласнати на подот. Со денови, животот во подрумите станува состојба на духот, а пропаѓањето наше – навика.

Леонидас ми рече:

-Треба да внимаваме вечерва, побратиме. Денеска е полна месечина. Велат дека овие денови луѓето полудуваат. Знаеш, случајни убитства, пукање, самоубиства, кражби и шо ти не…

Нашите предци имале посебни правила и советувале да не се излегува надвор на полна месечина. Според нивните верувања, токму во таквите ноќи мртвите излегуваат од гробовите, како вампири или во други облици, а самовилите играат оро по полјанките, лиотите трагаат по напуштени водиници, а вештерките се собираат на своите собирно место.

По ова дури и спиењето ми се промени и се исполни со силни доживувања во сонот.

По мачните соништа, гладните црева ми кркорат тивко. Се разбудив легнат на грб. Во сонот небаре спиев со жена од мермер, убава и студена. Така се радував олеснет од мачните сониште, чиниш потоа пливав во топла и убава река.

Отворив очи и ја видов Рула која беше клапната на масата. Помислив дека е вештерка или жена од мермер.

Се разбуди и Рула. Додека спиеше, таа си беше онаа невина, палава и чиста девојка од градот Лариса, можеше да скрие дека е жена. Кога ја загледав, лицето и стана строго и непријателско.

- Рула! Ти ли си?

Таа скокна на нозе и вресна:

-Побратиме!!??

И реков:

-Ти што бараш тука?!!!

Таа ме гледаше, очите и станаа очи на ранет и разочаран војник.

Ми рече:

-Не бев способна да љубам. Ме напушти таа состојба, доживеав душевна пустелија. Јас се враќам тука да видам луѓе со тврд глас. Такви што скротуваат коњи и погледи на разочарни девојки. Тука со вас, јас пеам и гладувам колективно. Сакам да пијам планинска вода од иста матарка од која пиела млада уста со нерасипани заби. Тука со вас сакам да научам да пеам и да плачам како река со длабоки брегови. Да ја однесам вистината се до морето.

Студен превез го контролираше тој дел од моето тело. Ужасот го пренесував во подземна долготрајна, повторувана злоупотреба. По исчезнувањето на топлиот свет во мене, имаше место само за студенилото на одвратноста. Ме снема, се изгубив во непредвидливите бранови на мразот во кој нема ни живот ни љубов. А ме убиваше и онаа познатата: “Се фатила со стар заради функцијата и кариерата…” што беше најчестиот коментар од секого, но посебно од жените.

Дефинитивно напуштив еден хаотичен љубовен пат што го доживував во логорот – како во пештерата на Алибаба.

Пак ќе повторам, ме убиваше и онаа познатата: “Се фатила со стар човек заради функцијата… Кариерата…” што беше најчестиот коментар од секого што ќе му се појавев пред очи, но посебно од жените… Тоа беше моето прогонство од свеста. Сакав да бидам доволно подготвена за љубов за да живеам, а не можев. Тајната на исчезнувањето на привлечноста спрема генералот не можев да ја расветлам. Затајувањето на таа болест преовладеа кај мене. Сакав да ја променам свеста. И самата психијатар, барав да го направам тоа, ама не успеав да бидам повторно жена, најсветлото и најсредното во животот. Сакав да го повторам минатото на својата женственост. Но тоа со генералот го доживеав обратно. Тој долго ме оставаше сама во влажните ѕидови на земјанката. Можеби такво е времето. Не можев да се навикнам, да се противставам, сама во кобната земјанка. Во свеста ми се вовлекуваше стравот од се.

Еден ден Рула, чепкајќи по неговите лични писма, открила дека тој и пишувал на својата љубена Вангелица, нарекувајќи ја "своето малечко глувче". Тој и пишувал дека сака да создаде семејство со Вангелица и дека "ќе биде совршено тоа наше малечко гнездо". "Но треба да остане со надеж дека брзо ќе заврши револуцијата."

Рула останала занемена и во себе си рекла:
"Генералот мисли дека тука, во планината, за револуционерите љубовта е бесплатна? Значи, тие дома ќе си ги чуваат гулабиците за род, а во планината ќе водат бесплатана љувов со селските девојки што ги мобилизираа сосила."

Рула сфати дека налетала на случајна љубов, но најуверливо и прозвучија зборовите од злобниците, некни во логорот кога ја озборувала една постара жителка:

-Има и лесни мажи кои се тркаат со лесни жени кои имаат ептен лесен чекор и до славата втасуваат така; цуп-цуп, до самите врвови на власта. До "генералки"…

-Ќе полудев, се напивав обилно коњак "метаксас" за да се смирам и да заспијам. Ги насетував силите на немоќта да се воздржувам од некакво насилство. Живеев со растреперени раце, со несигурност, сонував пустелии и ужаси. Понекогаш во очекување дека ќе нанишанам во генералот или тој во мене! Страв познат како предиднина дека самата ќе се заштитам. Никогаш во животот не ја имав таа непријатна состојба на несигурност и алчност. Тоа ми го донесе осамата во земјанката на Грамос.

-Се ќе ти кажам, побратиме. Ќе ти кажам она што досега не се осмелував да си го кажам ни сама себеси, кога тајно ја испитував својата совест во длабоките часови на ноќта, кои во душата ги носам толку мрачни. Не сомневај се. Остави ме да дораскажам.

Многу пати тој Царухас доцна ноќе се вовлекуваше близу до мене и ме опфаќаше со своите студени раци што му смрдеа на тутун и, се додека не го навасаше сонот, крцкаше со гнилите заби. Јас се притајував, небаре сум во длабок сон, а во себе викав "Губи се, чудовиште! Губи се, гаде!"

Треперев од гнев и ужас. Одеднаш се почувствував понижена и дека сум обична жртва.

Одамна сакав да се вратам кај вас, да го живеам човечкиот живот. Да ја доживеам средбата со вас, "дивите момчиња". Кога сум меѓу вас, ме ослободува од неадаптибилноста на тешкотиите што како на млада девојка (сега жена) ми ги донесе животот откако насилно ме мобилизираа во оваа "славна непобедлива" војска.

Едно се песната, и смеата, и плачот, живеењето и умирањето, љубовта – таму горе, на врвот во раководството! Друго се песната, и смеата, и плачот, живеењето, љубовта и умирањето – туку долу, на дното – кај народот!

Таму горе владее нивното лудило, лудилото на престолот, на власта! Така е таму горе!

Таму узото задолжителното го пијат со мезе – маслинка, тоа е традицијата и тоа го практикуваат високите офицери, потоа рецина и сиртаки.

Добро е што не станав мајка…, рече Рула и не сакаше да зборува повеќе за поминот, за бракот на чесен партиско-партизански збор, но најголемата причината за нивното несогласување била посесивноста на 25 години постариот сопруг-генерал: тој и забранувал да излегува од нивната земјанка (замок – како шо го нарекувал.) во Ликорахи, во кругот на земјанките на високото раководство.

Ја прашав:

-Како си успела да го заведиш генералот?

Рула се насмевна со некаква вина и рече:

-Го заведов едноставно, затоа што бев принудена во оваа војна да спасам глава.

Јас сум од горд сој, но… Моите предци се дојдени во градот Лариса од островот Сими, во кој се чуваат жените и богатството. На островот Сими, кажуваше баба ми, дека жените уживаат во слобода каква што тешко може да се најде во друг дел на земјата. Островот е оаза на матријархатот. Дури и при танцувањето, сакогаш жените се тие што водат.

Во брачниот ритуал, бабата го тера зетот да игра, како гостин на пречек во своето семејство. При танцувањето, две жени канат еден маж и танцуваат со него разменувајќи си го.

Такви сме ние жените што носиме потекло од тој остров. До името секогаш следи името на мајката, па така јас сум Рула Џени, или ќерка на Џени. Презимето на таткото или на сопругот не е важно.

-Значи, презимето на генерал Царухас не ти значеше ништо?

-Па, како што гледаш, побратиме, навистина не ми значеше ништо.

Знам, кога жената лесно се дари, среќа никогаш не ќари, но знај дека жената е као цвеќето: за секоја пчела има грам нектар.

Јас сум глупава и треба да ја платам цената на својата несреќа. Очите на Рула беа полни солзи и тукушто пачаа да и браздат по убавото лице.

И реков:

-Убаво ти стојат солзите. Рула, ги вкопа очите во моите и нејзиниот глас одекна во моето лице. Се насмевна и неочекувано ме прегрна и ме бакна.

Глава 7. - Сенка на пеколот Игра и смрт во ноќите на градот Коница

1.

Од недоапица, влеговме во црквата. Таа беше градена од кршен и делкан камен-варовник со користење на керамички материјал.

Гледаме, светецот е втиснат во каменот студент и оддава духовна светлина. Го допираме со прсти, се шири некаква светлина, некаков зрак прелетува над нас. Тоа трае миг, но е доволно за да се почувствува леснина во душата, радост и задоволство.

Црквата беше преполна војници и сите ракоплескаа, а музиката трештеше.

Рацете на Рула трепереа. Гласот и беше слаб и тажен. Таа ја извиваше снагата, но униформата и револверот на десниот колк ја правеа груба и и ја скриваа витата снага. Тогаш ја видов Рула како игра вулгарно. Потскокнувањето со грубите цокули по поплочениот под оддава звук на разбеснет коњ или војник што страда од војничката болест – тифусар.

Голтна неколку пати од шишето коњак – "метакса", ја отвори устата и испушти засипнат крик.

Рула извика:

-Нека ни е среќна Новата година! За победата! Ура! Пијте вино, кое не зближува. Виното е божји дар… Ако не на друг, барем во себе ќе ја повториш тажната животна приказна што те води до спасот или до пеколот. И протекоа капки вино од здебелените усни и рече: -Но смртта не е крај на се…

Телото на Рула почна да се грчи, правејќи движења како со рацете да се обидува да ги досегне разлабавените цокули. Потоа легна на грб. Можеше да и се види здебелениот јазик. На цел глас бараше помош.

Ја сожалив. Се сетив на нејзините зборови кога на еден припек се требевме од вошки и таа ми велеше:

"Се гордеам со своите гради. Стојат исправени и изгледаат одлично. Но многу сакам долги нозе. За жал, моите нозе се кратки и уште обуени во цокули, ги мразам. Ех мој побратиме, да бев малку повисока! Сакам да бидам пополничка. Мислам дека жените со облини се поубави…

И реков:

-Никој не може да биде совршен. Но ти си столб на женската убавина во оваа наша армија и во регионот на Грамос. Биди силна додека трае војната.

Ме загледа смирено и и дофрлив.

-Ама па ти ич не мислиш на револуцијата?

Се изнасмеа, до солзи. Солзи на исцрпеност и болка.

Некој рече: “Можеби во коњакот имаше отров?”

Толпата се вознемири. Свежиот воздух одамна го нема. Наместо мирис на свеќи, чад и оган од барут. Се пали од сите страни. Наместо молитва и крстење, се игра сиртаки и зебекико, и погледи на војнички режим. Совеста на повеќето е темна. Темна е и политиката.

Телото на Рула се витка како во полуобрач. Очите ширум и се отворија. Беа сосем бели. Усните и се развлекоа над забите, чиниш посака да се насмевне, но таа чувствуваше мака, како да и гореше стомакот. Се загледа во светците и како да бараше прошка и последното што го помисли беше воздишка на олеснување. Почувствува како ја обзема паника. Можеби не знаеше колку и е потребно за да се тргне од целата непријатност. Се плашеше, рацете и се тресеа и одвај рече:

-Дојдов заедно со вас да плачам, да се радувам, да патам, да страдам, да љубам… - рече Рула, чиниш посакуваше оправдание од сите нас. Усните и трепереа, па ја заврте главата настрана.

Еден свештеник засипнато изговори:

-Во Божјоот дом само богохулници влегуваат со оружје. Проклета да бидеш, девојко, и во животот да останеш без род. Не знам. Немам моќ да просудам. Што луѓе се овие?! Срам да ви е за ова ваше валкано танцување.

Рула посака да побара прошка.

-Леле, како сум можела, во овој христијански храм, толку бесрамно да хулам. Која би го направила тоа и зошто? – Се чувствуваше мошне бескорисна…

Се прекрсти свртена кон иконата свети Ѓорги и телото и се лизна на подот. Настана мртва тишина и во тој миг надвор со неколку рафали го означија настапот на Новата илјада деветстотини четириесет и осма година. Сите викавме: Нека ни е среќна! Да живее генерал Маркос! Да живее нашата нова престолнина на Демократската влада на Грција – градот Коница!

Само Леонидас не ракоплескаше. Се навадна за мене и ми вели:

-Ех мој побратиме, ја гледаш Рула. Вкусот кон убавото и мерата на човечноста не се купуваат со никакви пари… главата ми се замагли од ова чудно оро на животот наш…

Господи! Од каде ова неверство?! Создај го светот од почеток, а на умрените од вчера дај им само душа да го обноват светот. Ќе имаме повод за пријателска насмевка?

Тој редеше псалми пред големата икона на Богородица со Исус, го бараше преводниот пат за сите луѓе. Како е можно, се прашуваше, сега, во 20. век, луѓето се уште да се прогонуваат меѓу себе? Посилните од своите домови да ги откорнуваат послабите, незаштитените, оние кои со силата на својот јазик веруваат во

праведноста на својата идеологија. Па тоа е страшно безумие, мозокот му го мати на човека! Војните носат несреќа, болка, сиромаштија…

Боже мој, досега видов: вода, ормани, планини, полиња со снег, а во нив тешко оружје. Куќи во пламен, згаснати животи. Колона луѓе: старци, жени, деца, како бегаат од своите домови… ама не сум видел такви богохулници.

Леонидас се сврте кон нас со строг поглед.

Тој рече:

-Во црква не се ракоплеска. Ноќва триумфираа грубоста, подлоста, силата, поганоста и беспоштедноста. Така било судено. Се помалку надеж за избавување. Покрај безмилосните убивања, се уриваат духовните светилишта. Се убива надежта. Се пласти омразата. Ноќеска гледавме обезумени луѓе и разлигавени од фалби и чукање в гради. Вера во кого? Во смртта? Во поништувањето?

Господ нека ни е на помош, а Рула само Господ може да ја спаси.

Леонидас, со чиста вера и љубов кон Бога, не можеше да ги поднесува неправдата и хулењето во овој божји храм, смело застана пред Аријанос и му вели:

-Не богохулете, другар Аријанос! Слуга сум на Христос, мојот Бог, и веќе не можам да го гледам таквото валкање. Идолите ваши не се богови, не се! Маркос не е бог и за него е понизно да се умира . Господ да брани нови од новородените спасители на духот, месии, довчерашни анархисти. Која ќе биде вашата казна? Христос е единствениот Бог. Пред мене е Исус. Го гледам јас него, ме гледа тој мене. Ме гледа и молчи. Овој е Исус, богочовекот кој нема намери, туку има дух.

Зошто се фалите со злоба? Беззаконија вршите по цел ден.

Другар команданте, не ни треба такво животинско опстојување и однесување, туку духовно, човечко. Јазикот твој погубни работи измислува. Ти повеќе ја засака злобата отколку доброто, неправдата отколку правдата… Зар нема да се вразумите вие и оние што вршат беззаконие? Но еден ден и тие и вие ќе почувствувате страв и таму каде што страв нема. Господ на сите ќе им ги растури коските…

Аријанос го презре, се фати за пиштолот и ни вели:

-Продолжете, продолжете, - ни вели, а ние на сиот глас:

-Да живее генерал Маркос и партијата!

Извикуваше и тој, а потоа му се обрати на Леонидас.

-Твојот лош однос кон нашата светла иднина, кон целта на револуцијата, денес кај тебе кулминира и постои опасност да ги заразиш сите борци – и нареди да биде исфрлен надвор на снегот и на градите да му стават голема грутка мраз, да замрзне… Аријанос, со уште поголема лутина, рече:

-Проклетнику! Оди си! Ви наредувам никој со него да не проговори ни писмено ниту пак усно, никој да не му се приближи поблиску, оти тој посака да внесе раскол во нашите цврсти револуционерни редови, во нашата вера и нашите идеали. Подготвени сме да го положиме и животот. Мора да замине овој расколник!

Леонидас се сврте кон Богородица и рече:
-Прости ми, Богородице, како ништо да не видов. Не се сеќавам. Како се да ми се избриша! Сега сакаат прав и пепел да ме сторат, се да изгорат. Зошто?

Аријанос се подзамисли и почна да не советува:
-Не дозволувајте да ве обесхрабрат таквите антикомунистички елементи во нашите неуспеси. Секој почеток е тежок. Недисциплинираност, каприц и религиски сплетки од денес се забрануваат. Верувајте му на својот инстинкт дека победата е наша. Уште полошо ќе се чувствуваме ако ја изгубиме битката. Тоа не е својство на борците за комунизам.

Секој од нас почувствува нагли промени на расположението и тоа не доведуваше до лудило. Таа ноќ Леонидас, не знаеше дали му годи осаменоста што го опкружуваше, не знаеше дали го боли самотијата или пак го ослободува. Се склопчи во една заветрина, со измешано привидение и тага во душата, но и радост поради тоа што е жив, клечеше во мракот и размислуваше свештеникот за единствената наша бескрајна судбина.

Во толпата од пред олтарот се огласија: “Попот не знае да пее и да игра сиртаки, ние ќе го научиме…” попот се огласи: “Господ е со нас, не плашете се. Чувајте го нашето богато православие. Духот ќе не одржи на оваа наша земја, а не идеологијата. Ние сме мирен народ. Од памтивека сме овде. Тука ќе останеме, ова е наш град”.

По истерувањето на Леонидас, свештеникот чекореше достоинствено, со гордо крената глава.

Тој се поднаведна малку и, поради местото што го заземаше, не можеше да ја види убавата Рула па, разгневен од таквата дрскост, викна:

-Господи Боже, спаси ги разулавените партизани на атеистот генерал Маркос, кој сака сосила да седне на тронот . Попот, огорчен од сето тоа и разочаран од нашите човечки противбожни склоности, ја симна ќулавката и извика:

-О, какво проклетство! Какви луѓе сте вие? Во оваа црква и кристализиран колнежот на нашите предци низ поколенија, за одржување, за траење, како човечки суштества, како народ и како дух. Се наведна и ја зеде од подот паднатата икона на света Злата Мегленска, ние останавме без здив, а тој рече:

-За нас поимот икона е теолошка естетска и етичка категорија, тоа е метафора за вера, за убавина и за добрина. А сега овие портрети на вашиот вожд и генерал Маркос што ги наобесивте насекаде над светците, дали тие ликови во оваа црква, во овој град дошле за мир и спокој на човекољубието, не знам што ќе рече народот по овој вандализам. Ќе ја видат омразата и одмаздата. Разочарувањето.

А некои од толпата го туркаа, го удираа, брадата му ја кубеа. Проклети! Во утринските часови умре од студот.

Немирот и бесот растеа во Рула, жлездите и лачеа плунка која и остануваше во устата зашто таа не успеваше да ја проголта. Таа изговараше нелогичности и сите се смеевме.

Таа велеше:

-Значи, јас свршеница. Вера! Жена што треба да ја краси доблеста на верата, на верноста; верна во љубовта, верна спрема Бога…

Ова е моја куќа, овде сум родена… Дојдов да си го видам домот свој! А вие кои сте? Кој ве викна вас? Што барате? Му се обраќаше на Аријанос. Тетеравејќи се пред него, му рече:

-Колку е часот?

-Еве, погледнете – и рече подналутено Аријанос . –О, зар и вие не го познавате времето? Како оние шумата? Сега дојде време да се разделиме! Сега се е готово!...

Спирос беше толку вцасен од глетката што му требаше време да реагира. Тој слуша како во нејзината уста се мешаат молитви и проколнувања, додека и редеше облоги на вжештените гради.

“Умре”, изусти во еден миг Спирос, по што крпата натопена во вода пласнува на подот обложен со плочки.

Спирос, ужален стана и долго стоеше над мртвото тело на љубената. Тажеше и не можеше да открие: зошто остана нељубен од Рула.

А таа многу ми велеше:

-Побратиме, ништо не сакам, освен што сакам да умрам во љубовна прегратка. Однеси ме дома.

Ја прашувам во чија дома?

Рула смеејќи се, кинејќи понекое цветогорје, ме погледнуваше крадешкум без да одговори, а оставаше болката на љубовта да и тече низ крвта како гроздов сок.

Кога излеговме на улица првпат ја почувствував силата на тишината и сите посакавме да зграбиме грутка снег, но во тој миг одекна силна експлозија на рачна бомба. Исчезнаа снегулките од прозорците, се слушаат крикови, лелеци, болка. Очите не ни гладаат ништо (сите сме слепи), усните не зборуваат, (сите сме неми), ушите не слушаат (сите сме глуви), само човечкото срце ги опишува страдањата. Плач од дете пробива низ синьакот, низ снегулките, низ пукотниците и на секого му гризе во умот и се прашува: дали е

можно? Токму сега, само што влеговме во новата година. Трагедијата на прекинатата љубов ја видовме кога го видовме детето како липа покрај својата мртва мајка, а вечерва е време на радост.

Одеднаш некое чувство на вина како ‘рѓа почна да ми ја нагризува последната надеж. Ме обзеде силен копнеж за дома. Срцето и мозокот ме тераат кон семејството. Сакам да уживам и да се радувам во семеен амбиент.

Се сетивв на зборовите од нашите мајки кога протестираа и не сакаа да не пратат во партизани. Тие викаа: “Вратете ни ги синовите, тие ни се потребни за жетвата! Не е дојден часот да отпловиме сите во смрт, затоа што земјата се уште не ни здосадила, се уште вкусно ни мириса печениот леб. Се уште ние вкусен плодот…”

Уште мислата не ја имав завршено, слушам стенка Андонис, а чув како покрај него помина фучење од куршуми, а тој се жерави во снегот и гледа немо како некое говедо тибетско заразено од лудило, шал и лигавка. Уплашено го прашав:

-Те погоди?

-Не.

Се разнесе оној чуден вик на камбана. Доаѓаше заедно со силните експлозии од подземи и низ тесните улици.

Му реков:

-Смири се и дојди да се помолиш. Тука нема никој од политкомесарите.

Тој праша:

-Што стана со Леонидас? Уште колкумина останавме?

Му реков:

-Не знам. Тука е само Костас… Андонис молчеше, ми се пристори дека почнувам да гледам во мракот некаква сенка. Тој и понатаму коленичеше и се жеравеше во снегот.

Го прашав:

-Што станало?

-Не можам да не ти кажам. Нагазија на мина. Страшна беше експлозијата. Од Теохари и Стасе Римпапов не остана ништо. Одеднаш ми текна дека вие би можеле да стрелате во мене ако ви се доближам лазејќи. Па вие не би знаеле дека сум јас. Кога се опрев, од еден прозорец ми упатија силен рафал, ама само полите од шинелот ми ги издупчија и поминав добро. Паднав во една нечистотија и се извалкав, бревтав и длабоков дишев свеж ваздух. Бев сосема сам. Легнав на грб и долго лежев. Можеби помислија дека сум мртов. Уште еднаш не се делам од вас.

Го слушам успокоен и утешен од неговата близост кон мене.

Му реков:

-Те спасил Господ Бог.

Тој ми рече:

-Ти си наивен.

-Зошто?

-Колку и да бегаме во оваа луда ноќ, ќе не втаса божјата одмазда.

Го прашав пак:

-Зошто?

-Затоа што им го нарушивме спокојот на овие луѓе во овој град, што сакаме да го претвориме во престолнина и на тронот да седнат генерал Маркос и сите итромани.

Му реков:

-Нека биде Бог со тебе.

-Зашто ме благословуваш само мене?

-Затоа што не знам во оваа ноќ дали сме ангели или ѓаволи. Што мислиш, од овие нашите што загинаа, некој ќе ги најде или никој: ни помен, ни спомен. А и никого нема да го интересира. Што мислиш, дали ќе го интересира генерал Маркос? Не, туку тој сака само да седне на тронот, а сега оддалеку преку двогледот не надгледува и чека да биде поканет од командирот наш, да му приреди свеченост…

Тој ме праша:

-Повторно ќе војуваме?

Му реков:

-Брате Андонис, верувам дека по прогласувањето на градот за главна престолнина на нашата војска и влада, генерал Маркос ако седни на тронот, светот нема да биде ист.

Андонис ми рече:

-Ако ние умираме за секој на кој ќе му текне да седне на трон, од нас нема да остане ниту еден… Тој, не беше сосема убеден, но не знаеше како да ми противречи. А ние и денес се прашуваме што требаше да значи златниот трон за генерал Маркос.

Во некои визби на тамошните домови наоѓаме и подземни тунели од куќа во куќа. Тие што ги правеле, сигурно ималет голема мака, зашто тие се тесни колку да мине човекава снага, но тоа покажува дека многу си го сакале градот. Кога слушнале за прогласувањето на партизанската влада на 23 декември и дека партизаните сакаат нивниот град да го прогласат за своја престолнина, тие работеле и правеле окопи и ден ноќ и решиле да се борат до смрт и нема лесно да ни го отстапат.

Кога внатре, во куќите, вистински се бегало од нас партизаните… до половина оставена чоколада, детски одгризок… Расфрлени игранки, употребени пелени, полупразна чинија со качамак на масата, млеко… Вртиме, со саати, се лепиме до sид, се обsрнуваме – обземени сме од некаква параноја за создавање на престолнина за нашето раководство што треба да го признае светот, а луѓето ги нема.

Глува доба, ближи зората. Ќе дочекаме ли бел ден? Исплашевост, морничавост… зрачи стравот, не придружува некакво очекување…

од колку да се устоличиме ние што останавме живи заедно со генерал Маркос. Тоа го сакаше најмногу и нашиот командант Аријанос. Тој дури си беше и нагизден со најновата воена униформа.

До мене, Каливас Костас – мојот другар, одвреме – навреме ми се исповеда, сака да го употреби оружјето за одмазда, сака да убие дури стотици луѓе. Во неговите гради е зима, мраз, очај, а во душата му завири мрак. Еден од нашите загинати војници, по експлозијата на подметнатата нагазна мина, Јован Котев, беше негов најблизок пријател.

-Во мојта вера пишува НЕ УБИВАЈ!!! – ми вели Костас, но тоа треба да важи за сите.

-Многумина зборуваат така, ама не е така, само ако мрднеш, ќе те убие, - вели Костас.

Отспротива се слушна глас на жена, и жената праша:

-Зошто пукаш?

Мажот и одговори:

Сакам да ги убијам, тие се дојдени да ни го заземат градот, нашиот дом, и да не поробат.

Андонис ми прошепоти:

-Слушаш?

-Да.

Андонис ми објаснува:

-Над противникот не треба да се користи насилство, туку тој треба да биде отстранет од својата грешка со трпение и сочувство… жената е поразбрана, не сака сила, туку си ги сака домот и децата.

Андонис беше толку вџасен од глетката што му требаше време да реагира. Тој продолжи:

-Во историјата секако нема да не има, ќе се сеќаваат на нас само оние со кои ќе бидеме на ѓубриштето… Сигурно за нас велат дека сме ситни души, маргиналци, кримиалци, убијци…

И друг женски глас праша:

-Зошто дошло злото на светот?

И трет глас, овој пат на маж, рече:

-Зашто Бог морал да не создаде, од добро и зло.

Стоиме притаени и молчиме, имаме преглед на целата улица и во еден миг здогледавме како нашите водат еден разоружен цивил и го удираат со клоци.

Аријанос, разгневен, го извади револверот и точно го нанишани во слепоочницата.

Заробениот извика:

-Те молам, ако имаш срце во градите, не убивај ме. Ох!

Во тој миг Костас рече:

-Јас го изгубив својот другар, а сега пред моите очи стои неговиот убиец. Јас сум несреќен, проклет човек, ако не му се одмаздам.

Аријанос го праша:

-Зошто пукаше во нашата демократска армија, бандите еден? Ти знаеш ли колку наши борци имаш убиено?!

-Јас не сум насилник ако ги бранам своите сограѓани. Не сум бандит ако се бранам, ако ги бранам својот дом, своите деца, својот немоќен стар татко и својата мајка, своите пријатели. Тоа не е насилство, иако ќе морам да се бранам на тој начин, да пукам и да убивам, како и вие. Вие, господа демократи, како би реагирале кога би биле во обратна ситуација? Погледна во сите нас и не праша: кој е тука насилникот?

Аријанос во тој миг го погоди точно во слепоочницата, а со грубата чизма го турлоса од патот.

Силни детонации, постојани, рафали, сега дури и топови пукаат, но на позициите надвор од градот. Мириса на барут, купишта гилзи, сите се плашиме од снајперистите. Тој излив на бес не исцрпува.

Живееме траурно, тегобно, грозоморно. Катаден. Денонoќно; закопуваме, убиваме млади војници. Ја закопуваме надежда за иднината. Ние што сме уште живи, си ја оплакуваме судбината.

Пред нас, една голема замаглена линија извира на хоризонтот, како испарување од прав, крв и оган, чиниш натаму е жив песок и депресивна убиствена кал. Одвреме навреме на балконите, прозоците и тротоарите се појавуваа обезумени и занемени луѓе, ги читаа графитите:

“ДА ЖИВЕЕ КПГ! ДА ЖИВЕЕ ГЕНЕРАЛ МАРКОС! ДА ЖИВЕЕ НАШАТА ПРЕСТОЛНИНА КОНИЦА!”

2.

Се слушна гласот на Спирос: “Ако мрднеш, ќе те убијам!” Непријателот не беше многу упатен во воената наука, па така Спирос без страв му се приближи, го фати пиштолот за цевката и се обиде да му го извлече од цврсто стиснатите прсти околу рачката, додека стариот човек испушташе гневни неразбирливи извици.

Тоа беше еден старец со проширени зеници, со брадосано и испиено лице, со разретчена бела коса, замотан во козинава гуња, а беше маслосана и мирисаше на кисловина и на маслиново масло.

“Другар комесаре!” му рече, “немам лоши намери кон вас партизаните”.

Помладиот што беше со него, само ја отвораше и затвораше устата, а од неа не излегуваше никаков звук; му се гледаа само белките, односно црвенките од очите, па Леонидас помисли дека ќе му приумре од страв.

Леонидас ја извади матарката и го понуди со вода, а тој одговори “Ευχαριστο χρισιανε*” и ја крена раката како да го благословува и дури тогаш Леонидас забележа, загледувајќи ја добро неговата

облека, дека беше свештено лице. Тоа биле попот и клисарот од црквата “Света Богородица”.

Попот рече:

-Јас сум Боговдахновенславопеец на пресвета Богородица и нејзин радосен служител. Светата моја душа е во рацете Христови.

Потоа го отвори светото евангелие и почна да не благосовува:

Попот, охрабрен, рече:

-Па вие сте биле добри луѓе и со чисти господови души, а нас ни проповедаа дека сте колачи и крвници против религијата и поповите.

Разговорот престана, смеата исчезна, се најдовме во место каде што смртта со уживање му помага на се што е против човекот. Пак лазиме и чекаме. Слушаме предупредвање: “Немојте да газите до портата, не фаќај, не допирај се…” Се такви тревожни предупредвања. Пред нас ненајдено се појавија одблесоци од светлини насочени од големи рафлектори. Вистинско чудо е како останавме живи.

3.

Во следната ноќ беше најстудено. Температурата на воздухот беше минус 20 степени, а можеби и повеќе. Откако еден од моите другари во понеделникот ноќта го истакна партизанското црвено знаме, тоа ни даваше сигурност да влеземе подлабоко во градот Коница, нашата идна престолнина. Така и правиме, влегуваме во секој двор, во кој се влегува низ тесни метални порти стиснати меѓу големите ѕидови од камен или од тули. Пред нас се убави нови домови. Наоѓаме оружје. Расфрлени униформи на ранети од бурандарската војска. Миниран простор, неексплодирани мини, неексплодирани бомби, ги ставаме настрана, а местата ги обележаваме за оние што доаѓаат зад нас, за да знаат каде се крие опасноста.

Како да сме во некаков голем кафез и секој миг очекуваме нешто да се случи. Се наоѓаме под една голема стреа. Небаре чекаме, готови сме на ред за отстрел… Околу нас е се уште полно со мини и мораме да внимаваме кога сакаме да направиме чекор во просторот.

Немирни сме и тоа многу добро може да се почувствува по нашите постапки. Се обидуваме да се концентрираме, стравот не прави очајни и исцрпени. Не знаеме дали сме свесни што не очекува.

Аријанос ненадејно го обзеде чувство на бескорисност, со саати талка наоколу прашувајќи што се случува. Само по некогаш ќе не укореше:

-Престанете да се сожалувате сами себе и малку раздвижете се, - и со мала итрина посакува да внесе борбен дух.

Ние сме вистински патриоти што се извишуваме над сите и секакви лични интереси.

Нестрпливо пак нешто проговори:

-Откажете се од она “сакам” – “сакам”. Ние сме војници на легендарниот генерал Маркос и треба да создадеме чувство на независност на телото и духот. Да мислиме само на победа. Утре треба да марширате на овој плоштад, вие сте оваа славна и непобедлива војска…

Андонис рече со шепот:

-Аријанос шета како сивопер паун и посакува од нас да направи аскети; со гладување, со изложување на студ и дури меѓесебно да не разговараме. Ех мој побратиме – пардон другар Огњанов, оваа вечер на сите луѓе во мирните градови им носи луда ноќ, а ние во скоравена облека, склопчени во окопите, ги слушаме зајадливите забелешки на Аријанос, кој не вади од такт кога вели:

“По првото убиство, секој човек – војник ќе добие голема релаксација”.

Леонидас рече:

-Додека паметните надежи се гасат во една срамна нечесна деценија од најстрашните војни – Втората светска војна, луѓето како Аријанос ќе кажуваат прикаски. Тоа добро го паметат дури и децата што уште се плашат од војната, што не беа никогаш ни среќни ни добри…

Ова е големо предавство и замка, но за нас ова се денови на последна надеж. Затоа, додека ноќе врескаат неартикулирани гласови, трескотат кршења, се газат луѓе, се слушаат истрели и паѓаат тела, треба да знаеме: Нема престолнина во овој град. Народот треба да не сака, да се радува и да се гордее со нас ослободителите… Овој пат не е умно да се војува! Овој пат не важи правилото дека тешкото и неопходното се предуслови за вредното. Сега тешкото и неопходното предизвикуваат најтежок и најнеопходен ужас, чија замка сите може да не проголта, а смртта е безвредна кога сами ја бараме.

Ако не се вразумиме, малку подоцна по беснеењето на лудилото, илјадници венци од цветови легнати безживотно врз нашите гробови ќе бидат залудни.

Гледаш, патриотите професионалци како Аријанос, кога е густо, заповедаат и викаат по нас “Напред!”

Овие патриоти го сметаат патриотизмот за начин жив да се помине и низ овие најтешки татковински искушенија. Дури се перчат дека се подготвени за татковината да загинат до последен. Впрочем, кај се видело – татковина без лажговци? Некои умни луѓе, како Ганди на пример, патриотизмот го сметал за човекољубив. А човекољубието не повикува на убивање. Ама овие со своето родољубие повикуваат на убивање, тие се себељупци.

Господ нека им помогне!

А, повратиме? Што мислиш за ова наше раководство, зар не ти личи на себељупци преоблечени во големи патриоти?

Му реков:

-Не, тие велат дека се комунисти!

А глупавиот Аријанос и на Олимп да се изкачи, си останува глупав. Тука глупоста само пред разумот беснее. Но најлошото е дека нашиот глупав мајор и во овие услови се стреми да не убеди дека не е глупав.

Каде е нашата свест, сите да вкниме: Еј, вие генерали! Запрете го лудилото!!!

4.

Денеска е мирно. Веќе можеме да земеме воздух колку што сакаме. Во понеделникот и вторникот не беше така. Но во очекување сме на овој изразито динамичен и возбудлив ден.

Синоќа по целата фронтовска линија беше мирно, но ние сме постојано подготвени на се. Пред да ги отвориме конзервите со студено јадење, нашиот мајор Аријанос ни даде цврст збор дека утринава ќе капитулираат владините сили и градот Коница ќе го прогласиме за наша престолнина. Јас сум сигурен дека ќе се случи тоа. Ние сме од челичната Маркосова војска. Имаме силна волја со која би можеле не само Коница да ја направиме наша престолнина туку да поместиме и планини. Јас верувам во вас. Денес е идеален ден, ден кога ќе дојде до израз нашата стратегија, ни велеше командантот Аријанос кој веруваше во се што ќе кажат од политичкиот врв на политкомесарите.

А нашите политкомесари во оваа војна купуваат души, умови, соништа. Тие за возврат не подудираа по плеќи и со тоа ни потврдуваа дека веќе сме нивни. Им се додворувавме, но не сме сигурни да стапиме во разговор оти не сме сигурни дали треба повеќе да бидеме космополити или патриоти. Ризикот е голем. Молкот пред нив е злато.

Оти тие сказните за непријателите и пријателите ќе ги претворат во реалност, иако ние сите знаеме дека злото и доброто стојат заедно. Тие се спротивни, лошото никогаш не може да стане добро. Злото и доброто се две различни лица на светот, на животот, на намерите, на однесувањето, а со тоа политкомесарите добро манипулираат.

Но народот знае. Дедо ми велеше:

“Добрината и убавината одат заедно. Оној што е добар, тој им е и убав на луѓето. Оној што го избира злото е грд и не им се допаѓа на луѓето”.

Глава 8. - Дванаесеттиот ден (4. 01. 1948), во борба за тронот на генерал Маркос

1.

Утрината на дванаесеттиот ден, разбуден од силните експлозии што се случуваа во другиот дел на градот, токму во зората на 4 јануари седев врз греди, што мирисаа на штотуку пресечен бор. Го немаше нашето црвено знаме, што го имавме истакнато на главниот плоштад уште во првите денови, сега беше истакната голема ЈАМКА, ама навистина голема беше и застрашувачки изгледаше. Беше направена од дебела ортома и се нишаше од силниот ветар, а гледам по ридиштата се појавија илје и милје војници од владината војска и ги зазедоа височините околу градот Коница. Се распоредуваа да го нападнат градот. Не имаа обпколено, а низ синьакот летаат борбени авиони од типот "спитфаер", чиниш корнат се и истураат рафали врз нашите позиции. Млазниот авион полека се смалуваше – се додека не изгледаше како да исчезнува во сончевиот круг – и оставаше само татнеж што стивнуваше и пак секавично се спушташе над нашите глави да истури рафали и смртоносни бомби.

Настана подолга тишина.

Во тој миг со своето обезбедување тукушто пристигна на првите позиции полковник Софијанос Илијадис. Загрижен, бидејќи не беше сигурен, тој побара се да провери лично сам, немаше доверба во другите и беше нервозен. Целта му беше да го отстрани најмалиот ризик во совладувањето на последните упоришта на владината војска. По толку проверки, речиси беше невозможно да му се провлече и најмала грешка. Тој небаре по ова ја пренесе својата загриженост и ги олабави нашите иницијативи и дури не доведе во очај.

Тој рече:

-Јас сум војник и не ми е лесно да дозволам да ја пренесам својата несигурност на вас. Но морам да ви кажам дека ја изгубивме битката. Тоа беше природно. Не беше лесно да се совлада и брани овој град само со еден полк составен од новомобилизирани селанчиња. Денешниот ден ќе ни биде живот или смрт. Чувајте се. Денес нема лесно да ги избегнеме нивните одмазднички напади. Ако бевме реални во планираната стратегија, немаше да дозволиме да не понесат нечии големи ветувања.

Глава 9. - Збег во белата смрт

1.

Се разбегавме на сите страни. Багавме со исчадени карабини, слушајќи го крикот на омразите. Јас, Андонис, Спирос, Сотир, Кољо, Петре и една цела сурија фативме кон високиот рид Клефтис. Ненадејно, Кољо офна. Беше погоден во левата рака. И ете го сега, се подига, лази притаено по снегот. По нас, бурандарите и вооружените коничани се потпалија како бесни кучиња, само викаат:

“Пукајте во нив да ги искорениме натрапниците, за да завладее мир во нашиот град. Ве молам, нишанете добро. Господ Бог е со нас, градот е наш. Убивај! Убивај!

Им викаше еден од офицерите.

“Ќе ве фатиме, проклетници, ќе ве фатиме и на ражен ќе ве печеме… Проклетници, чума да ве собере. Ни го испоганивте градот, ни ја одзедовте радоста од пречекот на Новата година. Антихристи, ни ја испоганивте црквата, ни ги вознемиривте мртвите… Злосторството ваше ќе ви го вратиме со злосторство! Тие се бунтовници, против нив е и Бога и треба да се оковат… Тие се опасни”.

Ме полазија морници.

Со напор се искачивме на ридот, Клефти и, пред една белина со многу долини, видовме орман од борови што се простираше во недоглед. На работ на шумата излезе ранет елен, а по него глутница волци нагрвалија и го достигнуваат. Сите не одвлече таа глетка и со гнев ги гледаме резјарените волци.

Само Леонидас, чекорејќи брзо низ силниот ветар, ми шепнува: -И волците се исти како нас…

Пред нас, само што ја минавме пресеката, под ридот се одделуваше голема падина. На просторот царува снегот, реткост е да се сретне понекое осамено, скржаво дрвце. Северецот силен, сув и студен, предизвикуваше агресивност. Секој од нас се држеше за срцето. Од непрегледната белина како да доаѓаа звуци на нови мелодии од смртен страв. Иако повремено Леонидас го обземаше депресија, главно беше ведро и оптимистички расположен што останавме живи.

Леонидас рече:

-Го сакам овој бел свет, само во ваква белина човек се ослободува од илјадниците мисли што не мачеа низ уличните борби во градот.

Сполај му на Господ, фативме поштук по ужасот што не снајде. Зад нас оставивме само пластови од омраза и страв. Да не може човек да ги раскопа со векови, ниту со божја помош…

Тргнавме прудолу. Патеката одеднаш заврши. Продолживме. Одењето низ оваа белина е рамно на одот низ самиот живот. Навеви снег. Очајно гребење по синкавиот мраз. Од синото и сиво бранување, чиниш исчезна границата меѓу небото и земјата. Андонис се подлизна, но Костас го поткрепи. И почна нашата борба со планината. Се бориме сите што побрзо да влеземе низ дрвјата, а планината лежеше, поточно се креваше рамнодушна, таа дури не не забележуваше, а над нашите глави авионите згрмуваа со своите јаки мотори и рафали што ги истураа со некаков бес врз нас.

Авионите постојано ја надлетуваа белата долина. Прво полека прават полукруг, па на враќање се устремуваат, го испуштаат смртоносниот синџир од бомби како молњи се движат, се губат во синилото, чиниш се птици грабливци. По цел ден надлетуваат. Грми планината. Секој пукот, секоја експлозија одекнуваат како да се распукува земјата. Невидена паника. Премногу е студен денот. Јануарскиот студ гризе до коска и ти се чини дека срцевината ти ја глода.

Пред нас со мака се движи и Поликсена Кирјаку. Таа е санитарка во нашиот баталјон. Лицето и е измачено и болно. Темно. Раскопчаните гради забрзано и со мака вдишуваат воздух, вратот и помодрел, а раката и фатила мразулки, ја крие небаре да не и ја однесе белината. Чекори и посакува да им помогне на ранетите.

Стигнавме до долгата заледена стрмнина од долината. Згазнав на бош и се лизнав надолу. Се превртев, продолжив да се свлечкувам надолу. Тукушто се созедов, гледам како сноп по мене се тркала и Леонидас, ама тој беше крупен и брзината на лизгањето беше многу поголема и изгледаше застрашувачки, не дај Боже да наиде на некое дрво…

Потоа внимателно тргнавме по снегот што фатил ледена кора која ни ги крепеше чекорите.

Леонидас се крсти и се моли, а јас ги корнев со премалените прсти мразулките од косата и веѓите.

-Ела со мене, - ми вели загадочно капетан Ѓорги Калков, и речиси ме влече накај ископаниот гроб во смрзнатиот снег, зад една неголема ела.

-Знам дека се сакавте како родени браќа, па посакав ти да го погребеш.

Во гробот лежеше мојот побратим Јован Котев. Беше ранет во левата нога од авионите и небаре за час му истекла последната крв. Лицето му беше модро и згрчено од болка.

Плачев и го покривав со грутки снег, барем пред моите очи да не го колват грабливите птици или да не го растргнат гладните волци. Се свртев кон полковникот и му реков: отсега баш не мие гајле за револуцијата.

Капетан Калков и мајор Аријанос, не рекоа ништо, не реагираа, само во најскришното делче од левото око на мајор Аријанос наѕрев колебање дали да ме оправда или да ми врзеш слаканици и да ме убие како пес на смрзнатиот снег. Моето заминување на тој свет би го оправдал, ама тука пристигна полковник Софијанос кој беше од оној тип луѓе кои сакаа работите да течат природно и спонтано и ги презираше сите што ја гледаа наивно човечката судбина, посебно на сите нас што спрема нив бевме навистина незрели деца за таква војна.

Полковникот рече:

-Нека му е вечна слава!

Ние го повторивме истото и тргнавме накај височинката.

Во тој миг отспротива тукушто се пробија и пристигнаа многу наши соборци. Тоа беше полковник Мичо Палиологу, кој имаше задача да ги одбрани патот и преминот над мостот Бурезани, но и да го блокира патот кон планината Калпаки.

Тие ја донесоа веста дека еден баталјон бил уште опколен од владината војска на самата планина Калпак ии имало многу измрзнати и дека не можат да се движат при отстапувањето.

2.

Сонцето веќе беше исчезнало зад планините. Огромниот сињак од темни облаци над долината на Коница се движи бавно на запад, како влечен од таа се послаба светлина што ги бои неговите рабови црвено. Одеднаш стана постудено и изгледа дека ноќта ќе биде невидена цикна, иако тоа е вообичаено за ова зимско време од годината.

Беше ноќ, дуваше силен ветер и страшна виулица беснееше во гората трупајќи цели ритчиња од снег. Некој пак офна, уште појасно повторуваше со офкањето. Во истиот миг офкањето се слушна појасно и пред да разбереме нешто. Пред нас меѓу голите високи дрвја се покажа едно бледо лице и големи вдлабнати очи што не гледаа страдалнички.

Војникот одвај изусти:

-Волци! Волци не нападнаа. Цела глутница, ене онаму… Спасувајте се! Од нашите можеби има расчеречени. Тие беа немоќни да се бранат. Малку се спасија и се разбегаа прудулу.

Беше страшно возбуден и целиот се тресеше како во треска.

Се собравме на куп. Но моќниот брзоплет и гневен Аријанос, со песји очи и еленско срце, грубо се истурка на средината и стоеше скршено на средината и се до зората така со страв…

Леонидас рече:

-Животните се борат за да се нахранат, но не водат војни. Нам, денес, единствената цел ни е да убиваме луѓе. Колку голема измама!

Најстарите истории на човештвото, неговите митови и приказни за јунаци, главно зборуваат за смрт и за убивање. Ние во оваа војна сме одредени да умреме поради тоа што некој ги замислил формата на колективната омраза и сите измислени конфликти. Тие добро ги знаат сите форми на оваа војна. А тие форми се болести на достоинството, неправди, понижувања и фрустрации од секаков вид. Тие форми предвидуваат колективно себеосакатување. Идеата дека човекот по природа е добар, ја нема.

Катадневно го слушам Аријанос:

“Ние сме револуционери, потпорни столбови на татковината, на овој народ! Удрете, пукајте, да ги уништиме, само така ќе исчезне злото во светот, зашто веќе нема да има злосторници”.

Затворив очи. Нешто необјасниво, што се уште ме прогонува… Тоа гневно ‘ржење што не нетера да молкнеме. Верувам дека Господ знае што си змислуваме.

“Господе, така ли треба да умреме?” си велам во себе.

Чекавме долго. Но ноќте како да немаше крај. Ми се стори како да се огласија посмртни песни, кои во нашите сопствени уши звонеа како трубите на страшниот суд.

Војниците од владината војска веќе се повлекоа, искористувајќи ја слабата светлина за да продолжат да не гонат, се вратија во својот логор што беше токму кај излезот од градот. Кога стигнаа во логорот, командантите му поднесоа рапорт на генерал Зафиропулос, а тој им се обрати со невидено задоволство:

Така треба да се води модерна војна, со максимална координација, а не на инцидентниот начин на бунтовничките сили на генерал Маркос, и резултатот е тука, за да може да го види секој. Ете (покажа на јамката), тоа се педесет и пет негови луѓе распнати на крст и обесени. Тие се “виновни” затоа што, по наредба на генерал Маркос, стотици невини луѓе што ги натераа сосила да го преземат градот наш и од него да направат престолнина и трон за генерал Маркос, ги нашла бедна смрт. А според идентификацијата на телата, тоа се невини селски деца…

“Но бандитите треба да сфатат дека злото се корне, не се негува…” – рече високиот офицер Зафиропулос од владината војска. Едно свештено лице одвај се проби во првите редови и, небаре посака да го оспори офицерот, и му рече:

-Господине генерале, нашата религија недозволува такви одмазди. Вашата денешна одмазда би му дала значење на нивното движење, нивниот водач, генерал Маркос, би станал идеал на фанатиците, самиот фанатизам би се покажал оправдан. Ние коничани спасот треба да го гледаме во враќањето кон доблестите, кон своите корени што ги имаат во патријархалните имашливи фамили и во црквата. Повикувањето на одмазда, на војна на сите против сите, значи

отворање на нови лавиринти на омразата. А во таква ситуација е преголема моќ да се најдат едноставни објаснувања. Тогаш и Господ Бог ќе крене раце од нас. Единственото оружје со кое може да се победат злото и омразата е почитта кон овие убиени и љубовта кон овие млади пленови од маркосовата војска.

3.

Седам на крајот на постелата на Павле Шуменков, кого ние уште од мали деца го завикаме Димо. Можеби затоа што во книгата на родените го имаа запишано со името и презимето Павлос Димос, а сите нас не имаа прекрстено, ама си се познававме дека сме од Шуменкови, од Косенкови, од Римпапови, од Ристанови, од Котеви, Киркови, туку, ете, така го викавме Димо, најмногу затоа што така го викаше и даскалот Какламакис кој не учеше на грчки.

Шуменков се повеќе и повеќе копнееше за дома, ама го гледам дека е и во некакво бунило, нешто загрижувачко го мори.
Лекарот поминува покрај нас без да го погледне.

-Тој ме мрази, - рече Димо.

Му одговорив:

-Така си замислуваш. Лекарите не мразат никого. Тие се придржуваат кон Хипократовата заклетва, која произлегува од неговата позната изрека; “Природата лекува, а лекарот се грижи за болникот”.

Седевме еден спроти друг, колената ни се допираа. Димо молчеше.

Му реков:

-Готов сум да ти поверувам доколку можеш да ме натераш да ти поверувам. Заколни се во најсветото за тебе.

Тој ми одговори:

Заколни се, ако ме предадеш, јазикот да ти се исуши и засекогаш да занемеш.

Му одговори:

-Се колнам.

Димо проговори и рече:
-Вчера на визита, заедно со дежурниот офицер, тој молчеше, а офицерот ме нарече: “Хипохондрик”. Лекарот, му објаснуваше на офицерот: “ Стравот е една од примарните емоции. Оние што не можат да се контролираат, од тоа може да им зависи животот”.

Му изнакажа еден куп стручни зборови за стравот.

Потоа му рече:
“Во секоја војна психосоматските болести се во пораст. Посебно кај таквите млади луѓе”.

Офицерот ме погледна со понизност и ми рече пред сите:

“И ти си ми некој војник на нашата славна Маркосова армија. Страшливец! Срам да тие што си се нашол во нашите редови. А си бил од родот Македонци од родот на најголемиот војсководец – Александар Велики”.

Му реков:

-Смири се. Биди задоволен што се извлековме од смртта.

Димо молчи, ама лицето му покажува дека во него надоаѓаат почетоци на мачни одговори.

Се чинеше дека ја оплакува смртта на нашите другари, но и својата.

-Мојата смрт нема да биде последица на старост, на болест, на изнемоштеност. Јас сум убиен. Убиен од измамници. Од оние на кои им требаше градот Коница за да направи престолнина, заложувајќи не нас, невините деца. Ти знаеше дека од 320 што не пратија тука, во Епир, не останавме ни 70 и тие сме полусакати. А генералите сонуваа да слават, сонуваа да бидат херои. А што мислиш, ние што ќе бевме, ние пак ќе бевме слободни?

Нашиот ум тие го имаат заробено. Мислиш дека ние сме слободни? Не, туку ни ја наполнија душата со гнев и ни го тутнаа оружјето в раце, оружјето да убиваме.

И ти не си Ти, јас не сум Јас.

Ако убиеш некого, мислиш дека твојот Бог ќе се задоволи? Дали ти мислиш дека ќе станеш слободен? Твоето срце ќе остане заробено и душата ќе ти биде полна со гнев или мислиш дека ќе те слават?

Кој е твојот и мојот Бог, ако му го урневме домот на граѓанинот од Коница и ќе ни простеше?...

Ние, Маркосовите партизани, се движиме слободно по планините, но со заробено срце… Клучот на твоето и на мое срце го има некој што го знае само нашиот Господ Бог.

Што мислиш ќе умее ли Македонија да пее онака како што пеевме ние за неа?

Ме плаши немоќта и нашата македонска безгласност, ме плашат беззаконието, безредието и хаосот. Ме плаши војната, ме плаши иднината, ме плаши живеењето без перспектива, без иднина, ме плаши тоа што генералите ја испланираа ова граѓанска војна. Ме плашат омразата, несигурноста, лошотијата на луѓето и губењето на довербата. Се плашам дека ќе ја изгубам прадедовата куќа. Се плашам од клетвите на луѓето на кои им ги урнисавме куќите. Ме плаши нискиот степен на свесност за реалноста и за сопствената одговорност. Се плашам од тоа што не ја знам вистината за оваа војна и доаѓањето на 320 млади Македончиња дури во Епир, и дека треба токму ние невини – подготвени да умреме за да стане Коница престолнина на генералите…

Зар и сега не можеше да поверуваме дека НОФ и АФЖ, кои се носат со интернационалстичките заблуди и со надежи за нас Македонците дека би требало да го бараме спасот во бескласното општество и дека токму тука е клучот за слободата на Македонија?!

И ете ти го крвавото финале, се случи во овој град Коница.

Но ние Македонците треба еднаш да сфатиме дека тие наши нофити и афежисти се со поданичка свест и не знам колку им е грижа за тоа што животот им згаснал и на многу твои другари во оваа црвено губилиште.

Ех, побратиме мој, ова крваво мачилиште можеби ќе остане запишано во црната книга на комунизмот, но нас Македонците нема да не споменат.

Ние имаме невидлив водач кој ни го покажува патот кон човечката несреќа.

Тоа е единствениот одговор за стореното зло и за она што следува! Ме плаши тоа што злото и деструкцијата се гласни, а разумот е тивок. Се плашам дека, кога ќе се вратиме (ако се случи тоа), нема да најдеме ништо од прадедовите огништа…

Оваа македонска катастрофа ќе остави трајни лузни кај сите нас.

Ти знаеш, нашите баби и дедовци велеа:

“Големо зло е да не правиш добро”.

Се вцасив од неговото размислување, а тоа го знаев и јас ама никому не го кажувам.

Посакав да го утешам:

-Ти знаеш дека многумина од нашите се мртви, но и многумина останаа без раце, нозе и тешки инвалиди.

Ме погледна:

-Цела ноќ не спијам кога ќе помислам како беше. Срцето ми чука забрзано, мислите ме убиваат – леле, умирам. Ме фаќа некакво лошење, тресење, потење, бранови на топло и ладно и страв од смртта.

Во ноќта стравот ми се зголемува, чувствувам напад на паника. Сакам сосе постела да избегам, а не знам каде…Не сакам да се дружам со никого. Не можам да мислам. Ја загубив довербата во секого. Во стомакот чувствувам чемер, не сакам никаква храна.

Тој ја наведна главата и ми рече тажно:

-Ние веќе не се враќаме дома. Станавме бездомни деца, глотка на ветриштата од војната. Во моите гради тоа боли. Нашите пријатели што загинаа во Коница, тоа страшно боли. Нив веќе ги нема… Чувствувам во моето срце како волк самотник да трча, да рие, да вие во моите гради, ме јаде, ме буди од длабок сон…

Ми дава знак да му се приближам. Се навалувам и тој ми прошепотува:

-Јас не верувам во некаква победа, ако уште еднаш не одведат во таква улична борба, ќе не сотрат… Ах, сите наши другари ги дадоа животите за животот на генералите. Колкумина мора да умрат додека да се дознае дека веќе премногу умреле! Колку уши и срца ум се потребни за да го слушне човековиот крик? Токму тој наш младешки КРИК?

А сите оние што останаа да лежат по улиците на градот, оставија аманет дека Нова година ќе ја дочекаат дома, ќе бидат заедно со своите.

Што мислиш: на ова боиште сме дошле божем со слава да правиме македонска историја?!

Одговорот, пријателе, е одвеан од ветрот, одвеан, неповратно.

Ја ислушав сета исповед со шепотлив глас. Би се рекло дека во шепотот мрмореше една таинствена страшна судбина, една грижливо опеана тајна човечка трагедија.

Кон крајот мислите почнаа да му се матат. Ги крена рамнодушно раменатa и ме гледаше.

Му реков:

-Нека биде Бог со тебе.

4.

Медицинската сестра Хрисанти имаше лице со облик на месечина, симпатични образи како шимпазно, костенливи проникливи очи и цврсто тело. Таа не е класична убавица, но зрачи добрина и блискост кога ги врши најсложените преврски. Очите и имаат необичен магичен изглед.

Тоа необично утро ја донесе и веста дека Димо сам направил јамка и се обесил на еден висок млад бор. Го нишал ветрот, така босоног… Оставил и проштално писмо:

"…Тешко е да мислиш убаво и добро ако мараш да мислиш само на тоа како да ги преживееш минутата и денот… Денес нашиот поглед за животот е уништен…"

Господе, така ли требаше да го видам Димо. Затворив очи, ги отворив, ама ми се наполнија солзи.

Реков: - Судбина наша.

Зад мене се слушна гласот на Леонидас:

-Судбината, според Лајош Зилахи, е нешто што дејствува пред да се манифестира во просторот, пред да се претвори во настан. Длабоко однатре се сложуваат и хармонизираат разни делови од случувањата и, кога ќе се претворат во видлив настан, обично тогаш велиме: "Судбина" и тогаш обично е предоцна да се влијае.

Ти одамна велиш, навикни ја душата на мали несреќи, за да биде имуна на големи несреќи. Ништо не убива толку во човекот колку што убива кога така ќе го видиш саканиот човек.

Пред да си одиме, веста во мојата свест, миг-два бев вчудовиден. Ме обзеде чувство на грозење, немир, сожалување и одбивност кон мрачната природа на смртта.

Прашав: - Мртов ли е?

Ех, побратиме мој, јас немам сила да го гледам, но душата вечно ќе ми тагува…

Не знам зошто, ама смртта на Димо многу ме здоболе. Долго мислев на него. Многу другари пред моите очи ми издишале, ама некој се одвојува и останува во сеќавањето.

5.

Во деновите на рахабилитацијата во заедничката болница се собравме на куп и разговаравме за добрите и лошите страни на пушката.

Сите пациенти на нашиот оддел имаа борбени искуства, па зборувавме само за битките. Најчеста тема беше: зашто во таквите битки Германците беа вооружени со автомати, а ние ги немаше. Со зла волја ги наведуваме маните на одредени пушки и автомати. За една од најслабите точки го сметавме неточниот нишан, застарен и несмасно сместен над цевката. Сите признаваме дека во добрите страни спаѓа хромираната цевка што не ‘рѓосува и не бара редовно подмачкување. Со тоа најверојатно ќе беа решени војничките маки со чистењето и затоа никој намаше забелешка. За кундакот и дршката потврдивме дека се во извонредна верзија и се направени од дрво, а подоцна се заменети со склоплив метален кундак.

Заклучивме и дека дизајнерите ги одразуваат, повеќе потсвесно отколку немерно, концепциите на културата на кој и припаѓаат. Во САД по традиција на преден план се ефикасноста, виртуозноста, спектакуларноста. Јапонските пушки се квалитетни, но не можат да го отстранат впечатокот дека се само преработени, иако добри копии. Германската традиција, рековме дека полага на издржливоста и на извесен начин е блиска до руската, но затоа внесува многу елементи за доста удобност, а старо правило е дека колку што е една направа покомплицирана толку е поранлива. Во Русија отсекогаш се гледа на функционалноста, додека дизајнот и другите шминки се без никаква важност.

Најмногу се задржавме на ефикасноста на зрното (куршумот) и заклучивме дека тие се “гаранција” за успешноста, затоа што ротираат во телото на погодениот и предизвикуваат смртоносни рани.

Од оваа наша анализа, според гестикулациите, остана најзадоволен Аријанос, но не можеше да каже ни збор зашто куршумот го имаше погодено во долната вилица, но нашата дискусија го праваше горд поради тоа што ние и во слободното време живееме со суштинските проблеми на војната…

6.

Неочекувано, пред земјанката не посети Виорели Sин Sиф, Влав, млад човек со врзана коска. Тој беше фатен токму три дена по нападот на градот Коница и заробен со неговиот копачки и друг алат со кој подолго време трагал по скриено богаство. Сите го избегнуваа и беше маркиран од политкомесарите како сомнително лице – капиталист. Во тоа се уверив кога неколкумина од нашите тргнаа некаде и не сакаа да се дужат со гостинот. Но Sин Sиф не им врза кусур, а можеби и не знаеше дека е следен директно од политкомесарот Спирос. Неговото сомнение се засновуваше врз тоа дека градот Коница е многу стар град што може да крие богатство. Не се зборува ни за бродови што се потопени крај брегот, а во кои имал многу златници или за скап порцелаин. Но затоа постои митот за богатиот италијански генерал што немал наследник. Тоа богатство во денешни пресметки (1947 година) би изнесувало неколку милјарди фунти.

Во случајот златната треска се појави пред пет години, на закопот на еден пасиониран копач на скриеното богатство во боровата густа корија, место од споменатите воени архиви , каде што неколку години бил лоциран италијанскиот главен штаб за Епир по окупацијата на Грција во Втората светска војна, и таму било собирано и скривано огромното количество злато. И од точни разузнавачки извори се вели дека Италијанците, кога се вдале во бегство, го закопале на 5 м северно и 7 м или 17 м источно од големиот бел бор што бил делнат од јужната страна со голема тапа секира и на тоа место било напишано презимето на аѓутантот Алберто.

Меѓу копачите, кои обично работеле ноќе, токму на полноќ, кога месечината е млада, бил и Виорели Sин Sиф, но тој сега тврди дека уште не може со сигурност да го најде токму тој бел бор…

Досега од илјадници коничани што имале можност да ги гледаат книгите, никој не се усреќи. Но токму тоа ја шири несреќата.

Се јавила и една друга усна верзија – властите на Коница воделе преговори тоа богатство да му припадне на режимот, значи, да и биде отстапено на Атина и да стане дел од државните резерви.

Се шириа и вакви гласови: можеби сам си е виновен Виорели Sин Sиф, оти, кога го заробија, тој, се збуни. Без да сака, подозриво не праша:

-Ако навистина сте дојдени за златото, сакам да ви се придружам и ќе ви ја покажам картата на италијанскиот логор, а тоа можеби ќе ви помогне да не лутате и да не губите време.

Тогаш политкомесарот Спирос и Аријанос прснаа да се смеат и Аријанос му рече:

-Ние се бориме за социјализам, а овој не тера да бараме богатство! Што сакаш? Повтори пак!

7.

И така минуваа денови, месеци, доаѓаа нови ранети, а вестите од војната продолжуваа да пристигнаат, некогаш добри, некогаш лоши.

Неколку месеци подоцна во ладна врнежлива пролетна ноќ во земјанката бевме сами со Леонидас.

Тој ми рече:

-Виде ли што направија од нас, дури да не зборуваме за нашите болки, туку да длабиме во совршена анализа за ефикасноста на убиственото зрно… Којзнае уште што ќе направат од нас…

Леонидас имаше изглед како на позната аристократска личност. Кога ни делеа храна, ќе фрлеше поглед наоколу и ќе направеше гримаса, покажувајќи одвратност кон мирисот на туч манџата или смрдливата риба, лукот и евтиниот тутун, а тоа често пати имав забележено дека го прават Димо Шуменков и Рула, но таа го правеше тоа пред да се омажи за генерал Царухас.

За Царухас и Рула си намнисувам дека не го завршивме разговорот дури до длабоката ноќ.

Взори, тукушто се растуркаа облаците и огреа сонцето, Леонидас ја извади главата од окното и ми вели:

-Денес, полека ќе те прошетам до врвот на карпите и оттаму ќе ти го покажам елитниот логор на Водачот и генералите.

Глава 10. - Животот и судот на генералите

1.

Една ноќ пред пречекот на Нова година, генерал Царухас лежеше буден и околу пет часот си свари чај во едно мало ѓумче. Касна малку препечен леб (паксимад) со путер и запали цигара. Се чувствуваше уште крепок, но кршлив. И почна детелно да го препрочитува прошталното писмо од Рула. Се стркала врз дебелиот слој папрати, касајќи си го горниот дел на раката, почна да чита:

“Ме чуди, генерале, зошто не сакаше да останеш во моето срце?

Животот се живее сега, затоа што не знаеме што ќе се случи утре… Очекував да бидеш љубовник со бујна фантазија, со многу страсти и сили, а ти ката вечер на газиената ламба ги препрочитуваше пропагандите на комунистите и партиските задачи на Водачот Захаријадис; лисецу ниеден, така си го заработил и чинот генерал…, и најубвата земјанка на Грамос – земјанката на Царухас, во логорот Ликорахи на високото раководсво.

Јас сум живо суштество и ги сакам луѓето и затоа решив да се втратам меѓу нив…

Но јас сум несреќна, како и сите тие 320 млади луѓе што не донесоа од Македонија во вашиот Штаб за да не турнете денес во хаосот на неоствариво. Тука каде што владее законот на дивината. Твојата партиска преданост, генерале, те прави многу суров. Не ми беше непознато дека тоа ми беше прва таква љубов, а можеби и последна на овој свет. Со нејзиното исчезнување се насочив кон бездната. И покрај моите големи страдања во оваа влажна земјанка ме обзема некое таинствено спокојство ако се вратам кај оние “диви момчиња”.

Но кажи ми искрено, барем еднаш, дали си ја обновил својата стара љубов со Вангелица до моето доаѓање за твоја домаќинка во земјанката на Грамос?

“Сега можеш да ‘рчиш, да зборуваш на сон и дури да се раскршиш низ целата земјанка.

Генералот се насмевна.

Иако се повеќе се подгрбавуваше, сепак упорно се трудеше да не оди подгрбавен, а остатокот од костенливата коса го чешлаше преку ќелавата глава.

Стана и се погледна во огледалото што беше закачено на едно чаталесто дрво и си рече: “Еве го стариот партиец кој се уште му се радува на секој нов ден и нов чекор кон комунизамот, а партијата знае да наградува. Сега сум генерал на славната народна армија ДСЕ.* Се виде дека подочниците му фатиле црни венци и дека му се

испиле образите. Но во тој миг се случи еден чуден детаљ: огледалото му падна и се скрши.

Иако тој беше закоравен атеист, во себе си рече: “Скршеното огледало носи седум години несреќи”.

Се сврте, го допре дрвото и чукна по него: “За среќа”, рече. “Кога среќата ти е наклонета и сакаш за неа да зборуваат, чукни по дрво. Така злите духови нема да слушнат за што зборуваш ќе ти станат љубоморни”.

Тие зборови си ги спомна од баба си.

Некогаш се верувало дека духовите живеат во дрвјата, зашто во нив не влегува блесокот на мољњата. Но генералот си спомна и дека на луѓето што е криеле в црква од секакво зло, црквите им овозможувале засолниште, дрвото ја симболизирало сигурноста преку црквената голема врата. А сега, тој е во земјанка без врата. Се созеде и рече:

“Господова работа”.

*ДСЕ – ДАГ демократска армија на Грција.

Беше последниот ден од 1947 година. Се сети дека го очекуваше лудата ноќ кај Водачот Захаријадис и генерал Маркос – пречек на Новата 1948 година.

Тоа беше станало традиција, по секоја победа се собираа во ледената пештера, а сега беше повод дочекот на Новата 1948 година.

Беше ноќ. Во темницата на земјанката догоруваше огромната пенушка извлечена од под снегот. Генералот наслушуваше клокот на подземни води, од сите правци надоаѓаше бучава, гракање на птици, нешто севезден притаено во главата татни. Страв. Од свечено украсената пештера доаѓаше се погуст мирис на печени прасиња, јагнишa и маслинки од Каламата. Генерал Царухас се вознемири кога си ги припомна и ги набројуваше сите брадести офицери: команданти и политкомесари како врескаат секојпат штом ќе ја испијат чашата вотка или рецина, но повеќе од вотката како специјалитет се пиеше само при таквите приеми кај Водачот. Па како севезден лапаат нешто: јадат печени јарињa, јадат понекоја печена кокошка, па дури и свињa цела би излезе. Од многу лапање не останува да си ги избришат мрсните бради, а од лакомото лапање на машките земјанковиди брзо им растеа мешињата, на жените бутовите и задниците.

По толкавото лапање, некои излегуваа од пештерата на воздух дури во никое време, протегајќи се, ги растеруваа снегулките што се пластеа по некокав природен редослед и разговараа за убавите жени на неколкуте генерали, а Рула отсекогаш им беше на окото и желбата секој да се истркала прудолу низ мекиот снег прегрнат со неа.

Земјанковидните беа пукнати од мерак да се прикажуваат како борци на новото општество. Оти токму тие биле првите почетни припадници на новиот сој господари на сега темничавите земјанки. Земјанкоидните многу сакаа да се прикажуваат итри, а и од сопствената глупост прават паметник на итроштината. Своите измами ги нарекуваат слобода, од што треба да се заклучи дека се во царството на слободата и неограничените можности кон комунизмот.

Еден од земјанкоидните на високото раководство, работејќи на една подолга студија, посака да одговори: "Колку може да издржи еден народ да живее во земјанките на Грамос? Тој дојде до заклучок дека лесно се влегувало, а на излегување се чекало одвратно долго, како да чекаш на рампа да помине товарен воз. Тој установил дека темнината ти станува пријател, и тоа било природен и животен амбиент на земјанката, но не е препорачлива за човекот оти со текот на време добива некои особини на опачен крт. Другиот феномен во студијата го образложил со дополнителни анализи и го поткрепа, дека обилното консумирање на мрсна храна го оштетува мозокот. Освен што предизвикува затнување на крвните садови, мрсната храна може сериозно да го оштети човековиот мозок, значи, големите количества масти ги намалуваат речиси сите функции на мозокот.

Но и често се случува мрсната храна да предизвика инсулинска резистенција, односно дијабетис.

Она што посебно го загрижи Водачот откако ја прочита оваа опширна студија, која дури и го исплаши, беше: прво, со оштетување на мозокот веќе се појавиле неколкумина од врвот, а такви знаци наводно покажувале и неколку генерали, од кои еден бил пратен на лекување дури во Сибир. Второ, дека од опачната болст – дијабетис се појавиле и многу млитави и поблаги во својата револуционерна дејност и трето се јави страв да не зафати и црната или магарешката кашлица.

Водачот ја нарече таквата положба дури алармантна. Тој се до последниот миг имаше голема надеж во генерал Царухас, но тој сега сам во земјанката молчи и во себе си зборува: "Сега Водачот, со план доверба, спокојно се весели во 'пештерата', градена до половина в земја од дебели греди, а сигурен сум дека ќе праша; каде е генерал Царухас со убавата Рула, да блесне…"

Размислува за миг. Раката сама му тргна накај појасот. Го извади револверот и го доближи до слепоочницата и молчи. "Не. Не…" си рече. Тоа може да ме остави недоумрен и да се мачам, туку ги крена очите кон покривот на земјанката и гледа. Ноќ без месечина. Ала со прстите по оружјето што беше наобесено по ѕидот.

"Ми се повраќа од срам и од јад", си рече.

Царухас се наоѓа во ранлива положба, без помош… Се плаши, ако заплаче за помош, солзите ќе му бидат заменети со иронична насмевка.

Си намниса на една средба, кога еден млад офицер поднапиен и се приближил на Рула и и рекол: “Биди дама, биди секси и не сфаќај го животот пресериозно…”

Царухас долго размислуваше дали сето тоа да му го напише во едно прошталон писмо на Водачот.

“Како? И какво писмо би било тоа. Да му ја напишам вистината? Ќе му напишам. Смирено, без навреди, човечки, но решително и неодречно, дека Рула е туѓ елемент на партијата и можеби ќе ни донесе голема штета и ја протерав… А тоа го сторив поради будност…”

Загледан во митралеското окно, далеку во магливиот декемвриски студ, во сивилото, воздивнува и плаче. Тој сега е во осамена положба и неговата иднина изгледа мрачна…

Чашите беа штотуку кренати, уште неиспразнети, кога во пештерата влезе дежурниот капетан Тасос Караникас и почека момент да извести:

Συντροφε Αρχιγε (другар Главатаре).

Генерал Царухас е најден обесен во неговата земјанка, без никакви знаци на насилство.

Водачот ја доиспразни чашата со руска вотка и рече:

-Да не го напуштила убавицата Рула?

Βρε ο βλακας (бре глупавиот)??

Изигруваше тврд непоколеблив комунист.

2.

Ликорахи, 15 јануари 1948 година. Во пространа барака се одржува заседание на Воениот совет што беше закажано по крвавиот пораз од нападот на градот Коница и имаше цел да се анализираат сите воени детали од овој катастрофален пораз и неуспехот на славната Демократска армија под команда на генерал Маркос да го заземе градот Коница. Стратешката и политичката цел на партизаните беше да го урнат авторитетот на кралската влада и владината војска и паралелно со тоа да се подзголемат верата и симпатиите кон ДАГ. Но не помалку важна беше и надворешната цел: да се убедат владите на социјалистичките земји дека ДАГ била способна да ги заземе градовите и да се задржи во нив и со тоа да се изврши притисок за признавање на новосоздадената Привремена демократска влада во планина.

За стратешките и тактичките погледи требаше да реферира началникот на штабот за воени операции на ДАГ Логотетис Георгиос (Самаридис).

Тој во врвот на воениот штаб беше старо – ново лице во политиката, вешт на јазик, се добиваше впечаток дека е изненаден од воената практика.

Трагикомичен во улогата на изработувач на планот за напад на градот Коница. Кога зборува ништо не се разбира. Заскитан човек во воената област.

Тој беше предвреме дојден и шеткаше пред земјанката на генерал Маркос, обземен од некаков нејасен немир. Оти тој и за најмалото задоцнување на состаноците, посебно на таквото високо ниво можеше да го стави човека под лоша светлина и покрај неговите високи квалитети. Тоа му останало како навика откако работел во илегала. Но сега Логотетис се трудеше да не заборави, она што беше главно да го потенцира пред овој висок воен форум, дека во војната постојат две области и тие основни специфичности на војувањето се стратегијата и тактиката. Тие две компоненти го сочинувале единствениот и консеквентен морален систем и биле најзначајни и најстроги во историјата на реалното војување во човештвото. Така си имал запишано во белешките при проучувањето на воената теорија – посебно кога ги проучувал руските воени великани и подвизите што ги превале Суворов, Кутузов, Жуков и Ворошилов…, но не го испуштил ни Чапаев, кој најмногу го проучувал, оти ученоста на нашите генерали била речиси иста со славниот Чапаев. Значи, повторуваше Логотетис за да не заборави дека, ако се војува за победа, треба срого да бидат разработени стратегијата и тактиката.

На ѕидот висеше мото напишано со големи букви:

ΠΡΟΣ ΤΗ ΝΙΚΗ

ΖΙΤΩ Ο ΔΣΕ*

Захаријадис беше навикнат на овации. Но сегашните овации се очекуваа посебно од највисокиот воен штаб, најдобриот дел од народот и иднината на народот.

Аплаузите ја потресуваа бараката, офицерите викаа: “Да живее другарот Захаријадис! Да живее најголемиот син на роботниот народ!”

-Другари, -Захаријадис се насмевна и посака да им даде знак да почне заседанието.

Самаридис, кој во Штабот беше еден од почитуваните високи офицери, поседуваше големо чувство за одговорност, беше доверлив човек на комунистичката партија и строг. За него велеа: Тој може да го принуди човека постојано да ја преправа истата работа додека за него не биде совршена. А тоа се потврди кога го рашири на масата големиот лист хамер, се видоа разнобојните стрелки и Логотетис рече:

-Со црвените стрелки се означени нашите напади што треба тотално да го разбијат на непријателот, а со зелена боја се упориштата на владината војска. Некој од присутните рече:

-Од стратегиска гледна точка, целата акција беше детално и внимателно испланирана. Со еден збор – чапаевски напад.

Мавташе со еден лист хартија и почна да чита цела низа дефиниции со кои се дефинираа основните воени правила на стратегијата и тактиката.

-Вистинско знаење. Го очекував ова од вашата остроумност, другар Самаридис, - му рече генерал Маркос повлекувајќи обилно дим од цигарата "папастратос".

Генерал Маркос, му беше познат на Водачот како човек кој фанатично се движи кон својата цел.

*Кон победата! Да живее ДАГ!

Подготвеноста ја потврдува со високо кревање на рацете и со бесмислената упорност на голем инаетчија.

Водачот еднаш го нарече гениј на инаетчиите и му припишуваше животински особености, па често велеше "…генерале, се инаетиш како магаре на мост", или "генерале, инаетот глава кине". Ама генералот си го тераше своето и мислеше дека инаетот е поблаг и од медот и со тоа ја осмислуваше својата кариера, ја дефинираше, ја операционализираше.

Националист, интелигентен, со големо неформално образование, итар и опасен, Водачот знае дека само некои недоветни офицери се уште веруваат дека неговата тврдоглавост и неговото мрморење се израз на висока интелигенција и политичка зрелост: користи се, само за сопствени интереси, газејќи по туѓите.

За Водачот тој негов галоп кон местото за Бог на Грамос, бил и е во погрешна насока, а на Водачот најмногу му пречеше тоа што Маркос не можел да сфати кој треба да биде Бог.

Водачот го следел долго време, посебно откако го назначи за генерал и главатар на ДАГ. Еднаш дури го нарече:
"Матен мистик без особено образование и стратешка подготвеност. Идеален тип што не ги разбира нештата. Тој стана маскиран заробеник на фикс-идеи".

Захаријадис често се смееше во дискусиите на Маркос кога категорично ги отфрлаше неговите мислења.

"Внимавај, генерале мој! Од тебе зборуваат незрелоста и неукоста. Ти ги претпочиташ личните пред колективните искуства на човештвото.

Досега не сум сретнал понеобјективен од тебе.

***

Бил толку разработен планот дури и целата влада со своите министерства била многу функционално сместена во гимназијата на градот Коница, па дури било предвидено (а тоа произлегувало од функциите на министерствата) за секое министерство на кој кат би било сместено и на која врата да им се напише.

Први кат: Потпретседател и министер за внатрешни работи – ГИЈАНИС ЈОАНИДИС.

Втори кат: Претседател на Привремената влада на слободна Грција и министер за војска ДАГ – генерал МАРКОС ВАФИЈАДИС.

Трети кат: Министер за правда – МИЛТИЈАДИС ПОРФИРОГЕНИС.

Трети кат: Министер за надворешни работи – ПЕТРОС РУСОС.

Во градската болница: Министерство за здравство – ПЕТРОС КОКАЛИС.

Во градскиот хотел: Министерството за социјала и грижа за работниот народ – ВАСИЛИС БАРЏИОТАС.

Во градската кафеана: Министерство за национална економија – ЛЕОНИДАС СТРИНГОС.

Во еден дел од поштата: Министерствот за земјоделство и сточарство – ВЛАНДАС МИЧОС.

Самаридис со смирен тон објасни дека во нападот учествувале два полка со околу 3.000 борци и еден независен баталјон и четири полка биле распоредени во длабината на реонот на градот Коница, покажувајќи по стрелките. Здивна малку натажен, чиниш сака да изрази некакво сочувство за неуспехот, и рече:

-Прв пат нашата демократска армија употреби топовско гранатирање од две топовски батерии кои беа распоредени над градот, - покажувајќи ја местоположбата.

Потоа следуваа информациите со кои располагаше Генералштабот дека градот Коница го бранеле и обезбедувале еден пешадиски полк, една чета вооружени граѓани кои многу си го сакале градот и полициски сили. Се на се силите на противникот немале повеќе од 2.000 војници.

Нападот почна на 24 декември 1947 година, траеше до 4 јануари 1948 година.

Загуби:

-Од наша страна жртви 700 партизани од кои 250 мртви.

Од Владината војска жртви 513 војници од кои 104 мртви.

Застана во став на почит и рече:

-Нападот на Коница не успеа!

3.

-Навистина е за восхит колку многу работи знаете, другар Самариотис – му рече генерал Гусијас дополнувајќи ги честитките од Водачот на генерал Маркос.

Гусијас, мал и полничок, беспрекорно го негува своето тело, однатре со најдобра храна и пијалак, и однадвор – со офицерска униформа, мустаќи, потстрижан, колонска вода и беспрекорно закопчан.

Тој досега беше безначеан и колеблив, но важеше како архаичен компромисер и голем "готвач" на политички интриги, но и на кадровски комбинаторики во партијата, а сега тука, на Грамос, стигнал до врвот со изграден систем на релации и комбинации, опасен. Но тој сега е во игра од технички причини, иако досега на воено поле беше тотално незабележителна воена фигура, која дури тешко се снаоѓа и во улогата на подофицер.

Водачот за него велеше:

"Гусијас е човек што може да го камофлира бесот и да го искаже на индиректен начин во форма на постоајано приговарање, озборување, непријатни и саркастични дофрлувања, игнорирање или прекинување на комуникацијата со одредени луѓе без никакво објаснивање. Но Водачот за него го знаеше и тоа дека Гусијас прекумерно ужива во пиењето и во храната и дека тоа му е чест облик на ублажување на чувствата и борбата против придушувањето на бесот.

Некои од офицерите се прашуваа:

"Кој е тој?"

Одговорот беше:

"Се е, само не политичар и воено школувано лице."

Полковник Софијанос не беше сосем убеден, но не знаеше како да им се спротивстави. Затоа го избра подолгиот пат, тргнувајќи од други аргументи.

Тој рече:

-Во тој план, навистина, уште стапките на мравите што не се внесени. Се е педантно исцртано од Самаридис. Ние водевме војна, а не игравме фудбал. Над нашите глави фучеа куршуми.

Одекна силна смеа. Тие се смееја, сите до еден, и Самариотис можеше да види како им играат адамовите јаболка. Се смееја и Водачот и генерал Маркос, ама во еден момент Водачот тропна со прстите по масата и сите замолкнаа како галени кутренца пред големиот стопан.

Полковникот продолжи и рече:

-Колкумина од нас ќе бидат исправени пред совеста, за да им биде кажано се на нивните мајки. И знаете ли колку ги нема сега во нашите редови: според пописот, со кој ми реферира штабниот

офицер, сигурно ги има околу двесте и четириесет и пет мртви и уште педесетина изрешетени од куршумите на снајперистите.

Потоа се јави за збор Георгиос Ѓанулис, чесен човек, добронамерен, со цврст став и со морални вредности на офицер. Отворен, комуникативен, упорен да биде близу до народот. Мошне способен, многу искусен за герилска војна. Имаше карактер и силни убедувања, силна волја и лојалност кон партијата.

Тој рече:

-Полковник Софијанос е совршено искрен и тој е примерен воин кој ги приврзува борците кон себе. Ние сите се разочаравме од тој план, од се што знаеме и немаме причина за радост, туку само за жалење поради една таква воена стапица што ја доживеавме со многу жртви на млади животи.

Нашата голема амбиција применета во погрешно време, ете, заврши со катастрофа. Оваа голема несреќа ја предизвикавме сами. Какво оправдување ќе им дадеме на тие стотина мајки?!
Ова не е помало зло од она што го направил Ирод во Витлем, иако тука е помала бројката, но ова ме потсетува на убиството на 14.000 свети деца. Никогаш нема да ќе можеме да го отплатиме гревот што го сториме спрема овие млади и неискусни за војна.

Полковник Софијанос растреперено рече:

-Денес не се случува ништо што претходно не се случувало. Само што денес сето тоа се случува цинично, од деца сакаме да правиме жртви и да ги прогласуваме за херои. Тоа сите нас што ја водиме војната ќе не однесе во гибел.

Очите на генерал Маркос и на Водачот Захаријадис се ококорија небаре тие можат да го сфатат рапортот на полковник Софијанос. Водачот се нали неколку голтки вода и долго молчеше. Најпосле изусти:

-Луѓе? – се праша тој сиот збунет потресен и продолжи:
-Не, не, ако е така, тогаш тоа е катастрофа за Партијата. Тука треба да се бара вината во воениот кадар, но никако да се обвинува партијата. Точно е дека не беа обучени војници или, подобро речено, беа луѓе, но деца. Деца под седумнесеттата година, - рече Захаријадис. – Никако не ни требаше тоа. Тоа не смееше да ни се случи.

Во тој миг се воздржа да го искаже бесот. Тој се ослободи од непродуктивните фрустрации и посака правилно да го насочи бесот. Со свој стил и начин посака да објасни и да фрли поинакво светлина на ситуацијата во која се расправаше за воената стратегија, но предложи подолг одмор.

4.

Лицата им изгледаа страшно. Владееше гробна тишина во која се слушаа само надворешната виулица и ветрот низ прозорецот како цвили како претепан пес.

-Не очекував такво потценување, полковнику Софијане, - подналутено му се обрати Самаридис.

-Ама самиот ми имате кажано дека не знаете да војувате, ниту пак би можеле на вашата возраст да ја совладате воената стратегија и тактика, сега кака даскал по нацртна геометрија.

-Ама како? – праша Самариотис и продолжи: - Јас сето тоа го нацртав, читајќи ги големите руски војсководци. Не можам! Не можам да ве разберам зошто сакате да ме дисквалификувате. А што ќе беше ако се служев со литература од капиталистичките земји?

Полковникот се насмевна.

Глава 11. - Сенката на бесмртниот лав од Вичо и Големите преселби: од Румелија и Тесалија

(Ιροηκί φάλαηγγα)

1.

Тукушто пристигнавме на планината Пиерија и покрај самата корија од високи борови направивме набљудувачко стражарско место и будно ја очекувавме "Херојската неворужана фаланга", која доаѓаше дури од Румелија и Тесалија.

Погледот од набљудувачкиот пункт беше мошне широк, но половината од целиот хоризонт пливаше во магла и апсолутна тишина. Се испулив со дурбинот на југ, каде што беше вгнездена непријателската војска, ама ништо не забележувам. Уште еднаш го шетам погледот по сите заветрини и пак ништо, забележувам само глангосани могили и стрвнички крвожеден волк како лунsа, а капетан Ѓорги Каљков ми шепоти:

- Тие умеат добро да се камофлираат…

Гледам се ронат карпите во темните витли, се ежат ридовите, небаре сето зло ќе истече низ долината.

Каљков, на еден припек од мартовското сонце, се навали на еден многулетен бор и си ја пошти кошулата која вриеше од вошки. Но така некако постапува, чиниш тоа го прави одмазднички. Се случува во одредени мигови дури и лицето да му се згрчи.

Го насочив двогледот кон него и го следам како на лицето му играат набабрените жилички.

Тој беше весел човек, со насмеано лице. Бил почитуван од сите; потекнувл од славно семејство од кое произлегле многумина слободољупци, особено неговиот дедо, прочуен илиниднески војвода.

Така и го запознав во таа далечна 1945 година, кога во нашиот костурски крај на планината Вичо, како војвода со брада и нарамени реденици. Така тогаш се движеа по македонските села првите одреди на НОФ, пропагирајќи света борба за обединета Македонија.

Тој, по партиска задача на НОФ и КПГ, уште во минатата 1947 година во ноември пристигна во Главниот штаб на реонот "Антихашија" да не смири нас "бунтовниците" кои баравме да се вратиме во Македонија и таму да се бориме. Баравме слободно да ги пееме нашите македонски песни, оти Грците не спречуваа под изговор: "Не правете го тоа, оти тука, во овие грчки предели, населението не знае кои сте вие".

Еден ден, по пристигнувањето на Каљко, комесарот на главниот штаб не стави во строј, ни го претстави и ни рече:

“Драги млади борци, ви давам чесен партиски збор дека ние комунистите, по добиената наша борба и слобода ќе ви дозволиме да си ги пеете вашите песни колку што сакате. Тоа ви го гарантираме ние комунистите кои сме следбеници на Ленин и Сталин. Да живеат Револуцијата и братството и единството меѓу грчкиот и славомакедонскиот народ! Да живеат другарот Захаријадис и Сталин!” Сега Каљков е унапреден во капетан на ДАГ и, подолго време е во штабот назначен за одговорен за Македонците, а повеќето од нас го викаме војводо.

Од набљудувачкото место го гледам преку двогледот и му мавтам со рака, ама тој не ме гледа. Го гледам со колкаво задоволство, со колкава радост ја облекува испоштената кошула. Потоа од џебот извади една семејна фотографија и ја гали со погледот, занесено. Се сеќава на ликовите од својата жена и децата. Ја гледаше со топлина што му ја загреваше душата. Ги бакна ликовите и ја спастри фотографијата во едно излитено тефтерче.

Ме нажали кога видов дека очите му се наполнија солзи.
Му реков претпазливо:

-Војводо, гледам дека и ти си станал пречувствителен. Обиди се да не примаш се на срце.

Ме загледа.

Остана Каљко навален на многулетниот бор во глувата тишина, чувствувајќи се виновен, несигурен и без поука од многугодишните порази. Тој беше од оние доброволци кои бестрашно тргнале со костурските комити во патриотска смрт. Скутлен седи како отуѓен воин. Спомените го влечат како планински поток, го фрлаат и трескаат низ брзаците. Тука на Пиерија и Грамос не има многу. Тој знае дека сите овие костурчани и леринчани ја сакаа револуционерната одбрана на Македонија, но не заради црни очи туку затоа што ги избавуваше од неопходноста да се борат за татковината. Повеќето од нив загинаа под андартскиот нож на ЕЛАС – и не можеа да не загинат кога всушност најголемиот пораз беше трагичната поделеност на еден народ; на комити и андартски комунисти.

Нивното загинување чувствително ја наруши рамнотежата во македонските редови. Тие што останаа живи, влегоа во редовите на Титовата армија со “егејската бригаде” (8) во октомври 1944 година, намамени од генерал Темпо, и си го спасија животот од андартскиот нож.

Молчев покрај него. Во еден миг го прашав:

-Војводо, не разбирам зошто си пратен овде и назначен како одговорен за нас Македонците?

Лицето му се преобрази и ме опули зачудено. Челото му се поткрена одвај забележливо, усните му подзатреперија.

-Ти се колнам дека не знам.
Верувај ми. Таквата воена функција во оваа војна е смешна и лицето како мене е трагичен лик и, како што велат Грците, таквиот човек е αγνωμοη кој нема сопствено мнени, несамостоен, нерешителен, неопитен, наивен, глупав, неразумен, променлив, неустојчив, непостојан: скршен

му е духот од туги моќинци, и ги изгуби клучните факти во врска со самиот себе.

Човек со две вистини, без официјален потпис, кој има задача: никој ништо од вас да не знае, а јас да ве терам да се саможртвувате од името на револуцијата.

Моето слепо и нејасно дејствување како одговорен за вас младите Македонци, го доживеав во борбите во градот Коница, кога ве терав вас, неопитните млади момчиња, да гинете. Тогаш сфатив дека тоа ме води во трагична грешка. Такавата трагична грешка сега ја доживувам со страдање и каење.

Што е вистина: вистината за нас Македонците е конструирана од КПЈ и КПГ.

На почетокот се обидов да молчам, но решив дека веќе не треба да се молчи.

Ете, тој израз на неговото лице и тој поглед не можев да ги разгатнам, но со невидена смелост му велам:

-Војводо, нели ти се чини дека живееме во злоба и војни од сите страни? Војуваме, но не за Македонија. Станавме глуви, неми и слепи за се што пропагиравте кога дојдовте од Југославија и се раководевте од КПЈ/КПМ од април 1945 година се до "братството и единството" во октомври 1946 година.

Сега една работа ми стана сосема јасна; значи ние паднавме во рацете на измамници. Дури сега сфатив кој го мами нашиот народ и кој не турка во овие планини да бидеме гонети како волци.

Ме погледна испитувачки и ми вели:

-Тоа е, можеби, жално, но е факт. И самите факти се доволно речовити. Огромни се проблемите што паднаа врз плеќите на Македонците.

И такви какви што сме, добра е земјата што не крепи, - ми рече и продолжи:

-Денес, по Втората светска војна, на Балканот се одржува несигурна рамнотежа. Ние не треба, не требаше и не треба да си правиме илузии дека европските сили и нашита блиски соседи ќе дозволат да се изврши обединување на Македонците. Сега дури и јужните словенски народи се против тоа. За нас одамна беше потребно да се тргнеме од војната и да не учествуваме во неа…

Нашата вистина одамна е удавена во витлите и брзаците на КПЈ и КПГ. Бескрупулозноста стана правило по 1948 година, а бруталноста

стана единствен метод во пресметувањето со нас Македонците. Тие ни малку не ги сожалуваат Македонците што гинат по фронтовите за нивните интереси.

Сите не гледаат со песји очи. Ние не треба да го заборавиме тоа соочување.

Историските предвидувања на НОФ, што беше формиран во Скопје при ЦК на КПМ по налог КПЈ и повеќе од една година со него раководеше КПЈ/КПМ, направија огромна пропаганда над Македонците: "Ниту еден Македонец и Македонка не треба да се најде надвор од антифашистичките организации НОФ и АФЖ, и освоија многу приврзаници, но уште на почетокот на војната во 1946 година, сите наши саможртвувања беа крајно проблематични.

Посебно кога Колишевски во Скопје ги повика раководителите на НОФ и АФЖ и им рече:

"Сега вие одете долу (во егејскиот дел на Македонија). КПГ е вашиот раководител… и многу други работи им изнарекол. Оттогаш се до ден-денес се прашувам и не можам да си го објаснам феноменот на нашата поданичка свест.

Зар тоа не е вазалство? Зар тоа не е вистина дека ние Македонците добиваме нов господар, на кој треба да му бидеме слуги? Ете, токму, оттогаш и нашите организации не значат ништо. Со тоа т.н. "братство и единство" дозволија да се сруши и нашиот идентитет. Од Македонци КПГ не именува во "Славомакедонци".

Денес повеќето од нас сме тука, во длабината на грчката територија, и не советуваат да не зборуваме и да не пееме на македонски. Името и презимето наше да се изговара и пишува на грчки. Сега, по раскараниот Сталин, Тито и Захаријадис, сите нас не водат за непријатели. Титови агенти. Некни дознав дека се ликвидирани неколку мои соборци со кои ојдовме од Титовата армија. Не знам ништо, ни за мојот најблизок пријател Васил Богданов.

Сите штабни офицери на Титовата армија што беа тука, во штабот на ДАГ и му помагаа на генерал Маркос, си заминаа, а ние Македонците останавме да се бориме со надеж дека се бориме за идеалите на Македонија.

Сега почнаа вистинската деградација и изопачувањето на интересите на Македонците во оваа војна.

Друг жален симптом е тоа што мажот и жената се мобилизирани и се наоѓат во единиците на ДАГ, а децата и старите останаа сами.

Но за нас Македонците сега посебно 1948 година е кобна. Ги собраа децата и ги пратија по европските држави под грижа на партијата. Од нив ќе прават јаничари. Слушам дека им обесиле по една плочка на вратот со ликот на Маркос, а од другата страна ги завеле под реден број и со тоа ги лишиле од нашите основни белези:

со лично име и име на татко и мајка и презиме. Тие деца станаа деца на Партијата и на Маркос. Ги одродија. Ја обездетија македонската куќа и македонското семејство го изгуби карактерот на културните традиции и стана ПОЛИТИЧКО СЕМЕЈСТВО.

Сите тие симптоми на пропаѓање се разултат на нашиот неправилен светоглед.

“Објективно минато” за нас не постои. Значи, ние денес сме жртви и соучесници во нашето откорнување, од историското паметење, од идентитетот и традицијата, од нашето пеење за татковината.

Сега од никого немаме поткрепа.

-Војводо, кога во 1947 година те доведоа по партиска линија во Главниот штаб на антихашијата и те поставија за одговорен за Македонците, на нас 320 побунети младинци од костурските и леринските села, ние сите гледавме во тебе Спасибог. Сега тие уривачки бранови на грдата и ненаклонета судбина, заедно ги доживуваме. Не нема повеќе од половина, тие останаа вечни стражари во градот Коница и по ридиштата.

Дали треба сето ова да се поднесува рамнодушно?

Треба ли да се верува на ветувањата дадени од тие што ја обездетија и ја уништија македонската куќа?

Сега не остана ни трага од НОФ и АФЖ, од КПМ и Тито.

Само ние раштркани по боиштата на Грамос и во длабината на Тесалија и Епир ја доживуваме личната интимна драма.

Тој ми рече:

-Кога ќе помислам на нашите урнисани семејства и до какви бесмислени жртви не доведоа нашите организации, посебно лекомислените и не неодговорни лица на АФЖ: кога пред очи ќе ти минат безбројни обздомени деца; кога ќе се сетам на тој бескраен национален срам, на безбројните страдања на македонските млади мајки.

Тие наши жени, тие наши сестри низ фронтовите нагризани од старвот, очајот, депресијата, по секој свиреж на куршум, во молитвата ја бараа последната утеха за спас.

Мислам дека е грев да се премолчуваат овие работи. Ние Македонците сме биле родени како недоволно заинтересирани за судбината што не чекаше.

Старите велеа: ”За да се победи некое зло, најпрвин треба тоа да се открие и да се сфати”.

Но сега е доцна…

Не се плашам од смртта, туку од злото што не најде во животот. Се опули кон небото, во вршките на големата бука и, мислејќи на нашата гибел, сакаше да ми рече:

-Прашај го ветрот кој лист од гранката ќе биде следен…

2.

Стоев замаен. Барам човек, пустелија, кланица… Сфатив дека веќе никој нема да помине по ова проклето место.

Војводата молчеше долго, дишејќи бавно и длабоко. Беше погоден уште со првите истрели. Веројатно беше седум часот наутро, кога нашата единица беше на фронтовската позиција на највисоката стрмнина на планината Пиерија, близу до височинката во месноста Кунџупја.

Каљков, се мачеше да си дојде на себе, ама крвта под него се имаше доста завирено. Со годините ближеше до средновечен човек, но имаше срце на воин. Најпосле изговори:

-Куршумот ме стигна одзади, но колку и да е болна раната од злобен куршум, не се давам!

-Јас сум војводата "вишенски" и само за едно бев решен; крвта да ја пролеам само за Македонија.

Му реков:

-Те паметам како таков, со големата брада… а ве имаше многу, но зошто сега, по 1948 година, тука, на Грамос, ве убиваат како Титови офицери?

Тој ја наведна главата и ме прегрна преку половината. Ми рече:

-Умирам под туѓо небо и во планините на осамата. Покрај војниците млади Македонци, кои тука ги оставија коските. Тие умираа храбро според моите наредби. Ние партизаните сите сме без шлемови, гологлави, па ветерот и по смртта ќе ни ги вееше црните и русите коси.

Покрај нас минуваа многу ранети со главите замотани со црвени преврски. Ранетите се потпираа на другите, по камењата и по дрвјата.

Некој молеше, редеше гласно. Медицинската сестра Роксана го допре по главата, го погали, го поткрена влечејќи го за раменатa и го исправи.

Каљко, држејќи слика од жена си и децата и бакнувајќи ја со страст, си ја голтна плунка, ја потисна солзата и рече:
-Ех, каде си Македонио?

---

8 Во слободна Битола на 18 ноември 1944 година беше формирана "Првата егејска бригада", од борците на двата пребегнати баталјони. На 28 декември 1944 година беше распоредена во Западна Македонија: Кичево, Гостивар и Тетово, со задача да се бори против балистичките банди на Џемо и Мефаил кои биле формирани уште во времето на италијанско-германската окупација. Со специјална наредба број 236 (строго доверлива) од маршал Тито, на 2 април 1945 година беше побарано расформирање на "Првата егејска бригада".

Глава 12. - Војска без компас: сурови пресметки меѓу комунистичките офицери

1.

Изминаа неколку дена во привремениот логор на главниот штаб и на пат сме два дена порано на фронтофската линија во месноста Батра.

Високо зад нас сонцето тонеше во амбисот меѓу два рида. Уморно се стопува на хоризонтот, тоне раскрвавено болно, се раси. Во еден миг се дигна ветар кон небото, земјата стана темна, а облаците се спуштија многу ниско – поземи.

Патот беше невидлив и сосема зашумен и на него немаше ништо друго освен гранки и суви лисја.

Јас сум млад. Имам неполни деветнаесет години. Воин сум во Маркосовата армија, во рацете на оној што ми ја крои судбината. На плеќите носам тешко бреме, но сполај му на Бога што уште сум жив, иако живеам бесмислен живот. Гледам, дождовите и развеаните снегови избришаа се; нема ни белег ни крст од моите соборци. Тие, убиени од татнежот на лудите топови, сега се во цврст вечен сон. Душите им се слободни, но… Само патот им се nasира низ нивната sвезда по кој заминаа за да не се вратат кај своите мајки…

Катаден глуво талкам по овие ридишта, изгубив сила и здив. Од рани мугри до мрак како гонет волк низ овие предели ми талка духот. Од животот, ништо, само уплав. Размислувале: кому му припаѓат радостите на овој свет? Не знам кај да го барам одговорот!

Од изгрејсонце до зајдисонце во небосводот гледам и си останувам везден со втренчен заматен поглед; не дознавајќи ништо ни за денес ни за иднината. И лутина во мене врие, ме фаќа бес и невиден гнев. Но ме навасува и заборавот за детството, за моите другари што останаа на боиштата, за големите нешта – за моето срце, моето име и нивните имиња, нашата судбина, нашата приказна. Но уште ме крепи некаква надеж од матна љубов.

Покрај мене Леонидас ги брои молитвите за спасение; од маките, од нанесените навреди, измами, заблуди и лаги. И тој не знае кој ќе ни ја врати надежта, кој ќе ни ја каже божјата вистина за ова зло. За ова грозна вистина, потоната во крв и мрак, скриена во овие глангосани могили.

Пред нас се нишаните на непријателската војска, настрвени едни на други, се караме, се довикуваме и се нарекуваме мракоубијци. Можеби уште оваа ноќ ќе не нападнат… Чувствувам необјснив страв. Страв од чувство на изгубеност небаре туѓи мисли го бранувааат умот мој и во длабоката неизвесност паѓам омацурен во ровот, но не по моја волја чекам мракоубиец да ме пронижe со штикот. Многупати

ми идеше да липам како дете. И секој ден овде вкопан во рововите; чекам и пулам насекаде да не ми скокне некој мракоубиец.

Утредента, нова нафака, денот одново почнува да дише; живи сме. Но ме ежи немирна болка, се си мислам на раната: дали е заздравена или незацелена. Изминаа десет дена и требаше одамна да ја одврзам, оти така ми беше препорачано. Си велам: ”Дал Бог да биде зацелена или барем струпјосана”, ама јанsa ме јаде, ако бликне крв и ја разранам, а дедо ми велеше: “секоја надеж крие неизвесност”.

Со голем сомнеж и дикат ја одмотувам преврската, полека и дури со смуртени веѓи гледам. Сетилата со благост ме храбрат, ама ми се зароси челото. И, туку под третиот слој од преврската бел предиплен лист бела хартија. Тоа ме потсети на мојот побратим Стасе Донев, кога ми ја преврзуваше раната ми рече: “Тука со раната ти го обмотувам и писмото со сликата од Елена Богданова. Ти ги ставам на ова место каде што најмногу те боли. Тука нема да ги заборвиш никогаш. Запамети што ти велам?”

Си велам: “О судбо моја клета…” и пак во тој блажен миг ја одмотувам сликата на Елена со блага насмевка и гледам, ни се слеаја погледите и ми се пристори како да ми вели: “Не тагувај! Не оставај никој болката да ти ја лекува! Јас сум огненосецот твој и сакам единствено јас да бидам твој лек…”

Се созедов, го раздиплив писмото и којзнае кој пат го препрочитувам:

“Кога те испратив, посакв да те видам илјада пати, да те гледам вечно.

Секоја вечер, се чувствувам се помеѓепсана, се поочаена, се поизгубена. Чекам кога и јас ќе стапам во партизаните и да те најдам. Но првпат во својот живот се чувствувам свесна за себе.

Јас нема да те заборам. Колку беше убав! Не ги заборавам твојот срамежлив поглед, твоето долгнавесто нежно детинско лице, самотијата на твоите и моите неполни осумнаесет години.

Колку беше осамен! Така и ме остави осамена среде дивата селска ливада. Има ноќи кога слушам виулици и те барам.

Не заборавај ме, оти јас никогаш тоа нема да го сторам. Ќе те барам насекаде…

Љубов моја.

Твојата Елена.

Погледнав накај изгрејсонце и реков: нема, нема да се предадам на очајот поради една убава војничка СМРТ.

2.

Помешечки се приближувавме кон висорамнината, слушавме се почести одгласи на митралези и автомати. Во еден миг излеговме токму на висорамнината меѓу Батра и Гољо Каменик, под високите

букови дрвја, џарејќи се еден во друг. Очекувавме свиреж од некој намерен снајперист. Стравот не навасуваше, се плешевме дури и од своите стапалки. Од левата страна низ дрвјата се назира мала височинка, а на неа мравјалник од војници. Во моментот кога капетан Кацис извика:

-Ура!! Επανοτουη (напаѓајте)!

Ние сите јурнавме во секавичен напад како безбројна глутница нескротени лавови. И без да се надеваме, и без да очекуваме, со овој јуриш добивме половина битка.

Внедоапица одекнаа силни рафали, експлозии и чиниш немаат здив. Куршумите фрчат над нашите глави. Сите се најдовме во простор од вкрстена митралеска стрелба. Се втурнавме и почнавме да се пробиваме низ густежот бодлави гранки. Се слушаат силни гласови. Но во тој миг, небаре од сите страни викаа ура!. Ура! И фрлаа рачни запалливи бомби. Гласови, осакатените бараат помош, а војниците од владината војска, кои се вдадоа во бегство, пукаа во нас и не убиваа безмилосно.

Мачен поглед. Можеби некој и првпат во животот видел толку човечка крв и како се убива човек со начпарување на штик или со рафал одблизу.

Многу човечка крв. Топлиот ветар од запад предизвикуваше неспокојство и ни ја отежнуваше концентрацијата.

Бев многу млад меѓу штабните извидниците и веќе се изморив да гледам како се убива и како ме тераат да убивам за да се одбранам. Веќе се изморив да гледам како се убива.

Покрај мене, во позиција со прстот на чаркот, беше мајор Типади. Жилите му беа набабрени на неговото челото и му чукаа, чиниш секој миг ќе му експлодира срцето. Ми вела:

-Ова пусулче е за полковнок Гијанулис и најди го што побргу!

Ги гледав спружените тела на капидани мажи, покосени, ранети, а меѓу тие тела прескокнуваа со меч в раце и ги начпаруваа војниците што јуреа во толпата кон нас.

Јурнав низ густежот од гранки и со неверојатен инстинкт, многу брзо се најдов пред командниот штаб, но полковникот беше на првата фронтовска линија од левото крило на фронтот. Со група офицери го набљудуваше фронтот.

Го најдовме брзо со помош на неговите подофицери.
Го известив дека мајор Типади бара воена помош, оти целиот фронтовски сектор е во огнен обрач. Се вратив брзо со пораката од полковник Ѓанулис до мајор Типади: дека е преземена акција и треба да ја задржиме местоположбата, зашто фронтовската линија на Батра била од најголема стратегиска важност за целиот фронт на Грамос.

Полковникот разговараше по телефон со генерал – мајор Ипсилантис и во детали му соопштуваше.

"…Воените единци пред зората со ненадеен се разбиени и не сум во можност да ги организирам во противнапад. Имаме доста загуби."

Го молеше да направи се што е можно со помош на нови сили за да го спречи напредувањето на една дивизија од владината армија која со брзо темпо оди кон освојување на највисоката стратегиска кота (2.522 m), зашто тоа претставува еден од најважните пунктови.

Од тој дел има преглед кон источниот и западниот дел на фронтовската линија.

На крај му рече: Опасноста е голема, ако не се спречи нивното напредување.

Ме погледна со голем печал и се растревожи.

Тргнав низ шумата и итав што побрзо да стигнам до мајор Типади. Вревата и пукотниците стануваа се посилни. Збунет сум, ми се чини дека минувам низ пеколот. Стравот за животот е посилен од стравот од смртта. Конечно се вратив, но гледам, мајор Менелаос Типади молчи, дишејќи бавно и длабоко. Ме погледна молбено и срона неколку солзи. Ми вели: "Дај ми малку вода. Вода, те молам…"

Беше погоден од силен рафал и од куршуми "дум-дум", кои имаа разорно дејство, при излезот на раната. Веројатно беше седум часот наутро на 11 август, кога нашата единца напредуваше кон фронтовската позиција на највисоката падина на планината Грамос, близу до височинката Ќафа, Арена.

Мајорот, кој со годините ближеше на триесет и неколку, имаше лавовско срце, сега се мачеше со последните сили, ама крвта под него се имаше завирено во голема локва.

Ми ја подаде раката и ми вели:

-Не давај ме!

Ја голтна капката вода и небаре сета се претвори во солзи, ми вели:

- Јане, пази се, ти си многу млад за оваа војна.

Држеше слика од љубената и ја бакнуваше со невидена страст.

По малку време ги затвори очите, лежеше како мермерен споменик, свртен кон сонцето. Го гледав, ама ми се замати главата од жал и дури не знаев што да правам.

3.

Го барам човекот како мерило на работите. Сфатив дека веќе никој нема да помине по ова проклето место. Почнав вознемирено да барам гранки да го покријам мртовецот. Да ги спречам инсектите, лиотот, растенијата и корењата да го грицкаат неговиот труп.

Не гледам, не гледам ништо друго, освен многу ранети и осакатени живи луѓе, желни да преживеат. Веќе нема лаги, нема ни вистини, нема ни подвизи, има само сивило.

Кога оддалеку ме здогледа полковникот, посака да викне, но остана без глас кога одблизу виде дека сум многу скрбен.

Низ солзи му велам:

-Мајорот умре бестрашен и верен.

Полковникот со голема тага ја наведна главата, дојде до мене и ме прегрна изразувајќи ми сочуство.

Минавме низ рововите и се загледавме по ридовите на Грамос кон височинките Ќафа и Моро.

-Многу сакам да зборувам под ова небо и пред оваа голема легендарна планина. Пред сите војници кои тука ги оставија коските. Умираа храбро според моите наредби. Ние партизаните сите сме без шлемови, гологлави, па ветрот ни ги вееше црните и русите коси – ми вели јадосано полковникот.

Сега војската наша отстапуваше. Полковник Ѓанулис болно ја гледаше. Погледна на часовникот и ми вели:

-Секому му е јасно дека ја загубивме битката, затоа не треба да се зборува, туку да гледаме како побрзо да се извлечеме со што помалку жртви.

Нашите војници отстапуваа и многумина беа со замотани глави и делови од телото со црвени преврски. Ранетите се потпираа еден на друг, по камењата и по дрвјата. Некои молеа, редеа на глас. Медицинската сестра им помагаше со невидена грижа. Но ме зачуди кога од грмушките излезе најстрашливиот Виорели Sинsиф – хипохондрикот, кој цело време живееше во опсесивен страв од болести и секогаш ги преувеличуваше нормалните чувства на своето тело, се додека не почувствува вистинска болка, сега еве ти го Виорели зад густежот на дрвја, како од штабна лабораторија да излегол, целиот разјарен и вооружен со модерен автомат од типот "томсон", неговите неволи беа исчезнати, чиниш го надминал стравот и оддалеку ми довикува.

-Побратиме, држи се! Sури во мене и продолжи: - О, колку прекрасна беше глетката. – Со чудни гестикулации на рацете растревожен расправа:

-Ги гледам шесте бурандари, со силни движења на рацете се пробиваат низ густите гранки. Се скрив зад една грмушка и внимателно ја протнав цевката низ густите гранки. Ги зедов на нишан и се сетив на зборовите што ми ги упатуваше Аријанос: "Отепај неколкумина за да станеш храбар и де не бидеш страшливец. Се разбира дека го сторив тоа, а што мислиш ти?

Бурандарите, одвај направија десетина чекори, подзапреа и ги покосив. Автоматот е од нив. А знаеш што рече комесарот пред стројот што вчера ми се подбиваше: "Ете, видовте и сами. Така се доаѓа до совршен автомат. Секој автомат добиен на овој начин, за нас партизаните на генерал Маркос, е победа!"

Ете, нашите иследници не можеа да проникнат да ли си подлец или чесен човек. Точно е дека зад нив останаа месеци макотрпна работа, да докажуваат и обвинуваат дека човек, ако бара злато, тоа значи дека се спрема кон капитализмот, кон личниот живот, ама Виорели се покажа дека е невиден херој и човек верен на нашите идеали.

Сега беше сосема јасно дека Виорели за таквиот подвиг го очекуваше унапредување за извршената света задача спрема целта на маркосовата армија. Но Виорели, стана надмен по назначувањето за десетар и сега потешко се впушташе во разговори што не одеа во прилог на револуцијата.

Еден ден можеби несвсно почнуваме да се прашуваме од каде доаѓаат злото и духовната грдотија. Зошто мора грдоста наместо убавината да избива со својата грдотија и да ни го огрдува животот што го живееме во овој единствен свет на Грамос.

Можеби зад овој живот, како и зад овој свет, се крие некој друг живот, некој друг свет?

Седам и размислувам зошто Виорели станува некако погруб и помалку таинствен, се помалку чувствителен, отколку што беше, станува зол и груб.

Но колку што можам да разберам, некој му помогна да го сфати овој живот што го живееме меѓу гордоста и бесот, не верувајќи во добриот и семоќен Бог.

4.

Читаме утрински билтен изваден на шепилограф.

Прва ударна вест:

Полковник Георгиос Ѓанулис загина. Лавот од Грамос (така го викавме сите), тој јунак на демократската армија, храбро и херојски загина во една од најзначајните битки на Грамос.

Втора вест:

Врховниот командант на ДАГ, легендарниот генерал Маркос е тешко болен. Политбирото и Централниот комитет на Комунистичката партија реши да го прати во земјата на социјализмот, СССР, каде ќе му биде укажана сесрдна лекарска помош и ќе остане се додека не закрепне. Политбирото реши функцијата на генерал Маркос да ја врши генералниот секретар на Партијата Никос Захаријадис.

-Знаеш зошто? – ми вели Леонидас.

-Не

-Тука, на Грамос, семоќен Бог треба да биде еден, а некои од комунистите него разбират тоа. Нели ти се чини дека е така? – ми вели со отворена уста, небаре чека да му потврдам…

-Можеби се е од името на правдата, - му одговорив лежерно.

-Велиш, можеби, или се некои сурови пресметки…

* * *

Беше втората половина на август 1948 година. Битките на Грамос продолжуваа. Генерал-мајор Ипсиланти, другиот ден по паѓањето на стратегискиот пункт Батра, уште во утринските часови доби писмо од главниот командант, на 670. армиска воена дивизија на Грамос, генерал Гусијас. Во писменцето му пишуваше:

“Να συλλάβεις, να δέσεις και να στείλεις το Γίαννουλη στην έδρα” (9)

Само што го раздипли и го прочита, го обзеде неискажливо спокојство, невиден немир, зашто беше уверен дека “високото раководство” посакува да го стрела овој прославен командант. Беше во страшна дилема: да ја изврши наредбата или да не изврши? Совеста му наложи да не ја изврши наредбата, зашто го знаел полковник Ѓанули, дека бил многу јунак и личен пријател, со кој заедно минале низ многу страшни битки. Но од друга страна, размислуваше за одговорноста поради неисполнувањето на наредбата на овој висок командант, и тоа токму тука, на фронтот. Во себе доживуваше страшен душевен судир, а тоа траеше повеќе од 15-20 минути.

Правеше нервозни кратки прошетки напред-назад, но на крајот реши: “Нема да го апсам, нема да го врзам и ниту нема да им го испорачам. И не им одговорам на едно такво писмо, па што сака нека биде! реши Ипсилантис.

Само што реши така, се смири. Другарите и неговите соработници од генералштабот, кога им пријде, го праша: “Што ти се случи? Зошто си толку вознемирен?” Дотогаш го немаа видено таков, ни во најсложните битки.

Ипсилантис им објасни, и кога им кажа за решението што го донел, кај сите се појави задоволство на лицата.

Но Ѓанулис уште истиот ден беше заминал на посета на целата фронтовска линија, дури до најнепристапните места во месноста Ќафа. Но во тоа време политкомесарот на главниот командант Гусијас, генерал полковник Канаридис Ламброс, со една група од гарадата, го уапси и го врза полковник Ѓанулис, а неговата свршеница која беше покрај него, остана вчудена. По овој чин, како што и доликува на возрасна жена, свршеницата си ја навали главата на неговото рамо и се прилепи до него, како да бараше заштита од несреќите и непријатностите на сбојот живот. По ова го одведоа во базата на армиската дивизија 670 при Главниот штаб.

Во штабот, погледот му се судри со погледот на новоименуваниот генерал Гусијас. Ѓанулис се почувствува непријатно и осамен. Гусијас со поглед го прашуваше зошто уште чека и зошто совеста не

му дозволува да побара прошка за помилување. Полковникот се почувствува понижен пред очите на Гусијас, гледаше во него со разочарување. Гледаше во неговото сиво стаписано лице.

Беше неверојатно она што се случуваше со полковник Ѓанули од моментот кога му беше соопштено директно и ненадејно дека го чека воен суд.

Дотогашната воена кариера на Ѓанулис одеше се кон врвовите, кон генералските чинови и кон ордените за храброст. Навистина, и самиот тој не беше страшливец, чиновите вистински ги заслужи, но сега никој не знаеше што се случува и со него и со неговата свршеница.

Кога дознал, Ипсилантис рекол: “Момци, Ѓанулис веќе нема да го видиме”.

Поминаа 8-9 дена, Ипсилантис доби телефонски повик и му беше соопштено дека треба да присуствува на заседанието на Главниот штаб. Во големата барака, сите воени старешини беа пречекувани лично од Водачот Захаријадис и од неговиот политкомесар Барџиотас. Ипсилантис од беше пречекан со зборовите:

-Генерале Ипсиланти, можеш ли да ми кажеш зошто не си ја извршил наредбата на генерал Гусијас?

Генералот му одговори на Водачот:

-Која наредба, другар Нико. Тоа беше обично пусулче, а не воена наредба.

Водачот го погледна право во очи. Ипсилантис знаеше дека таквиот поглед значи недоверба. Водачот не беше задоволен од одговорот, со строг тон му рече:

-Тоа беше наредба, а не пусулче! Срамота, генерале! Премногу сте брз и премногу далеку отидовте со своите амбиции. Вашата тврдоглавост би можеле да ве чини... Не играјте си со нас како маче и куче. Ние сме поизвестени за некои работи отколку што мислите, - и продолжи втренчено да гледа во генералот. Во тој миг им пристапи генерал Гусијас. Низок, доста здебелен човек на четириесеттина години. Имаше ќелаво теме и тркалезна глава. Беше облечен во нова гене-ралска униформа. Гледајќи во Ипсилантис, усните на Гусијас се искривија во презривна и прекорна насмевка.

Му рече:

-Многу зборувате, Ипсилантис, а и самиот знаете дека треба и да се молчи.

* * *

На враќање од заседанието заедно со штабниот офицер на разузнавачката служба Георгиос Фуркиотис, ја дозна и вистината за извршената егзекуција над полковник Ѓанулис и внимателно до

зборче му ја опиша, а Ипсилантис (ΑΛΕΧΗΣ ΡΟΣΙΟΣ – Υψιλάντης) ја запиша до зборче:

Η δολοφονία τον Γιαννου'λι και η θεία δίκη. Και τωρα, ας ιδου'με τον επίλογο της δολοφονίας τον Γιαννου'λι στις 20 Αάγ ου'στον 1948 όπος μου τον αφηγήθηκε μάρτυρσς ο α ξιωματικός πγηροφοριών της 670 Μονάδας ο Γιώργος Φουρκιώτ ης. (10) "Σε μια μετακίνηση τον Επιτελίου της Μονάδας σε μια στ άση, ο θησέας Σαρή (ασφαλώς Σαρή τον Γου'σια τον εριξ ε μια πιστολιά απο πισω, και ο λεβέντης ο Γιανουλης ο έπεσε αι μοφυρτος… Τότε, συνχι'ζει ο Φουρκώτης, λέ στον Επίτροπο της Μονάδας Κναφαρίδη Λάμπρο, τι είναι αυτά Λαμπρο, που γίνοντ… Παψ ε, χαζέ – μου λει ο Λαμπρος – θα φας και συ το κεφάλι σου…"

---

9 Да го уапсиш, да го врзеш и да го испратиш Гіаннουλη во базата на Главниот штаб.

10 "Во една преселба на штабот на армиската девизија 670, при една починка, Тисеос Сарис (секако по наредба на Гусијас) му упати еден истрел одзади и блиску и јунакот Ґанулис панда облеан во крв... Тогаш, продолжува Фуркиотис, му велам на политкомесарот на армиската дивизија Канакаридис Ламброс: "Што се тие работи, Ламбро? Што ни се случуваат токму нам, на борците? Тој ми одговори: "Молчи, будала, оти да не си ја изедеш главата и ти..."

Глава 13. Факти и валкани цели

КОБНАТА 1948 година –факти и валкани цели... КПГ, од македонското крепко и вековно семјство, на Македонците им создаде политичко семејство – го распарчи и ја обездети македонската куќа. Раководството на КПГ, акцијата за евакуирање на децата – чедособирството, ја мотивираше и ја образложуваше со потребата за спасување на децата од ужасите на војната, нотоа би требало да следува по молбено барање на нивните родители.

Што значи тоа? Тоа значи дека оваа акција на КПГ со помош на македонските организации НОФ и АФЖ е чисти факти и валкани цели.

За да се добие реална и објективна претстава за општата политика на Грција за трајно уништување на Македонците, треба да се каже дека е иста без оглед на политичката физиономија на режимот (монархистички, републикански, либерално-демократски, авторитарен). Сега КПГ, сакајќи да се ослободи од секаква одговорност за таквото незаконско чедособирство – кое претставуваше геноциден зафат, за да успее акцијата требаше да ги убеди родителите да ја прифатат одлуката. Така и сега, како и за многу важни прашања, КПГ го активира проблемот преку НОФ и АФЖ да организираат широка политичка акција меѓу населението, која резултираше со молбено барање на родителите за евакуција на децата. Но набргу се виде дека хуманоста не била единствениот мотив, туку дека КПГ и военото раководство на ДАГ имале цел со овие деца да го решаваат проблемот со борбените резерви на ДАГ, зашто на тој начин беше можно да анражира нивните родители во борбените воени ресурси, откако се покажа дека до 1948 година КПГ, како водач на Граѓанската војна, не успеа да го реши проблемот со мобилизацијата на нови борци низ цела Грција.

“Цената што добрите луѓе ја плаќаат за тоа што не учествуваат во јавните случувања е таа што со нив владеат расипани луѓе”, рекол Платон

1.

Веќе беше средината на март, течеа подготовките за собирање на децата, но жените на кои мажите им беа во Америка и Австралија немаа добиено изим да ги отуѓуваат своите деца.

Таа последна ноќ никој не знаеше што се криеше во душата на Лина Богданова. Тој ден беше пристојно облечена и оставаше впечаток на ревносна личност, сигурна во себе. Таа му беше верна, приврзана и чесна на својот Ламбро кој сега беше на печалба во Америка. Но сега мораше да биде внимателна.

-Важно е нашите мажи да речат “да” или “не”, ги даваме децата или не ги даваме, - им даваше одговор на афежистките.

-Зар има нешто посвето, зар има нешто помило, да ти биде чедото кај тебе, срцето да не ти вене?

-Ве молиме... Како без да знае стопанот, мојот Ламбро, јас некому да му ги дадам децата и да шетам како улава? Тогаша зошто ги родивме?... За Партијата?

Таа има право, викаа и молеа сите средовечни жени.

Лина тоа им го велеше отворено на сите афежистки:
-Извините, може моите прашања ви се чинат дрски, ама така е... Подобро нека умрат со нас тука, отколку низ Европа. Јас единствено сакам децата што сум ги родила да ми останат дома. Ова што го прават комунистите и вие афежистките е систематско уништување на нашите корени.

Богданова беше многу, многу огорчена кон афежистките кога една од нив и рече:

-Лино, што треба да значи ова? – студено ја гледаше.
-Ние и Комунистичката партија се бориме за доброто утре. Мислам дека ние Македонците треба да бидеме на првата линија и да дадеме се од себе, со тоа ќе постигнеме слобода за македонскиот народ.

Богданова и одговори:

-Мене и на сите овие луѓе со години не ни изгледаше така и не сакам да ги слушам тие приказни.

-Не веруваш во Партијата?

-Ние Македонците во оваа војна не знаеме до каде треба да одиме за да си го најдеме местото каде што припаѓаме. Па и зошто да верувам? Да изигруваме победници и жртви. Да ви ги дадам децата. Кој е тој и каков е тој народ што ги жртвува своите деца?!

Моите дедовци, баби и сите разумни луѓе одгледувале деца, а ние сега требало да и ги дадеме на Партијата.

Татко ми велеше: за нашиот напатен македонски народ – ДЕТЕТО Е СТОЛБ НА СЕМЕЈСТВОТО, АКО САКАМЕ ДА ОПСТАНЕМЕ НА ОВИЕ НАШИ ПРАДЕДОВИ ОГНИШТА! – и одговори Лина отсечно.

-Вразуми се! – и викаше афежистката Донка на Лина.

2.

Таа кобна мартовска ноќ, откако се стивна вревата по селските улици, Лина размислуваше како да ги спаси своите деца. Ја запали газената ламба и седна покрај постелата на своите деца и ги гледаше и ги слушаше отчукувањата на часовникот.

“Три е часот”, си рече сама. Уште е темница.

Да побегне во ноќта заедно со нив, ама не знае каде ќе наиде на некоја стража и можеби ќе ги погубат.

Какво време дојде, човек да не се плаши од смртта, туку од злото што не најде...

Не е сигурна... Таа се сепнува. Прави таговни движења. Оди кон иконата на света Богородица и се прекрстува, и ја моли за спасение...

Мислите во глава и кружеа по иста патека и таа издвои само две: “Зошто да не го направам тоа?” и оваа стануваше доминантна над ”Зошто да го направам тоа?”

Се доближува тивко до огништето. Осаменоста околу неа е апсолутен владетел и останува единствено нејзината најтемна страна: желбата што боли.

Го тргнува ѓумот од триножецот и ги растргнува распламтените суварки. Внимателно прави чекор и подзастанува да земе здив. Ѓумот со зовриена вода престанува да клокоти, но Лина им се приближува на своите длабоко заспани деца. Остана само со мислата колку се добри и колку мирно спијат.

Мислите неконтролирано и се трупаат една по друга. Нешто потсвесно и вели: “Па? Што чекаш? Само така ќе си го спасиш родот...”

Се што не поднесува да гледа или да почитува кај другите е во неа, животот на нејзиното срце е отворен, прозирниот живот на нејзината душа е друг свет, таинствен... Мајка да посегнува по своите деца? Од каде доаѓаат тоа “задоволствот, таа слабост, тоа разнежување...

Пак подзастанува и зашеметено се прашува и се проверува: “Ке решам! Нема долго да трае... Болката нивна побргу ќе им мине отколку јас да ги изгубам?! Не им ги давам децата на афежистките-голтарки. Од моите деца да прават војници и да ги тераат сосила да се борат и да убиваат за нивните интереси... Тие го убија татко ми затоа што беше поп.

Ами ако останат осакатени? Ако, барем ќе останат живи...”

Си мисли, се чуди, чудењето, како трн во здрава нога, не престанува да клука.

Се колебаше, ама само за миг заборави на се.

“Нема да мислам на најлошото. Ќе ми останат покрај мене..., а јас и пред стопоанот ќе си останам верна и чесна спрема својот род... Токму така: доследност и верност.

Ламбро, кога тргна за Америка, ми рече:

‘Лино, децата да ми ги растеш, а јас ќе спечалам пари и ќе се вратам...’, а сега овие голтари го прават фашист, американски шпион...”

Завладеа малку непријатна тишина. Лина ги затвори очите, собра сила и туку оденаш ѓумот го разлеа врз нозете на своите деца. Но кога го слушна болниот и исплашен крик, таа падна врз нив и остатокот од зовриената вода и се доистури врз неа. Крикна и таа со

уште поболен глас и во себе си рече: “Можеби на сите ќе ни биде подобро ако сите сме мртви...”

Децата уплашено се стискаа во нејзината прегратка, а таа, немоќна, нежно и со солзи им ги бакнуваше изгорените нозе, мислејќи во себе: “Којзнае зошто ми изгледа дека, штом плачам, тоа значи дека се однесувам како што и прилега на добра мајка. И дека нема зошто да се обвинувам. И децата нема зошто да ми се лутат, ќе ми останат покрај мене...”

-Те сакаме... секогаша ќе те сакаме... – Очите им сјаеја со некаков страв, каков што никогаш не ни замислуваа.

-Вие сте мои и никому не ве давам, - им повторуваше бакнувајќи им ги раните кои, дури кога распука зората, се појави крв и болката се повеќе ги печеше.

Но најтешко и беше кога при взори ги слушаше разните гласови на активистите:

“Пакосна жено, какво зло ти сториле тие твои деца па така постапи”, а таа во себе си велеше: “Јас не ги убив. Тие ќе бидат живи.”

3.

Во еден миг на вратата се појави братот на Лина, Сотир Гајдов. Тој го впери погледот загледувајќи се подлабоко во постелата на попарените деца и успеа да го забележи ужасот во нивните расплакани очи. Потоа седна спроти сестра си и сакаше лично од неа да ја чуе вистината. Лина го гледаше со широко отворени очи, а тој и и се обрати со зборовите:

-Сестро, кај ти беа очите? Што се случи? Леле, ужас!

Лина, обидувајќи се да ги скрие стравот и болката што и предизвикуваа длабок мајчин израз, му рече:

-Не знам дали добро се однесувам... можеби се ќе уништам.

Одеднаш изгледаше како дете, беше збунета и засрамена.

-Но мислам дека ќе ме разбереш; како би било кога тебе би ти зеле нешто што многу го сакаш, а пред очи гледаш дека ќе го изгубиш за навек? Ти се конлнам во Господ... Ако ми ги земеа децата, ќе поулавев... Можеби згрешив... Бев обезумена и децата никому не ги давам. Тие се мои и на маж ми Ламбро, кој ми остави аманет да не ги давам никому.

Имаше сила, упорност, повеќе од сите жени во селото. И натаму не знаеше како да се изрази, да му објасни се на брата си.

-Ех, брате мој, одамна нашите животи не се во рацете на нашиот Бог, туку во рацета на прогонувачите. На кого да ги дадам децата, на тие комунистите што го заклаа во трапот нашиот стар татко Глигор Гајдов и го најдовме растргнат од лиотот, затоа што беше поп. Затоа

што никому не направил зло, туку беше свештено лице и се молеше за сите луѓе, а со тоа му служеше на Бога?

-Сестро, што сакаш всушност да ми кажеш? Јас дознав дека си се сопнала и ти се истурил ѓумот со зовриена вода. Зар не е така?...

Таа мрачно го гледа и со неконтролиран израз на лицето како на уплашена sверка му вели:

-Јас деца никому не давам... Цела ноќ бдеам над нив.

Одново се слушна плач, но не толку силен колку што беше при попарувањето. Вујкото Сотир со роднинско сожалување ги гледаше своите невини внуци: Елена и Мито.

Една жена облечена во униформа налудничаво доаѓаше по скалите и влезе во собата.

На вратата се појави афежистката со двајца активисти кои ја подготвуаа утрешната акција за собирање на децата да тргнат накај Југсолавија, а мајките за на фронт во единиците на ДАГ. Откако влезе, афежистката Донка трепна со очите заслепена од распламтените цепеници во огништето.

Афежистката се потргна од Лина за ја да гледа и зазеде став на загрижен организаторот на светата борба и одговорна пред Партијата и генерал Маркос, и се обрати на Лина:

-Ние и Комунистичката партија, се бориме за доброто утре. Мислам дека ние Македонците треба да бидеме на првата линија и да дадеме се од себе, со тоа ќе постигнеме слобода на македонскиот народ. Само тоа ни е гаранција и ни покажува дека нашите луѓе се предани во оваа света војна. На пример, вчера учителот Темелковски од селото Трсје ги спроведе сите деца во група се до границата без никакви проблеми, а нивните мајки стапија во редовите на ДАГ, а тоа е за почит кон решенијата на НОФ, АФЖ и КПГ.

По ова и постави неколку прашања:

-Сама ли си се решила на овој гнасен чин или некој те поучи и те стави на страната на многуте наши непријатели на оваа наша света војна?!

Тоа ли е или нешто друго?

Кажи ја вистината?

Можеби е некоја жена со која сте во врска?

Се што ќе ми кажеш, ќе биде во целосна доверба. Можеби ќе ни послужи во истрагата.

Лина Богданова ги затвори очите, дотолчена од нејзините зборови, и одговори:

-Па вие се живо ни уништивте, сега и децата сакате да ни ги земете.

Афежистката студено ја загледа.

-Глупаво е да зборуваш за такво нешто. Што треба ова да ти значи? Ги повторуваш зборовите на непријателите. – Кимна со главата со блага насмевка кон активистите и си заминаа.

Сотир Гајдов, со рацете на колковите, стоеше простум и гледаше заедно со сите, потоа, спуштајќи ја главата, со роднинско движење ја повика сестра си Лина и ја замоли да се смири. Најпосле, взори, кога селските деца тргнаа како булук јагнињa накај границата на Југославија, сите присутни се смирија и ги вперија погледите во Лина. Во нивните пози на разочарување и жалост се појави нешто слично на надеж дека сепак децата на Лина нема да ги земат.

Глава 14. – Силата на сградањето

Посета на логорот именуван “Силата на страдањето”, во кој беа затворени родители чии синови и ќерки беа насилно мобилизирани на фронтовите што ги водеше ДАГ низ цела Грција.

1.

Беше зима, јануари 1949 година. Студено, снег врне, па кога фати еден сув студ, камен и дрво се распукуваат. Ветерот фучи и ги крева шаторите и провизорните засолништа.

Болно, чумаво време; човечки жртви, немаштија, гладување. И сите села се празни. Ужас ги обзеде сите, како да се сотре целиот народ, а од фронтовите на Грамос и Вичо почнаа да пристигаат се полоши и полоши вести. Им се смрачија лицата на луѓето, клапнавме и ние борците.

Во логорот “Длабока јама“, конфузијата и хаосот кај родителите продолжуваа и по исчезнувањето на илјадници млади македонски деца што беа евакуирани во март 1948 година и однесени во прифатилишта во народните републики: Романија, Чехословакија, Унгарија и Полска, но наскоро, по наредба на КПГ, селективно беа праќани на фронтовите на Грамос и Вичо.

Родителите беа апсени и држани под силен идеолошки притисок, но една група родители се бунтуваат и ја формираат организацијата “Силата на страдањето” за да барат спас за своите деца кои сосила раководствата на КПГ, ДАГ и НОФ и АФЖ ги мобилизираа и ги праќаа на смртоносните боишта.

Како што се приближуваме, логорот одеднаш ни создаде чуден впечаток, можеби затоа што се издвојуваше од шумскиот предел. Сиот беше ограден со бодлива жица и имаше реа на изгорено, изгниено и остар дим.

На една лединка, преку оградата, една белокоса, остарена жена, чии очи и нос беа премногу црвени од плачење, се крстеше под едно чаталесто дрво на кое висеше јамка. Чиниш се се збрало во нејзиното око и глетката многу бргу тргнува од окото кон срцето и тука и се населува за навек.

Милата старица. Се сеќавам на неа како сега да било. Ситна, слабичка, сосема се изгубила во своите црни алишта под црната шамија, кои не ги симна до крајот на животот. Тукушто беше излезена од “куќата на мртвите”. Така ја викаа старата барака што беше населена со живи старци што личеа на мртовци.

Ми стана жал. Сакав да заплачам, но не можам. Си мислам, ако си поплачам, ќе ми стане полесно.

“Никој засега не им верува на нејзините солзи”, ни вели чуварот што тромо шета околу оградата. Па тоа не е ден, не е два, туку години на ред... Колку ли се?

Пред затворената врата, наречена “Мртва врата”, од колци испреплетени со жица; кој влегол низ неа, никогаш веќе не се вратил жив. На еден куп камења, изземнат седеше Сотир Гајдов. Беше неизбричен и неиспран и носешше шајачно палто и извалкан елек, а носеше темни панталони што блескаа од маснотија и кои некогаш му биле од костумот кога бил зет. На нозете носеше стари војнички цокули докрај излижани...

Некако неумесно беше сиот згрутчен: несвидлив и несмасен.

Оддалеку се чувствуваше како од него надоаѓа миризба на недосушена кожа од пресно заклана овца.

Мразеше се, дури и без причина. Во неговата крв можеше да се препознае море од јадови. Во него молчеа мислата и срцето. Се будеше само од екот на оружјето и чекаше порака за нечија смрт.

Го гледам и размислувам: “Зар овој е Сотир Гајдов? – Ученото попско дете.”

-Добар ден, стрико Сотир! И ти ли си тука?

Уплашено и мрзливо ја крена главата и ме опули намусено. Седи во глувата тишина на логорот.

-Тука сме сите што се бунтуваме и не потпишавме согласност да ги дадеме децата ниту на Фредерика, ниту на комунистичките команданти и на нашето АФЖ, кои како натрапници влегуваа во нашите куќи и насилно ни ги земаа децата. Ти, Трајко, како комунист, што ќе кажиш за сето ова што го прават комунистите? Ете, снаа ти Ламбровица, денес ќе ја судат, како ќе му објасниш утре на брат ти Ламбро?...

Настана молк, Трајко се стутули и остана занемен, а Сотир Гајдов продолжи:

-На кралицата Фредерика целта и била да им ги земе децата на родителите, а тие да дезертираат од комунистите.

Сега тука сите сме жигосани од комунистите и ја чекаме смртта, а децата наши никој не знае каде се по Европа ни ги затурија, а дури пропагираат дека ги спасиле. Тоа ми личи, како тој што рекол: “Ти ја запалив куќата, ама те спасив”.

-Господи Боже, - ми вели Трајко Богданов држејќи го автоматот на готовност и продолжи:

-Значи, на кралицата Фредерика целта и била: да ни ги земе децата, а ние да дезертираме од ДАГ и да се откажиме од комунистичките идеи. А на комунистите целта им била да ни ги земат децата за да ни држат нас, татковците и мајките, заложници и од одземените наши деца и да создаваат услови за решавање на проблемот на резервите на ДАГ со нови борци.

Па има право снаа ми Ламбровица. Значи, со нас Македонците со тоа го почнале геноцидот и едните и другите.

Потстана Сотир Гајдов, фрли поглед наоколу, чиниш му се разврза јазикот, и ни вели:

-Историјата не е само минато. Нашата умствена и патриотска свест и совест не треба да ни дозволува да бидеме само набљудувачи, да талкаме во место, да ги нуркаме главите во песок и да молчиме пред неспокојствата и пред опасностите, но сега за таквото зло треба да кажеме и пред комунистите.

Знаете ли каква им била целта на комунистите?

Зад акцијата за спасување на нашите синови и ќерки се криеше многу перфидна намера: да се обезбедат поголем број борици за ДАГ и да се турне целото македонско население во војната.

Не помина многу време, комунистите преку нашите организации НОФ и АФЖ извршија масовна мобилизација на сите што досега не беа вклучени во редовите на ДАГ, под изговор "дека сега родителите се ослободени од грижата за своите деца". По ова се обездети и се опустоши македонската куќа и македонските жени масовно беа вклучени во заднината на фронтот.

Разнебитувањето на Македонците беше и останува основна грчка цел.

-Значи, не им се разликуваат акциите; дали тоа го прави грчката буржоазија или комунистите?

-Да. Со комунистите години не убедуваат, дека ќе се откажат од тоа што го прави Атина, но се покажа дека Грците имаат иста цел.

Ете, на видело е нашето ископачување.

Морничави мисли му се сноват. Во градите фурии му се раѓаат. Миг не минува да не помисли и: "Смртта пак не зема".

Предметите околу него за миг се обвија со сенчеста магла, која постепено се затемнуваше во леплива и густа боја.

Зачудува, живее со желба што боли. Тој не ја прогонува смртта од своите соништа и во мигот, со нежност и сила, ниту помислува дека има поголема казна од смртта.

2.

Логорот заличуваше како да се подготвува за некој голем празник. Затворениците работеа без здив и стражарите им гракаа:

-Брзо! Побрзо! – повторуваа.

Ги исчистија патеките на логорот, ги затегнаа шаторите, насекоа дрва за големото огниште и ставија да се вари грав. Се беше највнимателно организирано.

Другиот ден претпладне пристигнаа во логорот судијата и двајца од политичките македонски организации, нофистот Филип Јажин и

афежистката Фана Тапанциева и една десетина вооружени борци на ДАГ.

Ближеше пладне и логорашите се збираа на окосената ливада.

Наредбата веднаш предизвика жива реакција кај толпата. Сите почнаа да зборуваат истовремено, викаа и посакуваа да истрчаат да ја заштитат Лина Богданова. Следуваа неколку секунди тишина. Потоа толпата вивна во еден глас.

-Зар е можно тоа?! Да се убиваат невини жени? Тогаш сите нас стрелајте не. Обој повик, сочинет од стотици гласови, како гром одекна во логорот "Длабика јама".

Исцибрен и стушен, педесетогодишниот Тодор Пелифанов долго дремеше замолкнат. И покрај својата старост, едно време одекна со силен глас и зборуваше со силно и грлно и со големи гестикулациии. Прикрепувајќи се на дреновиот стап, рече:

-Тешко е да се живее овде без нашите деца. Траумите се големи. Одам по туѓите гробови да плачам.

Зар и јас сум непријател на мојот народ што имам два сина во Америка, а еден син ми загина борејќи се во ДАГ на фронтовите на Грамос?

Тодор, трогнат, се струполи на земја и во себе си рече: "Нашиот живот личи на самоубиство".

Сите зјапаа во Тодор Пелифанов, кој даваше знаци на задременост со побелени очи. По ова трогателно братско зближување, сите започнаа меѓусебен разговор.

Во тој миг во очите на воениот судија Караникас, блесна искра на буден комунист, а гласот му стана непријателски и повтори:

-Јас сум воен народен судија и судот го донесувам врз факти, - рече и продолжи:

Лина Богданова, родена 1904 година (Моминско име Лина Гајдова, ќерка на поп Глигор Гајдов – ликвидиран во 1945 година, на 65 години старост, како непријател на нашата идеологија), произлегува од многу религиозна фамилија што е против нашата комунистичка идеологија. Таа од почетокот на револуцијата била против нашите стратегиски цели, се осудува како непријател на слободарскиот народ. Таа се покажа дека е голем непријател на нашата света борба и работи за интересите на англо-американскиот империјализам, и најверојатно поради тоа што нејзиниот маж Ламбро Богданов, роден 1900 година, од 1936 година е во Америка. Не тврдиме, но сигурно тој работи за Американците, а синовите Павле и Васил се високи офицери во Титовата армија, сега и тие станаа најлути непријатели на нашата борба.

Ние и партизаните на генерал Маркос, раководени од Комунистичката партија, се бориме за доброто утре. Мислам дека Македонците треба да бидат на првата линија и да дадат се од себе,

со тоа ќе се постигне слобода, па и самоопределување на македонскиот народ.

Обвинетата Лина не случајно го стори и следното дело: Кога цел народ се фрли самопрегорно во борбата за нашата света слобода, раководен од нашето мудро раководство на чело со Захаријадис, таа им ги попари нозите на своите две деца; синот Мито Богданов, роден 1935 година, и ќерката Елена Богданова, родена 1933 година, за да не ги даде во редовите на ДАГ да се борат за идеалите на КПГ која има за цел да се ослободи Грција од англо-американскиот империјализам. Обвинетата Лина Богданова стоеше и трепкаше, а тој и упати прашање:

-Кажи ја вистината; дали навистина сама го стори делото или некој те поучи на таков чин? Или можеби од омраза кон твоите деца?

-Зошто ме прашуваш за тоа? Глупавао е да зборуваш за такво нешто. Тие се мои деца. Јас сум ги родила и не сакав да и ги дадам на некоја афежистка или комунистка, да ги пратат на боиштата да загинат. Гласот и беше толку слаб и тажен што одвај се слушаше. На човек му беше доволен само еден поглед на нејзиното лице за да сфати колку страда таа.

-Значи, велиш сама си се решила на тој гнасен чин и со тоа свесно си застанала на страната на многуте непријатели на нашата света војна.

Очите и се полнеа со солзи додека го слушаше, Солзите се повеќе и светка во очите.

Само Сотир Гајдов, кој стоеше покрај нас, ја сврте главата за да не ги гледа СОЛЗИТЕ НА СЕСТРА СИ.

Натажен, ми вели:

-Каква е оваа наша судбина? Досега сите знаевме за неделата на националистичката грчка влада, а овие комунистите ти биле посурови и посвирепи!

Истиот миг Трајко Богданов, најмалиот брат на Ламбро Богданов, декларирaн комунист, ми вели:

-Има право Сотир. Ние Македонците сме излажани и не поделија; братот против брат. Доблесно е да се преиспитаме дали заслужуваме и натаму да бидеме тие што, ќе се саможртвуваат и во голема мера ќе решаваат за интересите на туѓинците! Останавме глуви, неми и слепи, добра е земјава што не крепи.

Но во тој миг се слушнаа и други гласови и сето внимание и погледот ми беа насочени кон Лина Богданова која стоеше достоинствено, а намерата на обвинителот беше да ја наведе да каже дека таа е соработничка на непријателска организација. Но таа докрај остана да кажува дека не носи вина и велеше:

-Тие се мои деца... не припаѓаат на никаква партија, туку се деца мои и на Ламбро Богданов. И сите нека знаат дека јас сакам да умрам како Ламбровица Богданова.

Обвинителот беше сосема збунет. Беше невозможно да се поверува дека оваа жена си ги спаси децата, односно не ги даде во редовите на ДАГ.

Тој последен пат и упати прашање:

-Сега кај ти се децата?

-Син ми Мито е кај татко му во Америка. Јас сама ноќе преку планината го одведов до градот Лерин, а на враќање ме уапсија. Ламбровица срони неколку солзи и рече:

-Ќерка ми Елена си го одзеде животот... Не можеше да ги поднесе критиките на афежистките, затоа што не отишла доброволка да се бори за таа ваша што ја велите света слобода, а најмногу ме караше мене...

Ламбровица молчеше и величествено, како достоен воин, чекореше до ЈАМКАТА што висеше на едно чаталесто дабово дрво.

Изненадувањето беше толку големо што зацари мртва тишина...

Ламбровица си рече во себе: "О боже, ќе ме обесат!"
Обвинителот Караникас си рече во себе: "Мислиш дека би ти простиле!?"

Се огласи воениот судија Караникас:

Смрт на фашизмот и на нашите непријатели!

Мала Преспа, Есента 1949 година.

3.

Тој развој на настаните со нас Македонците имав можност да го набљудувам во илјадници случаи. Колку повеќе ја набљудував поданичката игра на НОФ и АФЖ, толку повеќе растеше мојата одвратност кон таа геноцидна војна.

На 12 август 1949 година гореше целата линија на фронтот на Вичо се до Бела Вода и нашите единици ја напуштаа фронтовската линија. За последен пат посакав на минување да видам што стана со луѓето во логорот "Длабока јама".

Логорот беше пуст, само јамката се нишаше од тихиот ветар и куп партали расфрлени низ лединката... Сонцето веќе го лижеше врвот на палнината Врба и, кога сосема ја спои земјата со небото, го затемни просторот над долината Преспа и во еден мрачен и волшебен пејсаж, се разлеа над езерото.

Сенките на големите дрвја во долината беа огромни, чиниш се сенките на обесените. Пространата преспанска долина се затемнуваше, небото над сето ова беше докрај ведра синевина, но јас се чувствував се поодвратно; сам на себе се изгледав некако прогонет и проколнат.

Ми беше болно тоа што најпосле морав да го напуштам немоќен тој проклет логор на нашите родители. По мене клинкаше, заталкан со обесен автомат, но подзашеметен, и Трајко Богданов кој долго остана да ја гледа јамката на која беше обесена снаа му Ламбровица...

***

Сега со години ме потсетува прашањето на Сотир Гајдов: “Кога еден народ, под агресивна идеолошка пропаганда, преминува во едноумие, колкумина од нив ќе убиеш?

Глава 15. – Генералка Мобилизација

Во 1947 година илјадници мобилизирани деца на возраст од 16-17 години се најдоа во единиците на ДАГ и станаа жртви на најсуровата герилска војна.

Бегство од суровата смрт.

1.

Денот беше топол, задушлив, како и сите пред тоа, но во движењето дувкаше и можеше убаво да се размислува.

Владината грчка армија под команда на прославениот американски генерал Ван Флит – специјалист за герилска војна со 60.000 војници, организирани во 6 дивизии од сите родови, 200 тенкови и блиндирани коли, околу 100 авиони од сите типови, почнаа офанзива против ДАГ на планината Вичо со која командуваше Вландас кој располагаше со 9.863 борци и 40 топови.

На 13 и 14 август ДАГ беше поразена со загуби од 1.859 (мртви, ранети, исчезнати и заробен). Владината војска имаше само 256 мртви и 1.336 ранети. На 15 и 16 август единиците на ДАГ се повлекоа во Албанија, но во наредните денови беа префрлени околу 6.000 борци на ДАГ да ја продолжат борбата на Грамос. Во тие мигови беше исфрлена паролата дека Грамос ќе стане гробница на монархофашистите.

* * *

Големата армија, под команда на американскиот герерал Ван Флит, веќе наколку дена настапува жестоко на нашите позиции, но без она класично пукање и рафали, туку од авионие фрлаа запаливи бомби и целата фронтовска линија беше во пламен. Бевме во паника, како исплашени дивинки. Сме се претвориле во опасни животинки. Не се боревме, туку се браневме од огнот да не бидеме изгорени. А бомбите како да не паѓаа за да не убијат, туку смртно да не исплашат. Од ваздухот што го дишевме, не мачеа стомаците, ни гореа табаните, а од жолтеникавите облаци, кашлавме, толку многу што на сите ни се чинеше дека цревата ќе си ги истуриме од уста.

Од некои позиции на фронтовската линија се јавија илјаднице запалени војници што бегаа. Страв и ужас…

Нашите борбени линии под команда на партискиот работник Вландас, чиниш распукаа како стари обрачи, а тој самиот, не со стрелба туку од една карпа, преку инка викаше: “Ако тука, ние комунистите доживееме пораз, за нас тоа ќе биде повеќе од смртна

казна. Борете се! Ве повикувам од името на Партијата и на нашиот водач Захаријадис".

Никој никого не слушаше. Чувствувавме некаква безумна разбеснетост и се надевавме на некоја божја сила. Во целото темно пространство, колку што можеше да се види, не трепнуваше никаков сончев зрак. Не се слушаше не артилериска стрелба ни истрел од пушки, само тропот на копита од разбеснетите коњи.

Леонидас, пред мене, чекореше без цел, кажувајќи ги молитвите што ги имал учено уште како дете.

По фронтовските битки на Вичо, Буковиќ, Бела Вода, Мали Мади и Лисец, неколку дена глуво талкавме, со изгубена сила и здив. Немоќни и омразени. Не гонат и сакаат да не убијат. Трчаме од врв кон подножјето, а надолу глетка на бездна со остри карпи. Тука имаа паднато две големи запаливи бомби.

Во нашиот секојдневен живот, во нашата ужасна борба за опстанок, во неподносливата самотија, гладот не мори. Се засолнавме во густата шума и во еден миг се струполивме под едно дрво. А нашите другари се мртви и ние не можеме да им помогнеме. Во текот на ноќта видов нешта што нема можам никогаш да ги заборавам. Пладне е. Сонцето пече, потта не гризе за очи, ја бришеме со валаканите раце на кои има и крв. Дните се жешки, а мртвите лежат незакопани. Ме ежи болка немирна. Одеднаш се стресувам од страв дека може уште полошо да не снајде.

Леонидас ме довикува и ми покажува кон една далечна силуета. Ја набљудувам темната силуета и ме обзема тажновина и се повеќе ми се јаснеше жената што во прегратката стискаше разбушавено дете, а мене небаре срцето почна да ми пее загледан во силуетата.

Му велам на Леонида:

-Зар е можно... да е Роксана? Медицинската сестра.

Кога излеговме од темната шума, пред нас се појави слика на суров предел од гол крастав рид, а токму под карпите имаше длабок, но многу широк ров и овенати гранки, веројатно за камуфлажа. На педесетина метри од влезот на една земјанка се наоѓаше едно митралеско гнездо. Наоколу беа расфрлени големи купишта земја измешана со муниција и разно оружје, но овде-онде се гледаа и делови од човечко тело.

Кога стигнавме до крајот на долгиот ров, наидовме на едно голобрадо момче со ампутирана лева нога, лежеше бо завирена крв. Зајдено, со подгорени усни изустуваше: "Вода, вода..."

Испи неколку голтки вода од мојата матарка и живна, а покрај него имаше и еден цел врзоп од тркалезни плочки со ликот на генерал Маркос, а од другата стоеше број.

Трајко Богданов го праша:

-Кој си ти?

-Тоа одговори:

-Јас сум командант на младинската чета и овој врзоп плочки се од сите мои соборци.

-А какви ти се тие броеви?

Младото момче, командант, гледа вцасено во нас, а Трајко Богданов, вознемирен, вели:

-Зар на нашите деца им обесија броеви? Бог да чува, бројки на човечки суштества? Леле! А бре луѓе, во кој век живееме?

Молкот го прекина младиот командант.

-Треба е да знаете дека сите овие трупови, што ги прескокнувавте, се од младинската чета, што беше формирана од новомобилизираните постари деца и избрани по сите домови во Р. Романија, Р. Чехословакија, Р. Полска, Р. Унгарија.

Леонидас небаре му го зеде зборот на Трајко Богданов и возбуден рече:

-Па тоа не е човечки, ако тоа го сторија со знаење на Партијата, а Трајко Богданов нестрпливо додаде:

-Па тоа е трговија со човечки судбини. Тоа се нашите деца, за кои Партијата и Захаријадис ни велеа дека ги земаат за да ги спасат... Всушност ова претставува болна агонија и нов период на беспоштедено жртвување на младата македонска генерација. Ако продолжи, ова ние Македонците ќе се најдеме во ситуација првпат во светската историја луѓето како нас сами да си ја уништуваат сопствената нација.

Лагата секогаш била пред времето, а вистината секогаш доцнела.

Замислите колку време на ни требаше нас Македонците да ја сфатиме вистината? Толку колку што сега си ги видовме нашите деца безимени, со бројки од партијата, како лежат мртви во овие ровови.

Се сврте на исток и се крсти:

-Замислете, од битката се извества штобот дека денес на бојното поле, борејќи се храбро, загинаа следните брци со броевите: 13, 34, 24, 29 итн... о Боже мој...

Го молам севишниот да ни помогне да престанеме да талкаме пред овие политички ветришта и уште да им веруваме на излитените пароли на Захаријадис. (11)

Но ветувањата се погазени:

На 7. 03. 1949 година ЦК на КПГ објави соопштение во кое се демантира одлуката на КПГ за заземениот став за македонското прашање на Петтиот пленум и ставовите на Вториот пленум на НОФ од 3.2.1949 година. Значи, историјата не учи дека ветувањата дадени во време на војна не се секогаш тоа што требало да бидат.

Второ оптимистичко сценарио: се создава комунистичка партија на Македонците под Грција.

(СУПТИЛНА МАНИПУЛАЦИЈА СО МАКЕДОНСКИОТ ЧОВЕК И СО НЕГОВАТА ИСТОРИЈА.)

На 27. 03. 1949 година е свикан основачки состанок од 163 комунисти, делегати на Вториот конгрес на НОФ, на кој едногласно е решено да се формира комунистичка партија на Македонија од егејскиот дел на Македонија, која би била засебна организација и дел од КПГ и би се викала КОЕМ. (За овој настан, се велеше дека е најсветлата точка од грижата што ја водеше КПГ спрема нас Македонците, но да ја оставиме историјата да каже колку навистина беше и остана "светла"...)

Нашите стари за минатото тешко секојдневие од националното угнетување раскажуваа дека Грците се полоши и од Турците. Дедо ми велеше:

"Турците немаа вера, но имаа исав, Грците немаат ни вера ни исав."

Трајко Богданов, обезумен, се сврте кон полузајденото момче и го праша:

-Те молам, кажи ми, имав син пратен во народните републики, можеби е тука со вас. Се викаше Ѓорги Богданов.

Ранетото момче се загледа во Трајко и потстана. Му го покажа врзопот од плочки и му рече:

-Чичко, нека му е лесна земјата, еве ти ја неговата плочка со број 12. Тој меѓу првите беше смртно погоден, но не знам точно каде е сега неговото тело. Но сигурно е тука, низ ровот што го минавте...

Трајко Богданов, збркан, го фрли автоматот, се врати во ровот и почна да ги пребарува труповите...

2.

Приказната за момчињата со плочките што ги носеле на гуша: со реден број и ликот на генерал Маркос тоа им бил индетитетот и само под тој број ги знаеле; од каде е, кое е и чие е дете.

Младиот командант раскажува:

-Кон павилјоните во Тулгеш тргнавме како надојдена река и се измешавме во големиот двор. Се баравме еден со друг; брат и брат, брат и сестра, но најтешко ни беше да си ги најдеме нашите "мајки":

Во домот имаше многу деца на кои не им се знаеше ни името ни презимето, ни родното место, ни родната мајка и татко. Ни дедо ни баба. Едноставно, како што бевме собрани во логорот преку граница и така со години, како сенки, ги бараме своите најблиски, својот идентитет. Се чувствувавме отуѓени, чиниш на сите нас генерал Маркос ни стана татко. Така и викавме кога учителот не прашуваше: – Чиј сме?

Одговаравме: –На Маркос!

-А чиј е Маркос?

-Маркос е наш!

Но, наверојтно за да бидеме рамноправни, или којзнае зошто, во Калиманешти ни ги одзедоа имињата. Тоа беше последното што го имавме од дома, тоа наше национално обележје. Потоа околу вратот ни врзаа метални плочки со тркалезна форма, на кои од едната страна беше гравирар ликот на генерал Маркос, а од другата – бројка што требаше да ни го замени личното македонско име и презиме.

Јас го добив бројот 520 и, кога ме прозиваа на романски, требаше да се јавам со зборовите: ”Чинч суте доузен ши о”.

Кон крајот на 1948 година, пак со воз тргнавме за Полска. На границата не пречекаа Полјаци, со комплет послуги, медицински персонал. Луѓето беа многу љубезни со нас, а истовремено беа вцасени – како тоа партизански деца, чии родители се уште водат борба на боиштата на планините Вич и Грамос, да немаат имиња?

Кога стигнавме во домот ”Бабурка”, не облекоа во нови руби, а се што соблековме сосе плочките, се фрлаше на куп и личеше на заробена војска.

Животот често беше полн со суровост и жестоки поигрувања. Полјаците ги викавме добри чичковци, а најмногу го сакавме пан Пјотр Пшежински. Не сакаше и тој, не викаше “потомци на една мртва војска”. Стар, опитен Полјак, поранешен бизнисмен и филантроп. Многу години бил по логорите, многу не сожалуваше и ни велеше дека по судбина сме биле исти, оти и тој во логорите имал број, но без лик на некој водач.

-Вашата судбина е потешка, зашто ви го обесиле на врат да го носите генерал Маркос, кој во вашата земја е дојден како колонист и ги ужива сите права, а вие и вашите родители сте прогонувани...

Јас молчев. Што можев да речам? Само гледам во плочките со огорченост и ужас. Ете, НОФ и АФЖ пропагираат дека ова е ослободителна војна, а овие деца па и сите ние сме безимена војска. Овие деца ги водат под број како резервни делови од некое смртоносно оружје.

Молкот го прекина ужасниот плач и болниот татков крик на Трајко Богданов.

Ранетото момче ми вели:

-Изгледа Богданов го најде мртвото тело на својот син Ѓорги. Ѓорги беше храбар и пекаше по татко си да го сретне.

-И кога и како ве донесоа на фронтот? – праша Митре Житаров кој исто така имаше две многу мали деца со млада жена Ристана Житарова, која била одредена како ”омадархиса” – (десетарка што треба да води грижа за десетина деца).

Ранетото момче со ампутираната кога, се грчеше и со мака продолжи да ни ја раскажува целата приказна.

-Неколку месеци по нашето заминување од родните села, кога не собраа луѓето од НОФ, АФЖ и КПГ и не пратија по демократските источни држави за да се спасиме од сигурната смрт, од гладот и болештините, тие истите пак не вратија во пеколот на војната. Тоа почна уште кон крајот на 1948 и на почетокот на 1949 година.

Кога не повикаа, како последна поголема група, беше 15 март 1949 година во 8,30 часот, директорот на Домот ни соопшти дека денеска по ручекот ќе допатува во нашиот детски дом делегација на Политбирото на Комунистичката партија на Грција (КПГ).

Точно во 16 часот пред домот се појави еден "татраплан", голема лимузина, и уште невлезен во главната врата, почнавме да извикуваме пароли и да го пееме партизанскиот марш. Штом запре колата, излезе Милтијадис Порфирогенис, член на Политбирото на ЦК на КПГ и министер за правосудство во Привремената демократска влада.

По свечената вечера, што мина во радосно расположение и апсолутна тишина, директорот ни соопшти дека младите момчиња и девојки од 15-16 години во 20 часот ќе имаат состанок со гостинот, а другите, во 19,30 треба да одат на спиење.

Во 20,15 часот гостинот влезе во салата, а ние станавме и со долг аплауз го поздравиме со паролите:

"Да живее Маркос! Да живее КПГ! Да живее слободна Грција!..."

Министерот седна и сите ние седнавме по него, а тој пак се исправи како планински врв пред нас децата и со тивок глас почна да ни раскажува за борбените успеси што ги постигнуваат единиците на ДАГ против монархофашистите.

Тој рече:

-ДАГ има во свои раце 25% од целата територија на Грција. Во секое село има народна власт, народни одбори, народни судови, селски задруги, основани се народни болници, културно-уметнички и фолклорни друштва, народот се чувствува слободен и по неколку дена во наши раце ќе паднат градовите Флорина, Костур, Воден и други градови и 1949 година ќе биде ГОДИНА НА ПОБЕДАТА!

Ние од радост станавме и почнавме да викаме:

"Да живее слободна Грција! Маркос победа! Маркос победа!"

Гостинот не смири и продолжи:

-Младинци и младинки, синови и ќерки на нашите борци на херојската демократска армија, јас сум пратен од Политбирото на ЦК на КПГ и од нашата Привремена демократска влада за да ве повикам да дојдете долу, во татковината, зашто нашата света борба има потреба од млади луѓе, млади борци, достојни на своите татковци и мајки кои секојдневно постигнуваат борбени успеси против нашиот непријател – монархофашизмот.

Министерот лизна од чашата вода, направи скриена насмевка и продолжи:

-Исто така ќе си ги видете вашите убави ослободени села, вашите родители, родниите и сите домашни.

Затоа ве повикувам сите што сакате ”доброволно” да се вратите во слободна Грција, да станете и тука да се запишите.

Министерот држеше список, што го имал кај себе со нашите имиња. Ние сите еден по еден се потпишавме, 31 младинец и 8 девојки.

По ова гостинот ни се обрати:

-Знаете дека доброволците од Романија и Бугарија веќе се вратија многу порано во ”слободна Грција” и за многу кратко време одлично го совладаа оружјето и овие денови стануваат редовни борци на славната ДАГ, а другите ваши другари од другите демократски држави се на пат за татковината, а во најкратко време ќе ви биде соопштено и вам. Но едно сакам од вас: за вашето враќање во татковината, на никого ни збор. Ни на тукашните ни на домашните, на никого, разбирате, зашто кој од вас ќе каже или ќе напише, тој ќе се смета за непријател на нашата света борба.

Следниот ден, во понеделникот по ручекот, не собраа нас “доброволците” и директорот ни рече:

-Од денес до вашето заминување, ќе имате секоја вечер ноќно тренирање на терен за да се научите на ноќни борби. За враќањето во Грција на никого ни збор, ни на вашите помали браќа и сестри. Кој ќе се осмели да каже, ќе биде истеран од домот и строго казнет.

Во тој миг слушнавме силен истрел. Житаров одеднаш ме фати за рака и влеговме во некаков ров и трчавме наведнати, понизни, чиниш одиме во некое беспаќе.

Туку одеднаш пред нас лежеше Трајко Богданов, мртов во прегратка со својот син... Во маки пеколни испушти душа кутриот.

Се обидувам да си ја избришам од умот таа глетка на син и татко за кои заврши војната и изгубеноста на нивниот корен.

4.

Леонидас, се понемирен и повознемирен, ми вели:

-Голем е бројот на причините за злоупотребата на децата-војници. Ете, и Партијата вели:

”Ние сме во револуција и можеме да им понудиме калашников наместо тетратка.

Тие се нај евтини зашто помалку јадат и се попослушни. Полесно може да се заменат и да се искористат. Тоа го прават и капиталистите. На фронтот им се доделуваат разни функции во воената служба, па се до живи детектори на нагазни мини. Во

логорите ги користат како робови за да приготвуваат јадења и да чистат.

Тие се послушни и со нив полесно се манипулира. Затоа можат да ги натераат да работат се што ќе побараат возрасните од нив."

А според тврдењата на психолозите, децата можат да се претворат во машини за убивање, зашто повеќе се во состојба да ја запоставаат реалноста. "Децата-војници се мошне добри борци, не мислат на ништо друго освен на својата задача. Тие се борат, при што не помислуваат на враќање во своето семејство. Не се плашат од ништо", смета еден бунтовнички офицер во Конго. Сепак, постојат и мал број деца кои сами доброволно се пријавуваат, било заради одмазда било поради глад.

Но за да станат такви борци, прво треба да се скршат и да се подложат на перење на мозокот. Затоа мораат да извршат ужасни приемни ритуали: ги тераат да убиваат и да мачат дури и обични невини луѓе...

Но ете како партијата и Водачот Захаријадис гледаат на ова прашање на историското воено заседание што се одржа деновиве: бележито беше како Водачот го доживува задоволството да ги води другите и да го привлекува нивното внимание. Тој уште како младинец ја доживувал радоста во својата надмоќ над другите. Во својата кариера во партијата, небаре на свечен начин, чекор по чекор, настапувал кон врвот. Напредувал како да гази по свое, чиниш дека е феудален господар. Таков бил неговиот пат...

Така се калеле комунистите... Секој што ја познава душата на младиот човек ќе сфати дека тој најмногу слуша борбени повици. Во сите револуции младите биле на чело...

Леонидас со насмевка ми вели:

-Таквото брзо искачување до врвот, што му го заврти умот, таквата невидливата сила што му донесе успех, го вовлече во заблуда – во безобѕирност и лекомисленост дека тој може да се справува и со воени стратегиски прашања.

На заседанието, Бодачот за да ги смири духовите зазел став на мудрец, и рекол:

-Кога победата детално ќе се опише, престанува да се разликува од поразот и од загубите во битките.

Вие тука го опишавте поразот многу детално и речиси престанува да се разликува од победата. Но Сартровата филозофија на егзистенцијализмот, постојано го тера човекот како свесно суштество кое пред себеси постојано си поставува задачи и цели. Трудејќи се да ги оствари тие цели, човекот гледа во иднината и на тој начин ја негира сегашноста. Откако ќе оствари една задача, пред себеси поставува друга, и така до крајот на животот. Ние сме револуционери и не очекуваат нови визии и нови победи кон комунизмот! Тоа важи и

за нашите млади. Тие се иднината на оваа земја. Остварувањето на овие визии, тоа е всушност реализирање на нашите цели, на среќата на човештвото, на работничката класа.

Водачот најмногу се плашеше од невнимание, да не ја загубат партијците класната свест.

На крајот на советувањето извика:
-Да живее Црвената армија која се бори да му ге подари на светот мирот, слободата, демократијата и социјализмот – Светлата иднина на човештото.

* * *

По завршувањето на историското воено заседание, Водачот (изигрувајќи скромност, небаре е земја што молчи) направи промени во воениот генералштаб и за нов генерал го назначи Георгиос Гусијас.

Гусијас беше неук човек и се што не поднесуваше да гледа или да почитува кај другите, беше во него. Некои се прашуваа зошто и како чевларот станал генерал и кој го довел тука? И зошто Водачот, поставува неуки луѓе?

Едни велеа за полесно да ги сменува, а други, збунети, се сеќаваа на Евангелието во кое се вели: "Широк и огромен е патот што води во пропаста".

* * *

По пристигањето во Главниот штаб, генерал Гусијас ги смени правилата и избра свои луѓе. Се разбира дека Самаридис го остави на неговата функција и положба и кон него изразуваше некаква чудна почит.

Целта на генералот беше да внесе раздор меѓу потчинетите. Најголемиот сон му беше да создаде мрежа за да контролира се, до најмалиот тетаљ. Бидејќи донесе нови правила и начин на работа, даде можност за, како што тој велеше, "професионален напредок". Значи, тој што ќе се адаптира на неговите закони, ќе преживее, а кој не ќе биде отстранет. Доколку "новоизбраните" ја прифатиле промената без да се изложуваат многу на шушукања, генералот спрема нив беше штедар и готов да ги обвие со кратките раце.
Но еден од отстранетите повисоки офицери со денови се подговуваше психички да му се јави на Гусијас и да го праша до кога ќе ја крие вистината за непознавањето од воената стратегија и тактика. Тој еден ден му рече:

-Кај тебе грдата завист била скриена во форма за присвојување. Ти изразуваш желба за тоа што не ти припаѓа и за успесите на други...

Верен си и на партијата и сите те знаат како крпач и потковувач на чевли, ама со воената наука и со познавањето на теоријата за стратешките и тактичките прашања, одамна си се разминал.

Гусијас се вцрви и дури посегна по револверот.

---

11 Прво оптимистичко сценарио на Захаријадис: се дава самоопределување на македонскиот народ. Значи, ни понуди визија за независна Македонија.??!!

На 30-31. 01. 1949 година е одржан петтиот Пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за независна и обединета македонска држава во рамките на балканската федерација. Поради тоа на 3.02.1949 година е свикан Вториот пленум на Централиот совет на НОФ и се прокламирани нови принципи на НОФ, за иднината на Македонците под Грција.

Глава 16. – Крај на војната

Крај на војната:
По осумстотини и седмиот ден низ пеколот на војната, по ликвидацијата на Граѓанската војна, бев разоружен во Албанија – Виткуки, на 31 август 1949 година и со билет во еден правец од КПГ – отпатував со брод во СССР (24 октомври 1949).

1.

Беше помината полноќ, кога минавме низ селото Брезница. Ја искачувавме угорнината. Зад себе ги оставивме црквата и гробиштата во кои ги закопавме Трајко Богданов и син му Ѓорги, во еден гроб.

Месечината беше спокојна и зрачеше со својата светлина, одвреме навреме прошарена со темни линии од црните облаци од дим и прав.

Се чувствувавме многу исцрпени и чиниш од нас истекуваа последните сили. Правевме кураж и пред зората втасавме во една густа шума, над селото Бесфина, а тоа беше и нашата назначена маршрута: другиот ден треба да бидеме на месноста Пероо, за да го миниpаме мостот по повлекувањето на нашиот последен војник и да го спречи ме минувањето на бурандарите. Немаше потреба да организираме стража, се наоѓавме далеку од фронтовската линија. Како што бевме клапнати од умор и изнемоштени, никој не помисли на некаква подготовка за предспиење или варем да се ослободи од нарамениот ранец, реденикот од куршуми, да ги собуе чизмите или да пројави интерес во таа густа шума да најде поудобно местенце да легне. Штом беше дадена наредба за одмор, секој од нас веднаш се струполи наземи, падна и веќе потона во сон.

Утредента веќе беше пладне и во логорот уште не беше разбуден никој од длабокиот сон. Продолживме како да бевме опиени од некаков силен наркотик. Августовските зраци горат безмилосно, а тоа го почувствував на мојата одголена лева нога. Сончаницата силно ме пече, а на некој и им беше фатено и лицето. Пече изгореното, а не можам да се разбудам. Можеби затоа што чувствувам дека сум жив. Ми се причинува дека сум паднат од небото или од некој непознат свет, без да можам да се освестам каде сум. Правам усилби да ги отворам очите, но без успех. Ми останууваат очите затворени, залепени.

Едната рака и нозете ми се скокалени - вкочанети, и не ги чувствувам од тешката здрвеност. Ми се чинеше како да не се мои. Не можам да командувам со нив. Со мали движења поттикнати од некаков потсвесен страв, почнав да ги мрдам прстите, да чувствувам дека сепак не сум врзан или не ми се фатени нозете и раката и полека се чувствувам полесно отколку малку порано и ми се пристори дека

ќе летнам да имав крила. Се разбира, тоа е како да е некаков феномен кога човечкиот организам се наоѓа растоварен од неспоредливите поминати душевни и телесни стравотии кои ни се случуваа во изминатите седумдесет денонoќија на фронтовската линија на Грамос, и сега на Вичо. Сега сме во заднината, нераспоредени на фронтовската линија Вичо.

Со големи маки успевам да се ослободам од вкочанетоста. Се борам да се соземам и да се освестам. Чувствувам тежина, страв, но и надеж од тоа што долго неможев да се разбудам.

Околу нас се е млако, безлично, без борба, без страсти, никој ништо не прословува, а радоста што ме обзеде, небаре се рефлектираше и на околината. Можеби ова беа најубавите моменти по долгите борби на Грамос, кога сонцето се замрачи, земјата пропадна и чиниш се отвори и небаре ќе проголта се што лази, ползи, плива и лета по лицето нејзино. Сега како да се сврти убавиот живот токму околу нас. Сите минавме лоши денове на фронтовската линија на Грамос, а многу од нашите соборци за вечно останаа таму.

* * *

Сонцето почна да се затскрива зад врвот на планината Врба. Ближеше да зајде. Следната топла ноќ, само црните сенки и месечевите зраци од густата шума не гледаа право в лице.

Еден вод од минери (саботери), под команда на полковник Врацано, се спуштавме низ скрките во селото Л'ќ и со неколку кајчиња се префрливме во месноста Пероо.

Уште пред зори, успеавме да го миниpаме мостот со прекумерни дози експлозив. Потоа каблите ги водевме под патот се до безбедносната далечина и ги камуфлиравме, како да не било ништо, а бегалците што минуваа не ни пречеа многу.

Беше време во период кога езерото имаше низок водостој, а под него и на брегот се имаше собрано толку многу тиња, на некои места дури имаа раззеленето грмушки од трска или врби. Водата беше бистра и мирно истекуваше од Малото Езеро во Големото Езеро на Преспа.

Се вкопавме во провизорни ровови што ги направивме сами и останавме на позициите се додека не добивме каманда за активирање на експлозивот.

2.

Покрај нас минуваше со занишан од еден исцрпен и уморен ќелав старец и ни вели: "Бегајте, бегајте, да се спасите барем вие младите. Бурандарите сите села ги горат и ги убиваат луѓето..."

Не е можно да се помисли без сочувство што претставува бегство на луѓе предизвикано од војната во смисла на страдања и солзи.

Колоната луѓе облечени во црно се движеше накај границата на Југославија. Сите молчеа, само одвреме навреме од нивните очи не капеа солзи туку понекоја капка крв.

Досега бегалците, од страв да не бидат претепани, па дури и убиени од бурандарите, постојано го менуваа местото на живеењето, криејќи се во засолништа во планините далеку од своите домови, а сега се слеваа во недогледната колона.

Погледнувам во синкавиот дим што лебди, во она што согорува, и си припомнувам: утрото беше сиво, одеднаш се слушна врева, се појави толпа луѓе, темни фигури измешани со домашни животни заедно трчаа. Толпата постојано се зголемуваше како грутка снег што се тркала низ некоја падина и како се поширока и шаренолика река се влеваа луѓето меѓу двете езера на Преспа. Бегаа полуоблечени и по патот си ги дооблекуваа останатите делови од алиштата. Трчаа деца и жени, со несигурен чекор итаа старци. Многу стари луѓе и повеќето деца беа слаби и болежливи. Со крик и плач талкаа по кемените патишта, со искривена душа го бараа изгубениот сон. Се оставиле без сеќавање: пред палењето, бесењето, горењето и умирањето на блиските. Над земјата лебдеше густ чад и така им ги дразнеше носниците на сите живи суштества, дури ничкосани бегаа, а зад нив остануваа голи ридишта, трапишта, урнатини и опалени стебла. На припеците лежеа осакатени, вошлосани војници. Огновите прилегаа на јазици или чиниш се веат шамии, како да играат самовили. Излегуваа низ чадот опалени луѓе и се прашуваа- “каде сега?”

Земјата како да беше испрана, или небаре пролетни суви ветрови ги растопуваат снеговите над црната земја пропиена со влага. Така и војната ги гони луѓето од нивните огништа, а земјата останува пропиена од нивната крв. Слушам бучава, грачат гаврани, а смртта полека лази по земјата следејќи го човекот. Завиткана во долама од стравотија, рамнодушна, безлична, нема, како сурова црна рака го досегнува човекот, но тој стапува во борба вооружен со мислата, чекори до светлината на животот, наросувајќи го со крвта на срцето својот мачен, осамен, непознат долг пат...

Бегалките жени чекореа многу полека и често подзастануваа кога некоја од мајките со детето се повлекуваше во некоја крајпатна грмушка.

Се гледаа така жените: обезумено и безнадежно, а некои дремеа во метежот. Се гледаат со олинати образи и гурелави очи и без желба за чекор. Никоја ништо не прозборува, туку сите нешто вадат од торба и стваат в усте и ги стискаат вилиците чиниш тоа го прават без да им трепнат клепките.

За тие што не беа болни од дизентерија, патувањето беше претворено во бескрајно, заморно чекање крај патот, под обилните шурки дожд.

Воздухот стануваше сив и густ, немаше место ни за радост, ни за жалост, туку сите беа зафатени од очај. На крајпатните лединки немаше никој.

Една од најтажните глетки беше случајот со бегалците кога една жена ми рече:

“Кога викаа дека доаѓаат бурандарите, маж ми ги земаше двете деца, а ги земав другите две. Бегавме. Но во мешаницата го испуштив најмалото што го носев. Не можев пак да го земам. Сега не знам каде се маж ми и двете други”.

Жената плачеше и си ги гризеше ноктите, чекори бесцелно, заборавена дури од ветрот што и го вееше здолништето над колената, заборавена од бегалците.

Таа викаше:

“Го сакам, го сакам”, викаше одново и одново додека ни кажуваше за кутрото малечко згазено под нозе. Во рацете го држеше она што го спасила. Во ноќта таа, бегајќи, умре на патот.

Завледеа долга и немирна тишина. Жените гледаа уплашено, збунети и очајни.

-Од што умре? –праша една афежистка наконтена во униформа.
-Не беше зарезена од ништо. Умре од исцрпеност, - и одговорија босоногите жени кимајќи со главите.

-Која е таа? –Sуреа жените во мртвовецот.

Афежистката им нареди да ја закопаат, крај патот и да продолжат додека е ноќ и не напаѓаат авионите.

Но колку и да брза, човек ќе посака да слушне, да види и да забележи:

-Зошто човекот го гони човека?
Оти за овие луѓе, секојдневната среќа, среќата домашна засекогаш ќе ја нема... Ќе ја немаат својата татковина. Најпотребното, нели? Но кога и да е, никој од нив нема да заборави да викне: ”Каде си ти, каде, татковино моја?” Оти никој од нив не понесе се...

И, ете, тие престанаа да бидат дрвја со длабоки корења во таа земја. Престанаа да бидат плодни корења. Дотогаш се интересираа само за своето парче земја, на кое беа израснати како дрвја со длабоки корења. Неизмерно ја сакаа таа земја, зашто таа ги хранеше. А сега, како откинати лисје ги завлече ветрот и ги развеа насекаде... така одеднаш ги снема тие луѓе како плисната вода на песокот... тие тагуваат прогонети по светот, како облаце понесени од лоши ветрови. А за човекот е доволно само да му се распара конецот на животот и неговите стапки од одот се нижат како бисер од разни мониста, бели, црни, тешки и лесни.

И таквиот бисер е сопствен, не личи на ниеден друг, но можеби татквите бисери личат по формата на многу луѓе, но не и по тежината и бојата на монистата и сега така од животот ќе се ниже тој бисер... и тешко е да се загнезди човек од туѓа земја.

3.

Дувкаше јужен ветар и силно се слушаа пукотниците на убиственото оружје и кај сите нас предизвикуваа главоболка, несоница и голема раздразнетост.

Авионот-бомбардер леташе полека. Неговата бучава доаѓаше во бранови, тешка и осамена. Направи круг над Пероо и испушти неколку рафали врз колоната бегалци и партизани што се повлекуваа од фронтовските линии, но истовремено се слушнаа пукотници од повеќе противавионски пунктови и во еден момент авионот не очекувано пушти нешто црно од опашката и ја изгуби контролата. После само еден миг се слушна експлозија. По падот на авионот во 12.38 часот во карпите над мостот, подолго време не се појавија други бомбардери и колоната бегалци со сигурност ја газеа угорнината. Клокотеше само вриежот на тагата за оставеното прадедово огниште.

* * *

На 14 август 1949 година во 15.30 часот се појави под селото Раби голема колона тенкови и блиндирани коли што јуреа накај мостот.

Не поминаа 5 минути, од набљудувачкиот пункт полковник Врацанос наредува:

“Активирајте го експлозивот! Веднаш! Пали!!!” Остро допре гласот на полковник Врацанос.

Одеднаш блесна заслепувачка светлина, ми се стори дека се отвори небото и пеколот слезе на земја. Стана жешко, како човек да е пред селска фурна.

Силни експлозии и трештења од секакво оружје.

“Готов сум. Ова ми е крајот”, помислив, но се најдов врз меката почва; со рацете успеав да зграбам трски, паднав сред еден шамак, жив и здрав. Над мене летаа камења, трски што езгледаа како да се носени од силен виор. И други од минерите молчеа загледани во мостот, кој бавно се наведна, гредите се откинаа и паднаа во бездната. Водата од Малото Езеро измешана со крв, мртви тела и војничка опрема, бучеше и се влеваше во Големото Езеро на Преспа.

Со уривањето на мостот ја урнавме секоја можност да помине големата војска која посакуваше да не сотре, но и сите наши што ги имаше низ трските.

Се сруши се во луѓето: и љубовта и омразта, и радоста и тагата, и среќата и болката, и надежда и безнадежноста.

Излегов од ровот и слегов на патот што водеше во непознат свет. Што и да допрам, ме допира времето. Лебдам и постојам во некакво бегство. Ја гледам својата рака како се спушта, земјата да ја моли и пак да ја допира и од неа одговор да бара... И тогаш, за чудо, не се прашав, а сега се прашувам зошто и за кого го срушивме мостот што ги спојуваше луѓето!

Во еден момент почна да ми се чини дека сум учествувал во големо зло. Го пресековме животот на тие што останаа и на тие што избегаа.

Пред срушениот мост, на самата бездна, долго стоеше една жена во црно со еден страк нестварно цвеќе. Со очите отворени, со рацете раширени, со срцето како широка тишина. Стои и чека се до очајничката ноќ, без да ја изгуби надежта.

Се прашував: ”Чија ли беше таа мајка?”

Ноќта се повеќе црнееше, а таа остануваше единствена со својата најтемна страна: желбата што боли.

Не знам зошто тој предел по кој минуваа бегалците и жената што не го мина мостот, како да ми влезе во срцето и со години се прашувам “Која беше таа жена? Чија беше таа мајка што трчаше да си го стигне родот?...”

Понекогаш нечиј крик ми се врежува среде главата и останува тука засекогаш. Се држам за уши, за своите поцрвенети уши. ”Моите раце се чисти.” Повторувам, да ме чуе татковината: ”Моите раце се чисти.”

* * *

Отуѓени, живевме, едноставно чекајќи го времето.

Ни во длабоките зимски, суви ташкентски ноќи не ги заборавам тие дни... Нема ноќ да не си намнисувам на патот што мирисаше на крв и пот, на расфрлените нешта. Луѓето газеа боси по искршени срчи, а сакатите се молеа налегнати како крајпатни камења, очекувајќи ја смртта. Само мајките беа присебни, итаа со своите деца барајќи скривалиште. Тука го гледаш човекот како чекори болно, растажен, несигурен, до следната станица на животот. Пред човекот се растегнале стапалки во недоглед, некаде водат... трската и врбјакот осакатени дремеа, а усвитените ѓулиња што паѓаа во езерото, чиниш се жаби исплашени што скокаат од брегот, се забиваа во тињата засекогаш.

Бегалците, како пролетно јато птици, илјадници стоеја на работ од албанската земја и со свртени очи гледаа во димот, слушајќи

лискотници, и се збогуваа со она што го завеаја ветровите во тешки намети... беа во жална состојба, исцрпени и капнати...

Наземја, на припеците, со денови лежеа покрај камењарот, очекувајќи ја топлината на сонцето поделена еднакво, спиеја, ‘рчејќи испотени, запарени луѓе. Тоа беа повеќето жители без покрив: старци, жени и деца, ретко осамени војници што си ги изгубиле своите единици иле бараа некои од налегнатите.

Деновите се влечеа гладни, а ветрот им донесуваше пиштење и некаков вкус на пепел. Се чувствуваше бескрајна тага во виењето на црвениот ветар. Фучеше тој црвен ветар, го бодеше човека и околу него виореше во облак со мирис на изгорено.

А во далечината остануваше една осветлена бара, тоа беше разлеаното езеро на Преспа. Неколку карпи, како да сакаа да го видат ужасот, излегуваа од водата, парајќи ја со главите светлата површина. На песокот лежеа напуштени рибарските чунови, а над нив разлутено плискаа брановите. Тогаш почувствував како срцето ми се исполни со некое големо чувство на длабока тага. И прв пат чув од утробата на земјата: ”Збогум, сине мој, збогум, чедо мое, знај, дојде време, треба да одиш, зачекори и оди... оди”.

Топовите замолкнаа. Кучињата не лаеја. Се свртев на север и се оставив зад себе.

Ноќ. Погледнав во ѕвездоцветјето и низ ѕвездите се наѕираше патот по кој ќе заминам.

Изедов полна торба зелени јаболка, стапка по стапка, со притаен ужас, се качив на бродот ”Краснаја звезда” на пат за СССР. Она на што се сеќавам сјае обрабено со мојот повик, зашиено со љубовта кон родниот дом.

Глава 17. - Преглед на военополитичката историска хроника

Многу нешта ни се случуваа без знаење на обичните смртници поради таинствени причини, а добрите и лошите нешта често ни се случуваат од историјата, затоа што не мрзи да ја читаме. По случувањето, се ни изгледа како случајност.

Ниту се служиме со мудроста на нашите предци, туку им дозволуваме на идеолошките активисти да го оптоваруваат човечкиот род и на смртниците да им донесуваат толку долготрајни солзи.

Сега, по полувековното чемреење под идеолошката пајажина, во потрага по приказната наша низ тајните досиеја на туѓите политики кои од Егејска Македонија направија гробница на јунаци од Граѓанската војна (1945-1949).

1. Преглед (на военополитичката историска хроника): Југославенската стратегиска опција имала континуиран интерес и за Егејска Македонија.

Македонската политика што ја усвоила КПЈ во текот на Втората светска војна, имала цел да се здобие со контрола над подрачјето Вардарска Македонија и да се задржи во рамките на новата комунистичка Југославија. Признавањето на Македонците како одделна националност идеално им одговарало на домашните цели на КПЈ – Македонците не се Бугари и поради тоа бугарските барања кон Македонија не се валидни; тие не се ни Срби, па затоа не се обновува омразата против Србите. Како нација, Македонците ќе имаат право да се здружат со своите братски словенски народи (Србите, Хрватите, Словенците и Црногорците) во југословенска федерација.

Другата цел на КПЈ во нејзината македонска политика била да се прошири хегемонијата на југословенските комунисти. Повоените цели на Тито не биле скромни. Тој ги барал и со воена окупација настојувал да ги обезбеди од Италија Јулиска Краина, вклучувајќи го и Трст, речиси половина на австриската покраина Корушка, вклучување на Албанија во југословенската федерација, и грчкиот и бугарскиот дел од Македонија.

Новата македонска политика на југословенските комунисти (КПЈ) им давала идеално оружје за постигнување на таа цел. Поигрувањето со македонска културна различност сигурно би било привлечна сила за Македонците во Егејска Македонија кои биле предмет на елинизација.

Кампањата за обединување на Македонија ја започнале југословенските партизански лидери уште во текот на Втората светска војна, дури и пред да ја обезбедат својата контрола во Вардарска Македонија. Хаотичните и флуидни услови што

преовладувале на Балканот по повлекувањето на силите на Оската го потикнале ова движење.

Во текот на месеците во кои се вршела конечната консолидација на власта на КПЈ во Вардарска Македонија, Тито настојувал да ги искористи своите предности, но тој бил претпазлив на интервенција во грчката ситуација. Но во тој период односите со грчките комунисти станале затегнати. Во мај 1944 година се што било останато од македонските комити (на кои ЕЛАС се заканувал со ликвидација) им се придружило на Гочевите единици на организација СНОФ.

Настана на караница меѓу штабот на ЕЛАС и Гоче за тоа како да се постапи со оружјето што било запленето од комитите. Во меѓувреме, КПЈ пратила свои агенти и помали единици што се движеле низ Северна Грција (Македонија) и тие ги повикувале Македонците да стапат во Титовата армија. Тогаш започна масовно преминување на Македонците од редовите на ЕЛАС во Титовата армија. Грчките партизани реагираа со страшни репресалии против македонското население... Уште повеќе, тие ги затвораат сите Македонци што се во редовите на грчките партизани и ги интернираат во јужна Грција и целиот пропаганден материјал е прогласен за нелегален.

Каква била дипломатската игра за иднината на Македонија токму по завршувањето на Втората светска војна на почетокот на 1945 година?

Ставот на врвот на Федеративна Југославија се гледа прво од изјавата што Маршал Тито ја даде за "Њујорк тајмс" во Москава на 26 април 1945 година: "Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби".

Ете каков бил и ставот на Иван Шубашиќ, тогашен министер на Федеративна Југославија, односно премиер на Југославија на почетокот на 1945 година. Тој имал намера присилно да го исели целокупното македонско население од Егејска Македонија, за кое тој мислел дека брои околу 100.000, со што би се решило "македонското прашање", што било голем проблем за развојот на добрососедските односи меѓу Грција и Југославија.

Кога бил премиер на Југославија, Шубашиќ на еден дипломатски прием му го објаснил ревидираниот југословенски план за Македонија на американскиот политички советник Александар Ц. Кирк, кој бил стациониран во Сојузната воена команда во Европа. Овој американски дипломат во телеграмата од 26 февруари 1945 година, што ја пратил до американскиот државен секретар, вака го опишал планот на Шубашиќ за Македонија: "Тој рече дека не е на мислење оти ќе постои неизбежен проблем со Македонија... Тој рече

дека никој не ја оспорува желбата за слободна Македонија во Федеративна Југославија. Исто така објасни дека и Бугарија нема да се спротивстави на овој план, а тврдеше дека и прашањето со грчка Македонија нема да претставува поголем проблем. Рече дека во грчка Македонија жевеат околу 100.000 Македонци, кои би ги иселиле во југословенска Македонија и така би се решил проблемот со Грција". (Од американската дипломатска историја, што се чува на Универзитетот во Висконсин.)

КПГ била сосема вознемирена од кокетирањето на југословените со прашањето што за грчките комунисти било најделикатно – обединувањето на Македонија. Во јуни 1944 година Штабот на македонските партизани им издал нова инструкција на своите агитатори и на воените единици на КПЈ во Грчка Македонија, предупредувајќи дека со прашањето за Македонија не смеат да ги расипуваат братските односи со ЕЛАС. Но тие биле потсетувани дека здобиената национална слобода и рамноправност (од страна на југословенските Македонци) е идеалот на целиот македонски народ...

Во октомври спорот меѓу грчките комунисти и Гоче дошол до кулминација. Кога се нашол лице в лице со единиците на ЕЛАС распоредени пред единиците на СНОФ, Гоче, заедно со 800 свои луѓе, ја преминал границата и дошол во Југославија. Него и неговите единици Титовите луѓе ги третирале со истото сомнение како и секоја друга проавтономистичка група Македонци. Во текот на неколку месеци групата на Гоче била ставена во полуинтернација, а идната година КПЈ почнала да се потпира на неа за операциите што таа ги инспирирале во грчка Македонија. И токму од тие луѓе беа формирани во Скопје организациите НОФ и АФЖ на 23 април 1945 година.

Привидно, се мислело дека заинтересираноста на КПЈ за грчка Македонија постепено избледела. Но печатот што бил под контрола на Партијата, со исклучок на еден напад против владата на Папандреу во ноември 1944 година поради "теророт над Македонците" и еден огорчен уводник на "Политика" кон крајот на декември, во текот на неколку месеци не преземал иницијатива во однос на она што вриело во грчкиот котел. Неколку фактори стоеле зад оваа промена кај КПЈ. На почетоткот на 1945 година, Тито кој во тоа време бил во тесен контакт со Москва, можеби заклучил дека е поважно грчките комунисти да дојдат на власт отколку тој во тоа време да ја добие Егејска Македонија. Исто така, сите борбени единици на Македонците во Грција остро биле наклонети кон автономија, а Тито бил донекаде ограничен со постоењето на ривалската влада на Шубашиќ која се уште уживала извесна поддршка од страна на западните сили. Се уште било нужно да се биде претпазлив. Дури

кога овие околности се измениле, КПЈ ја реактивирала својата грижа за грчка Македонија.

2.

Грчката опција на раководството на КПГ ја опишува генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис во книгата на ПЕТРОΣ ΑΝΤΑΙΟΣ "ΝΙΚΟΣ ΖΑΗΑΡΙΑΔΗΣ – ΘΥΤΗΣ ΚΑΙ ΘΥΜΑ", стр. 414.

Тој пишува:

"Во 1924 година, кога Захаријадис со една група партиски кадри што ги имаа завршено студиите на (КОУТВ) високата паратиска школа во Москва, се враќал од СССР во Грција, се одржа Третиот вонреден конгрес на Социјалистичката партија на Грција и на тој конгрес таа е преименувана во Комунистистичка партија на Грција (ККЕ). На тој конгрес се расчистени некои прашања од внатрешната противореченост и се прифатени не само решенијата на конгресот на Третата комунистичка интернационала, туку и оие од балканските комунистистички конференции, конкретно, на Седмата конференција на Балканската комунистистичка федерација за таканаречената "Македонска". И тоа ќе застане како прва ЈАМКА што беше ставена на вратот на ККЕ, од името на "интернационалниот пролетаријат".

Подвлекол Захаријадис, а ние Македонците Господ да не чува, не сме верувале во таквата подлост. Во тоа време за луѓето со политичка моќ се колневме во главатарот Захаријадис. Каква ретка среќа доживувавме затоа што го имавме, затоа што не водел и ни го трасирал патот до победата. За него пеевме песни и кога бевме радосни и кога бевме гневни.

Ах, колку боли денес тоа наше ЦИВИЛИЗАЦИСКО ЛИЦЕМЕРИЕ!

Захаријадис му дообјаснува на авторот Антеос: "Освен бугарската (12) делегација, југословенските и грчките делегати гласаа за ставовите за автономија на Македонија и Тракија, верувајќи дека ја исполнуваат интернационална должност и усложнувајќи ги бугарските словенистички погледи на овие простори".

Но КПЕ (КПГ) не опстујувала на дотогашните ставови во однос на македонското национално прашање, таа секогаш била само со намера да го користи во интерес на развојот на грчкото ослободително движење под своја контрола. Дури настојувале и преку СНОФ да дејствуваат во насока на привлекување на македонското население во ЕАМ и КПГ за да се бори за нивни стратегиски цели.

Посебно се познати сите манипулации токму од самиот генерален секретар Захаријадис за длабочината на македонската трагедија во Граѓанската војна (1945-1949), кои одеа во прилог на грчката влада.

Дали со таквите постапки Захаријадис не посакуваше да му докаже на грчкиот народ дека ЈАМКАТА била за македонскиот народ, а не за грчкиот.

ПРИЗНАВАЊАТА И ОДРЕКУВАЊАТА НА ЗАХАРИЈАДИС

На 30-31. 01. 1949 година е одржан Петтиот пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за "Независна и обединета македонска држава во рамките на балканска федерација".

Поради тоа по иницијатива на Захаријадис, на 3. 02. 1949 година е свикан е Вториот пленум на Центалниот совет на НОФ и се прокламирани новите принципи на НОФ за иднината на Македонците под Грција.

Во резолуцијата на Вториот пленум на Гл. Одбор на НОФ се вели:

"Вториот конгрес ќе биде конгрес за прокламирање на новите програмски принципи на НОФ, според кој, со вековни стремеж на нашиот народ, ќе го прокламира обединувањето на Македонија во една единствена држава, независна, рамноправна македонска држава во рамките на народнорепубликанската федерација на балканските народи, што ќе претставува реализирање на неговите цели во многугодишните крвави борби. Вториот конгрес на НОФ ќе го прокламира сенародното востание на македонскиот народ, ќе изврши проверка на сите сили на македонскиот народ, ќе ги обедини и ќе ги групира околу НОФ и победоносно ќе ги поведе во заедничка борба со грчкиот херојски народ против монархофашизмот и американските империјалисти. Вториот конгрес ќе се насочи особено кон поробеното македонско население од градовите како што се Лерин, Костур, Воден, Енице вардар, Гуменце, Серес и Драма, ќе го дигне во непомирливата борба против монархофашизмот и англоамериканските окупатори за побрзо ослободување и исполнување на стремежите на непокорениот македонски народ, во борбата на Народна Република Македонија".

Значи, нови видици за поништување на Букорешкиот договор од 1913 година со поделбата на Македонија!

ДЕМАНТ ЗА БАЛКАНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ПОГАЗЕНИ ВЕТУВАЊА

На 7. 03. 1949 година ЦК на КПГ објави соопштение во кое се дематира одлуката на КПГ за заземениот став за македонското прашање на Петтиот пленум и за ставовите на Вториот пленум на НОФ од 3.2. 1949 година. Значи, историјата не учи дека ветувањата дадени во време на војна не се секогаш тоа што требало да бидат.

Која му била целта на Захаријадис? Дали со тоа сакал да ја оцени нашата зрелост во однос на националното прашање дури по тригодишната борба, да дознае што сакаме? Зашто периодот на дејствувањето на НОФ и АФЖ под КПЈ од 23 април 1945 до

октомври 1946 година за КПГ и за комунистите во Грција, остануваше докрај нејасен.

Захаријадис, одговарајќи на критиките, потврди дека тоа го направил со двојна цел:

Прво, масовно да ги вклучи Македонците во борбата и, второ, да ги неутрализира сепаратистичките дејности на групата поранешни раководители на НОФ и АФЖ Македонци кои беа пребегани во Југославија и оттаму ги повикуваа македонските борци од единиците на ДАГ да дезертираат, зашто немало никва цел Македонецот да крвави во таа војна.

Всушност, најжестоко противење имаше од оние што го организираа НОФ и го пратија во Егејска Македонија една година пред да почне Граѓанската војна. Сега ставот беше дека тоа прашање ќе предизвика "етничко чистење", сецесија или други геноцидни што ќе ги зафатат сите соседни земји на Балканот. На крајот, во таа војна доживеавме геноцид само ние Македонците под Грција.

Значи, Југославија (КПМ/КПЈ), како и Грција (КПГ) беа против секаква ревизија и строго бараа зачувување на позициите на Букорешкиот договор (1913).

* * *

Делегацијата на КПГ, предводена од членот на ЦК и министер за правда при ДПВ, Милтијадис Порфирогенис, во Белград била примена од А. Ранковиќ. Тој за формирањето на македонска држава во рамките на балканската федерација рекол: "...дека таквиот акт бил насочен против интегритетот на Југославија", пишува "Борба од 27 април 1949 година".

Има аналитичари кои оценуваат дека поттикот на Македонците со помош на Југославија бил за советизација на Балканот! Но тоа е негирано од самиот Сталин, а подоцна и од Тито. Останува само едно: "Нека се запали огнот подалеку..." Сталин рекол: "Дејствата да бидат партизански, ненасилни, полека, но да се буричка во капитализмот", а и Тито беше на иста позиција и на почетокот посакуваше да го стимулира до максимум. Потоа, се беше јасно...

Захаријадис продолжуваше со манипулирањето на Македонците, се до последната политичка моќ со која располагаше како генерален секретар на КПГ, на Шестиот пленум во март 1956 година, по интервенција на Советите.

Секретарот на ЦК на КПГ Никос Захаријадис се правдал: "Ако бев информиран како што сум денес за дејствата на Тито, никогаш немаше да посегнеме по оружјето и војна немаше да се случи".

Захаријадис е сменет од положбата генерален секретар и идната година беше исклучен и од член на Комунистичката партија на Грција.

По ова беше пратен во заточеништво во Сибир и трагичната смрт се случи во 1973 година во градот Соргут во СИБИР.

3.

Грчката влада имала опција на геноциден зафат. Владата во емиграција, на чело со Папандреу во Каиро, бараше од КПГ и ЕЛАС, конкретно од секретарот на КПГ –СЈАНТОС:

”Да се ликвидираат сите негрчки (славофонски) политички организации и воени формации во северна Грција. Историска грешка на Грците и на грчката држава ќе биде, ако и славофонските формации СНОФ И СОБ учествуваат во ослободувањето на градовите Касторија, Флорина, Едеса и другите територии што сега се окупирани од Германците и Италјанците”.

Реакции и други настани во тој период во Грција.

1. На 17. 04 1946 година солунскиот десничарски весник ”Неа Алитија” (Нова вистина) објави напис со наслов ”Нашите Судети, во ко се зборува за Македонците и се квалификуваат како судети и како такви, пишува весникот... во интерес на мирот и безбедноста во Грција, треба да бидат ликвидирани”.

2. Весникот ”Етникос Кирикас” пишува: ”Од Грција треба што поскор да се протераат 80.000 Славомакедонци”.

Истото се вели и во неделниот републички весник ”Елефтерос типос” од 28. 01. 1946 година во статијата:

“Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија – нека си одат каде што сакаат”.

* * *

СТАВОТ НА ЗАПАДНИТЕ СИЛИ БЕШЕ ЈАСЕН, НО РУСКИОТ – СТАЛИНОВИОТ Е ЧУДЕН: ”НЕКА СЕ БУРИЧКА ВО КАПИТАЛИЗМОТ, НО НЕ ЗА ПОБЕДА” И ПОДДРШКА – САМО НА ЗБОРОВИ”. А ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОСТРАНА ПОЛИТИКА – ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА, И ТАЈНА – СО КОЈА ГИ ПОТТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА.

Големите сојузнички сили, во принцип, не биле против создавањето на македонска држава, но не се согласувале меѓу себе како да изгледа идната македонска држава. СССР ургирал за присоединување на македонските територии во составот на федерална Југославија, а САД и Велика Британија не сакале

обединување на македонските територии, затоа што тоа не и било од корист на Грција. За да се спречи планот за обединување на македонските територии, главната дипломатска улога за иднината на македонската држава ја презела во свои раце Велика Британија.

Впрочем, дека таа им диригирала на САД каков да биде нивниот став во односот на Англија спрема Америка сигурно може да се види и во телеграмата што била упатена до американскиот државен департмент од Барнес, американски дипломат во Софија, на 26 јануари 1945 година, а со чија содржина била запознаената и бугарската влада: "Владата на Неговото величество не е на мнение да се одобри формирање на ексклузивна федерација меѓу Југославија и Бугарија. Но ние сме подготвени да се согласиме со федерација на сите балкански држави составена од сегашните сојузници и од нивните непријатели, а со можност за вклучување и на Турција во неа. Исто така, Неговото величество силно се спротивставува на создавањето на велика Македонија, во која би била вклучена и територијата под Грција, но ние сме подготвени да ја одобриме идната македонска држава во составот на Југославија...

Неговото величество става до знаење дека секое присоединување на територија од Бугарија кон југословенската федерална држава Македонија без согласност на ОН ќе се смета за акт за кој Неговото величество е на мислење дека бугарската влада нема право да го стори .

Оваа британска закана против обединување на македонските територии под Грција и Бугарија државниот департмент на Америка ја прифатил како совршен чин, иако САД биле со став дека желбата на локалното население треба да се почитува. Во телеграмата од 24 февруари 1945 година до британската амбасада во Вашингтон, американскиот департмент одговорил дека "САД се на позиција дека предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција во однос на македонската територија треба да се почитуваат како полноправни и каква било нивна ревизија единствено може да се изведе со почитување на желбата на населението и со меѓународна поддршка, во рамките на повоената мирољубива победа".

Како што се гледа тука, САД во принцип биле за почитување на желбата на локалното население, но сепак попуштиле под притисокот на британската влада и го прегазиле принципот на сопствениот политички дух да се почитува желбата на народот, па и дозволуваат на Британија да ја скрои политиката на Балканот по своја мера. "Американската влада се согласува", стои во истата телеграма, "со погледот на британската влада дека не постои легитимна база за поддршка на Македонија, било да е тоа за независна и самостојна држава, како дел од Југославија или пак дел од големиот словенски

сојуз, да и се даде територијата под Грција со објаснување дека таа територија е македонска”.

На обој начин Велика Британија успеала да ја придобие Америка за да го заштити своето миленичe Грција. Овој британски притисок врз сојузниците, како и врз Југославија и Бугарија, силно го растресол југословенско-бугарскиот план за обединета Македонија во федерална Југославија. Како заклучок, британското политичко влијание врз иднината на Македонија и на македонското население под Грција, за жал, успева да ја легитимира поделбата на Македонија.

А каков беше ставот на англискиот амбасадор во Атина:

Господин П.А. Липер уште во ноември 1944 година беше на идеја за раселување на 120.000 словенски – Македонци северно од грчката граница. Тоа му го предлагал на министерот за надворешни работи на Велика Британија Антони Идн во писмото од 24 ноември 1944 година со цел ”Грција да нема никакво словенско малцинство и поради тоа што ампутирањето на словенската територија кон западна Македонија и нејзиното анектирање во словенската федерација е практично невозможно и би било истовремено економска катастрофа за Грција”: ФО 371/43649 ХП 00201 Р. 20431/1009/67.

3. Историските факти исто така кажуваат дека во 1945 година и по завршувањето на Втората светска војна дури 35.000 етнички Албанци – Чамите, со муслиманска вероисповед, кои се ставија под команда на Италија, биле истерани од денешна Грција поради соработка со окупаторските германски власти. Грција се изјасни дека тоа поглавје од нејзината историја и во албанско-грчките односи е затворено со оправдување: ”Тие соработуваа со италијанско-германските окупатори во текот на Втората светска војна и, бидејќи се воени злосторници, беа казнети според грчките закони”.

---

12 Големиот револуционер Георги Димитров раководеше со Коминтерната и со Бугарија. Георги Димитров, чие име го има во сите светски енциклопедии, потекнува од македонско семејство. Беше раководител на Комунистичката интернационала во Москва, а во повоените година стана прв човек на бугарската држава.

Глава 18. – Коррените на злото

Коренитe на злото и мрачните тајни за геноцидот над Македонците под Грција во Граѓанската војна (1945-1949).

1.

На московскиот вогзал на перонот број 2 тукушто пристигна возот за Белград. Имаше многу народ. Еден средовечен маж својата долга рака ја држеше врз рамењата на една преубава русокоса жена. А погледот му беше заскитан во далечината. Гледањето напати му беше тажно, чиниш чувствуваше некакво последно збогување со градот Москва и погледот му стануваше речиси мечтателен.

Една група талкачи се враќавме од Ташкент за Македонија. Стоевме пред вагонот и чекавме кондуктерот да отвори и да влеземе. Но кога седнавме во исто купе, влезе и човекот што го гледав на перонот со убавицата.

Убавицата со сосредоченост ме гледа в очи (веројатно нешто и прозборил човекот што мило го држеше под рака).

Таа од глава до петици беше облечена во староруска носија.

Во мене се разбудија некакви силни чувства кога човекот го погледнав одблизу. Сега седев спроти него и тој во еден миг ми се насмевна. “Колку интелигенција и привлечност во таа насмевка?” си велам во себе.

Зборувавме на руски, но тој во еден момент ми рече:

-Од каде кај вас во рускиот јазик се најде леринскиот дијалект? Се загледав во него и во себе си реков: “Чудно, па овој човек личи на Богдановиот сој...”

Го гледам неговото убаво, спокојно чело без брчки, неговата рака положена врз коленото. И јас му се насмевнав, но малку се стаписав.

-Јас сум Павле Богданов, но и ти си ми познат?

-Познат? Јас сум Јане Огњанов.

Богданов запре за миг, ја наведна главата, а потоа со миловиден поглед ја опфати целата моја лика.

Возот веќе тргна на југ, а Богданов прозборе не обраќајќи се кон никого.

-Не верувам дека ова е вистина, - рече тивко и продолжи: - Не можам да поверувам дека токму тука ќе се сретнам со саканото момче на мојата покојна сестра Лена.

Се сврте кон жена му и и вели:

-Надежда Ивановна, ако беше жива сестра ми Лена можеби Јане ќе ни беше зет.

Павловите тажни сини очи беа управени во мене и со неизмерна тага продолжи:

-Но војната си го стори своето. Судбини безброј и несреќи толку по светот и ништо. Како ништо да не било со нас Македонците. Беспомошни сме пред таквите големи злоби.

Се знам, и за мајка ми Лина, знам и за сестра ми Лена, но за браќата Васил и Мито не знам ништо, а пак за татко ми Ламбро, ама ич ништо.

-Малку се знае за македонската трагедија, но од историските документи со сигурност може да се каже кои ни го обесија на врат и добро ни го затегнаа идеолошкиот синџир на комунизмот. Токму тој синџир (направен од КПЈ, врзан од Колишевски) во Граѓанската војна беше најсуров, најкрвав и најбезбожен. Ропски синџир – неразјаснет до ден-денес.

-Меѓу Македонците настана ново пребројување: чиј си и кој си? Борба за ново престројување и од Македонците се бараше сервилно и ропско расположение, - рече Павле Богданов – висок офицер кој ја завршил воената академија "Фрунзе" во СССР. По Втората светска војна бил меѓу првите пратени во воената академија "Фрунзе" како млад офицер од Титовата армија, со многу други млади од "Егејската бригада" и други офицери од цела Југославија. Но во времето на Имформбирото се определил за Сталин и подолго останал да живее во Москва, на работа во Институтот за военополитички науки.

2.

-Кон крајот на војната почна да се дознава се; за сите судбински тајни на Македонците: војните, тероризмот, граѓанските немири имаа предизвикано привремени растројства но на крајот се покажа дека тоа биле брановите на планираната глобализација (поделба на сфери на влијанија) по Втората светска војна.

Всушност, комунизмот беше атрактивен од многу причини, вклучувајќи ја и идејата за универзална правда и хуманитарни социјални односи. Тоа беше одговор на големата светска војна и на духовната криза по Првата светска војна, и подоцна на геноцидот на нацистите, и убедување дека се наближува крајот на доминацијата за Западот над светот. На крајот, се најдовме во свет поделен според договорот во Јалта, комунизмот за некои беше единствен реалистичен избор за Централна Европа.

Ги помнам очите со кои искрено и милно ме гледаше. Бев убеден дека тој ја знае вистината за нашата кобна судбина. Му поставив неколку прашања:

-Која е вистината за македонските организации НОФ и АФЖ. Имаа ли сознание за границите на можното, што можеше всушност македонскиот народ да добие од граѓанската војна? Имаа ли тие македонски организации визија каде одат и зошто тие не се викаа

македонски, н. пр., МНОФ и МАФЖ, а го повикуваа македонскиот народот на масовна војна?

Дали ние Македонците можеме, дури сега, откако заврши Граѓанската војната, да знаеме кој го активира ” македонскиот синдром” за нашето (само)жртвување во годините 1945-1949!?

Дали крвавата приказна во Македонија под Грција почна со илегалното донесување на злото од организациите НОФ и АФЖ!?

Што се случи со формирвањето на НОФ и АФЖ во Скопје под раководство на КПЈ/КПМ?

Дали раководителите на НОФ и АФЖ, можеби несвесно по налог на туѓинците, направија увоз на “револуција” во Македонија под Грција!? И токму на тој простор од НОФ и АФЖ беше применет стариот добар принцип: ”Ако не си со нас, тогаш си против нас”.

Дали идеолошкиот активизам беше и алиби за доуништување на Македонците во Грција?

Што ни се случуваше? Зошто и од кои причини се развиваше стратегијата за ”масовна одмазда”?

Ќе кажема ли ние Македонците кој донесе решение за таков катастрофален потфат!?

Павле Богданов смирено се поднамести со сериозен израз на лицето и ми вели:

-За Граѓанската војна во Грција, всушност се покажа дека беше валкана војна, дело со многу неразјаснети причини за гибелот на Македонците во тоа црвено губилиште.

Во таа војна немаше двовласт, како што пропагираа НОФ и АФЖ дека тие биле воен и политички фактор. Раководствата на НОФ и АФЖ, кога тргнаа по туѓи директиви, не знаела каде одат. Кога го турнаа македонскиот народ, не знаеја зошто. Кога војната заврши, не знаеја каде им е народот и не знаеја каде биле.

Тие тргнале по туѓи директиви и цело време оделе без компас. Зошто не го носеле името МНОФ и МАФЖ, од тоа се гледа дека не биле автохтони организации на македонскиот народ.

Ние за Граѓанската војна имаме две стории:

Едната е КПЈ/КПМ не оформија како НОФ и АФЖ и не турнаа во војна! Но тие организации не беа автохтони и не се родија од вистенските потреби на Македонците под Грција. Тие беа создадени за потребите на КПЈ, а КПМ во тоа време беше под силно влијание на КПЈ и не беше во состојба тоа да го спречи, ама и ниту имаа доволно сознание за таквата планирана геноцидна катастрофа над Македонците под Грција.

Другата е КПГ која цело време не водеше како Славомакедонци и бараше од НОФ и АФЖ тотално саможртвување. Кон крајот на војната, ги анатемоса како Титови агенти, идеолошки итро не искористи и не остави по светот.

И всушност постои една вистина: со едни што предизвикаа геноцид, и со други што го довршија геноцидот, низ борба со поданство и со двострана и безмилосна манипулација.

Тоа беше итрата мамка за саможртвување на Македонците.

Збунето го прашав:

-Значи, тие биле само мобилизаторски сервис а не политички или воен фактор, како што го лажеа народот?

-Да! И никогаш тие наши организации не претставуваа никаков фактор, туку беа претворени во сервис на грчките раководители што ја водеа војната.

Организациите НОФ и АФЖ ја прифатија лекомисленоста, негрижата за сопствената судбина и донесуваа решенија кои им помагаа на туѓинците да организираат и да извршат "меко" етничко чистење. Тие ја обезмакедончија Македонија под Грција. Немаа сознание за границите на можното, што можеше всушност македонскиот народ да добие од таа војна.

Токму овие наши организации, инструирани од туѓинците, насилно го забија "црвениот клин" во срцето на македонските селани под Грција.

Македонското прашање лично Захаријадис, особено го користеше во Граѓанската војна, а тоа се должеше на неспособноста на македонските политичари, зашто тие уште на почетокот на војната по директива работеа како поданици на КПЈ.

Потоа се случи внатрешен раскол и почнаа да се напаѓаат. На крајот војуваа сами против себе за да си ја спасат главата. Кон крајот на војната патриотската лојалност им наложи да прибегнуваат кон КП на Југославија или да станат жртви на КПГ. И тоа се случи.

Тоа ни покажува дека, ако човек не војува за интересите на својот народ и ако влегува во некаков колективен интерес – комунистички, од него нема ништо. Ние Македонците пропаднавме пред да станеме свесни за своите национални грешки. Тие наши луѓе се заглавија во процепот меѓу улогите на жртвата или на победникот. Сите тие наши раководители на НОФ и АФЖ (кои во 1945 година слегоа од Југославија по налог од КПЈ/КПМ), комунистите Грци и раководителите на ДАГ нив ги гледаа како заостанати бомби за кои не знаеш кога ќе се активираат и колкава штета ќе направат.

По завршувањето на војната сите раководители на овие организации беа пратени во Сибир. Грците тоа го направија многу итро, ги натераа Советите да ги осудат Македонците преку високото законодавство на СССР.

-И навистина беше така, - му потврдив и посакав да се искаже, да му олесни.

-Кај нас најголемиот дел од борците, особено оние што станаа талкачи по светот, се прегазени од историјата и од времето. Кога се

работи за прашањата од доменот на нашата трагедијата тие се разочарани од НОФ и АФЖ.

Ужасно е сето ова што се случуваше со нас Македонците во таа војна... – тивко рече и продолжи:

-Да, ќе кажам отворено. Се покажа дека овие организации пропагираа туѓи пропаганди што беа кобни за Македонците. Македонскиот народ не беше и уште не е информиран за се што ни правеа КПЈ и КПГ.

Кон најголемиот дел од активистите на НОФ и АФЖ, факт е дека КПГ се однесуваше како насилник затоа што имаа апсолутна политичка власт и можеа да вршат страшен притисок.

Се штрекнав! Зоврев! Го прекинав:

-Ме интересира дали националниот идентитет ни беше толку силен што не се плашевме дека ќе не протераат од нашите огништа? И сега што ќе се случува со нас?

Богданов смирено продолжи:

-Што да чекаме да ни се случува, повеќе од тоа што станавме бездомници – талкачи.

Гласот му беше длабок и нежен и продолжи:

-Кога денес човек размислува што рекле некои мислители за историското минато: Народ што не црпе искуства од своето минато, тешко може да ја планира својата иднина, но ако ја проследиме нашата историја, не се памети дека имало преземена акција од туѓинците што не ја реализирале преку Македонците – манипулирајќи или потпалувајќи ги таквите идеолошки поданици. Па човек ќе се праша: Што не научивме од историјата? Не го научивме автентичното македонско опстојување на прадедовите огништа. Да, вистина е, посебно ние Македонците под Грција, допрва ќе треба да ја отвориме книгата на проблемите и ќе треба еднаш јавно да се извиниме за минатото, а тоа да им биде поука на младите во иднината. Да не го заборавиме најелементарното нешто: дека, пред се, нашиот народ тука (во Македонија под Грција) имаше корени и со векови човекуваше со свое достоинство! Ако продолжиме со сите наши неодговорности, неспособности, некомпетентности, несовесно да ги прославуваме тие настани искривоколчени со ”случајности”, или да се правдаме со ”судбина од која не се бега”, никогаш нема да се ослободиме од случајните луѓе што го доведоа македонскиот народ до ископачување.

И факт е дека тие што сакаа да не уништат, знаеја (знаат) многу повеќе од нас, ние за нив не знаеме речиси ништо!! Ние и ден-денес ги криеме нивните валкани зафати. Дури и некои наши историчари не советуваат да молчиме: ”да не ја сечеме гранката...” Зар тоа не го објаснува ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ?

Зар тоа не е ВАЗАЛСТВО? Зар не е вистина дека македонските организации во 1946 година со т. н. ”братство и единство” добија нов господар на кој треба да му бидат слуги?

Да, токму тогаш на македонските организации им беше скршен ‘рбетот и станаа ВАЗАЛИ: потчинети, зависни и слуги на новиот господар (КПГ) со невидени отстапки:

Ако еден од основните национални атрибути е јазикот, тогаш како можеле организациите НОФ и АФЖ, по т.н. ”братство и единство” (1946), да се ”откажат” од националниот идентитет?

Дали тие Македонци во единиците на ДАГ, што беа регрутирани и пратени во длабината на Грција, можеа да зборуваат македонски? Се разбира дека не. Тие таму беа предупредувани дека: ”Името и презимето, нужно треба да бидат на грчки, а треба да се зборува само на грчки јазик”.

Тоа значи дека конечно навикнавме на политичкото насилство над сопствениот национален идентитет приближно како магаре на ќотек. Со текот ба војната, онака напатени од постојаните обиди за негирање на сите особености на македонското, на нивото на нашата масовна психологија дека прво КПЈ/КПМ и КПГ се наш спасибог.

Каква ретка среќа доживувавме! И тоа во време на денот да не пееме песни за Таткото и Водачот (на КПЈ или на КПГ), за наједноствниот Човек од сите луѓе... Да, туѓинците ги сметавме за наш спасибог.

Сами си создадовме низа комплекси и симптом на одвоени невротични карактери: едни со КПЈ, други со КПГ.

Овие масовно раширени комплекси, создадени уште на почетокот на 1945 година, претставуваа најсериозни пречки во обидот да се дефинираме и да опстоиме на една издржана национална стратегија како да опстанеме на своите прадедови огништа, без да влегуваме во таа пеколна војна што имаше туѓи цели, а не наши.

После некој ни е виновен за тоа што КПЈ/КПМ и КПГ не фрлија во идеолошкиот отпад! Како да ја исцелиме таа болка, таа наша постојана и трајна болка: по нашиот дом, по нашите блиски што ги оставија своите коски на боиштата во Граѓанската војна? Како да заздравиме?

Историски хроники

(Преглед за развојот на настаните во 1945 година.)

ПАРОЛИ НА НОФ, АФЖ И НОМС СО “СТРАТЕШКИ ДИРЕКТИВИ” ЗА ”МАСОВНА ОДМАЗДА”.

Се пропагираше: да се рашират нашите организации НОФ и АФЖ секаде каде што има Македонци, во секое село, во секој град, квартал, колиба и земјоделска куќа. Ниту еден Македониц, Македонка или Македонче да не остане надвор од НОМС, АФЖ, НОФ и надвор од нивните влијанија.

Уште на 1 јуни 1945 година покажуваат многу воинствено истрчување, и тоа една година пред да биде официјално објавена Граѓанската војна во Грција.

”Само така организирани ќе можеме да го уништиме фашизамот и да ги добиеме своите права и право на целосно самоопределување.” ”Напред. Сите Македонки во Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ), за целосно уништување на фашизмот, за нашата слобода, за нашите права”. Да ги скине ропските синџири.

Но тоа беше време кога цел свет знаеше дека на 9 мај 1945 година беше прогласена тоталната победа над фашизамот, а по се изгледа дека нашите пароли биле излитени или погрешно зајмени.

Значи, ете како македонскиот народ се најде (стоеше) вџасен и разгромен пред овој последен, судбински повик, затоа што знаеше дека со дипломатски трампи исчезнаа безброј Македонци, а сега се бараше од нив масовно учество за да бидат сомелени во т.н. револуција, односно, како што ја нарекуваа активистите на НОФ и АФЖ: продолжување на Илинден.

-Кои беа всушност нашите сојузници во Граѓанската војна? -Никој! Па дури ни КПМ, зашто и таа беше целосно потчинета на КПЈ.

Значи, македонски нихилизам, грешки, поданство и реки крв, но да се вратиме на фактите:

За остварување на таа стратегиска цел, беше применета и вооружена форма на борба, за што раководството на НОФ по неколку дена, односно на 28 април 1945 година, реши да формира македонски партизански единици.

А развојот на силите на НОФ и АФЖ и политиката на КПМ/КПЈ за оптималното омасовување на целокупниот македонски народ беа немилосрдна.

* * *

-Ете токму за ова Труман реагира и потенцира:

”...Ако падне Грција под контрола на некое вооружено малцинство, многу лесно ќе завладеат збрки и аномалии на целиот Среден Исток. Така исчезнувањето на Грција како независна држава ќе има длабок одраз врз сите европски земји чии народи се борат... Ако не и помогнеме на Грција во овој критичен момент, последиците ќе бидат тешки, колку за Запад толку и за Исток. Должни сме да преземеме непосредна и решавачка акција”.

Значи, ако политичката стратегија и тактика на Маркос била за неомасовување на вооруженият отпор, и тоа со искусни борци од ЕЛАС, тогаш каде да ја бараме логиката на таквите политички процеси? Тоа што го правеше НОФ со невидено галопирање во омасовувањето на Македонците селани: нофистите и афежистите користеа една комбинација на политичка демагогија и сентиментална манипулација со селаните.

Така се формира таа наша позната искривена симбиоза: лажни верувања и очекувања – рамно на ветувања.

Од таквата стратегиска цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ беше организирано во 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС, и беа организирани 220 села (половина од овие села се унуштени во времето на Граѓанската војна – м.з.), а функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации – до баталјони.

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот победата над фашизамот, но за Македонците изгеда дека тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците) насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта одговори со невиден терор до крајот на Втората светска војна. Ова, се правеше, уште пред да почне Граѓанската војна, зашто таа официјално е прогласена на 31 март 1946 година, со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

Наместо нофитите да се соочат со реалноста, тие, како креатори на македонките организации се обидуваа да создадат реалност (за преземање против Македонците најстроги мерки од владините институции: терор, апсења и легитимни миграциони процеси), ситуација каква што им требаше на проектантите за нашето искоренување.

Многу се базираа и врз официјалната изјава на маршал Тито во Москва, на ден 26 април 1945 година за “Њујорк тајмс” во која се вели: ”...Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби... дејствувала поттикнувачки за македонскиот народ и во ЦК

КПМ но, исто така, и на противничките сили кои против силите на македонскиот НОФ во Грција применувале злосторнички мерки...” Нема сомнение, дека оптималната цел на НОФ и АФЖ, (КПМ/КПЈ) беше да ги опфатат тотално сите Македонци под Грција и да ги стават во функција на сенароден фронт за реализација на програмската цел.

Но, многу аналитичари си го поставуваат прашањето. Ако таквата стратегиска цел беше прифатена како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш, зошто само пред неполни три месеци овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: ”Да го свртиме оружјето кон Солун!”, односно: ”На Солун, не на Сремскиот фронт?!”

Значи, накратко, неправедниот поредок, наметнат во Јалта, го следеше едно безредие, исто така суров и без сомнение уште покрваво за нас Македонците под Грција, што се најдовме поделени во четири држави. Идејата за светскиот комунизам беше попразна во значењето од кога и да било порано, и зачудувачки е да се констатира пред оваа немоќ.

Во тој период реакциите на КПГ и на владата во Атина беа против формирањето на НОФ и АФЖ.

Ете како организациите НОФ, АФЖ, и НОМС, создадени во СФРЈ – Скопје, беа пречекани во Грција од левите сили, на кои НОФ и АФЖ не натера да им бидеме верни и на кои им го поверивме сиот македонски потенцијал, па дури и децата.

Два месеца по формирањето на НОФ, раководителите на КПГ, на Дванаесеттиот пленум на ЦК КПГ (јуни 1945) во резолуцијата ги прогласуваат грчките позиции, односно границите на север, несигурни и загрозени:

”Решително се спротивставува на секое територијално барање од која и да е страна против Грција. Зачувувањето на територијалниот интегритет на државата е првостепена задача на секој грчки патриот”. Види: (ТО ККЕ АПОТО 1931-1952 стр. 110). Понатаму се вели дека Англија, како ”голем пријател” на Грција, односно воеополитичкото присуство на Британците се прогласува како неопходно за да бидат осигурени нашите позиции и нашите граници на север”.

Ете, сега е сосема јасно како и од кого го прифативме ритамот на глобалното индоктринирање и од тоа немаше назад. И тогаш ја изгубивме историската шанса за остварување на националните права во Грција, кои беа утврдени со меѓународното право. Нели сево ова беше туѓински аршин за Македонците под Грција?

ЗНАЧИ, НОФ И АФЖ БЕА ФОРМИРАНИ НА 23 АПРИЛ 1945 ГОДИНА, ОРГАНИЗИРАНИ И РАКОВОДЕНИ ДО ПОЧЕТОКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ОД КПЈ/КПМ, И СЕ ПОКАЖА ДЕКА БЕШЕ ГОТОВА ТЕАТАРСКАТА СЦЕНА ЗА ВОЈНАТА, А

МАКЕДОНЦИТЕ ОД ТАКВАТА ЕМОЦИОНАЛНА ЗАРАЗА СТАНАА ЖРТВИ ЗА ТУЃИ ИНТЕРЕСИ.

Преглед на разбојот на настаните во 1946

Развојот на левите сили (КПГ и ЕАМ) и политичките настани на почетокот на 1946 година се одвиваа според концептот за неомасовување на населението во вооружен отпор и поради таквиот став беа враќани илјадници војници и офицери, сите симпатизери и членови на КПГ и на ЕЛАС, кои беа жестоко прогонувани од новата власт во Атина.

Но зачудува концептот на НОФ под раководство на КПМ/КПЈ според кој уште во 1945 година беше извршена масовна мобилизација на македонското население, кое беше зачленувано во НОФ и АФЖ. Очевидно, тоа покажува дека е внимателно испланиран идниот концепт преку стратегијата и тактиката на туѓинците за нашето искоренување.

(Атина-Прага-Белград-Москва)

(Следните факти се клучни моменти во целата историја на НОФ и АФЖ – од воените архиви: СССР, Југославија и КПГ.)

Да го проследиме ΔΙΜΙΟΥΡΓΩΣ творецот на Граѓанската војна (30/31 март 1946-30 август 1949)

На 20 март 1946 година Захаријадис ја напушти Атина и замина за Прага. Патувањето, едновремено, било искористено и за разговори со комунистичките лидери, од кои Захаријадис побарал поддршка за вооруженото дејствување од повеќе лидери на европските комунистички партии, но речиси од никого не добил одобрение, туку тоа го гледале како незрел потег. Најзначајните лидери: Торез на Франција и Толјати на Италија му укажале ”дека е опсано да се прибегнува кон оружје”. Посебно Георги Димитров му укажал дека ”меѓународната ситуација не дозволува избувнување на нов вооружен конфликт, кој фактички би им овозможил директно мешање на западните сојузници на БАЛКАНОТ”. Но сите тие лидери добро знаеја дека Захаријадис, по девет години заточеништво, во мај 1945 година се врати во Атина од концентрациониот логор Дахау, во Германија и им остави чуден впечаток со својот најнов став. Тој со британски авион пристигна во Грција и веднаш по враќањето ги презеде своите поранешни должности на генерален секретар на КПГ и започна со работа.

Но Захаријадис на тие средби во Прага добил и доста информации за маршал Јосип Броз – Тито дека “по успехот на герилското движење во Југославија, Тито бил насочен кон проширување на ’револуциите’ насекаде на БАЛКАНОТ”.

Захаријадис, посебно вознемирен, на враќање од Прага го посетил Белград, каде што барал да биде примен од маршал Тито.

Захаријадис бил примен од Тито и тие разменувале на руски понекој збор без преведувач и Тито, пасакувајќи да наздрави, му се обратил:

-Што мислите за иднината на БАЛКАНОТ?

Захаријадис му одговорил:

-Маршале, токму затоа сум дојден кај вас по инсистирање на многу лидери кои многу Ве почитуваат по успехот на герилското движење во Југославија. –И детално му ја објасни политичката положба и дека народот е подготвен да се бори и да ја преземе власта од англо-американските империјалисти.

Тито, не можејќи да го скрие задоволството, расположен со своите соборци: Ранковиќ, Кардељ, Ѓилас, Темпо, Колишевски и други, му рекол:

-Животот не оди назад. Револуциите носат прогрес, развој на општеството и на производните сили. Јас од името на Комунистичката партија и на народот, ви ветувам широка помош што е потребна за една организирана народна армија.

Вие знаете дека ние по Втората светска војна веднаш мислевме на една револуција и не случајно денес во Егејска Македонија дејствуваат токму такви револуционерни сили од граѓани на Грција – Македонци. Тие се раководени токму од нашите опитни центри кои имаат долга револуционерна традиција. Ние сме подготвени тие сили и силите што се во логорот Булкес да ги ставимет под ваша команда.

Тито се свртел кон Колишевски и му рекол:

-Лазо, запиши, и направи се, тие сили под мотото “братство и единство” да се стават под КПГ во корист на револуцијата.

а/ НОФ и АФЖ да бидат приклучени кон КПГ и да се прекинат врските со вас (КПМ) и да не им се мешате и да не им наредувате што и како да се борат за некаква обединета Македонија – тоа сега е анахроно пред оваа револуција. И секако да им се изменат програмските цели на борбата и да се прифатат програмските цели на КПГ;

б/ НОФ да формира централен орган што ќе одговара пред покраинскиот комитет на КПГ;

в/ Вооружените Македонци во Егејска Македонија да се стават под целосно организационо, политичко и акционо единство под команда на воените раководители на КПГ.

Вие гледате како го прават тоа Англичаните и Американците во Грција.

Но сето тоа , другар Никос, ќе треба да го одобри Стариот – генералисимусот Сталин, за еден таков чин на револуција. – Но Тито, добро го знаел ставот на Сталин: ”Нека се буричка во капитализмот!” и бил сигурен дека ќе го прифати предлогот на Захаријадис.

Захаријадис возбудено му рекол:

-Јас сум подготвен сето ова да му го пренесам на генералисимусот и да барам поддршка од него.

-Да наздравиме за идната револуција! – рекол Тито и продолжил: - Бидете решен, не плашете се, не плашете се од никакви жртви и совладувајте ги сите тешкотии, па ќе успеете во својата намера. Револуцијата го бара тоа.

Се треба цврсто да се зграби во своите раце и со голема сигурност сметајте на нас!

* * *

По престојот во Југославија, кон крајот на март 1946 година, Захаријадис заминал за златоглавата престолнина – Москва, на разговор со советското раководство.

При средбата, Сталин, Молотов и Андреј Жданов ги одобриле одлуките претставени како од КПГ, додека на втората тајна средба со Захаријадис, Сталин дал препорака процесот на вооруженато дејствување да започне "Градуелно од селата кон градовите, со цел да се спречи прераната воена интервенција на Британците, и да се издејствува начин за наоѓање на компромис."

Сталин, полнејќи го лулето, го погледнал Захаријадис в очи и го прашал:

-Дали забележавте кај маршал Тито дека тој се гледа како лидер на една идна балканска федерација?

Захаријадис, збунет, посакал да го одбегне прашањето, но сепак му одговорил:

-Маршалот е голем стратег и интернационалист. Од него добив согласност за прифаќање на 20.000 лица кои беа "прогонуваи од монархофашистичките војски" и подготвени се за оружје.

Сталин му рекол:

-Како што сум известен, маршал Тито, веќе една година во Егејска Македонија во Грција има формирано македонски организации и тие имале голем успех во организирањето на Македонците и херојски се борат. Како што се НОФ –Народноослободителен фронт, и АФЖ – Антифашистички фронт на македонските жени, и се раководени директно од КПМ/КПЈ. Сите тие борци, по Втората светска војна биле прогонувани од Маркос. Сите тие што ја сочинувале " Егејската бригата" сега се во Грција и водат борба за обединета Македонија. Што ќе правите со тие македонски воено политички формации? Кај нив старата свест за обединета Македонија ќи опстојува се додека не преовладее новата: "За социјалистичка револуција во Грција", а ним и таму ќе им биде добро. Социјализамот е насекаде ист...

Захаријадис извадил еден лист на кој пишувало:

"Договор помеѓу КПГ и претставниците на македонската држава".

Според овој договор: ”Славомакедонците од грчка Македонија, од една страна, се обврзале да ја поддржуваат КПГ на изборите во нејзиниот обид да ја освои власта, од што зависела единствената надеж за поволно решавање на македонскиот проблем, а од друга страна, да и дадат вооружена помош на КПГ во случај на инциденти помеѓу левицата и десницата во текот на изборите”.

Сталин рекол:

-Ну харашо. Ето очен правилно. Македонци харошие боји, они показалис војаки народ.

Захаријадис потврдил дека ”тие се изманипулирани жртви на историјата”. Го известил Сталина дека сите тие воени формации и политички организации на предлоот на маршал Тито ќе прогласат ”братство и единство” и ќе бидат ставени под раководството на КПГ.

-Посебно маршал Тито покажа интернационални погледи за борбата против англо-американскиот империјализам.

-Ви уже договорилис за револуцију! Ето харашо. Постапете онака како што мислите дека е потребно, - му рекол Сталин и продолжил: - Подгответе нацрт-одлука на ЦК на КПГ. – Со тоа сакал да изгледа умерен, добар, ненаметлив, великодушен и почитувач на револуционерните размислувања на другите лидери од лагерот на социјализмот.

По оваа средба Захаријадис изјавил:

”КПГ престанала со мирољубиво решение на грчкото прашање и се определила за заземање на власта со силата на оружјето!”

Сталин добро знаел дека со Тито биле договорени: ”Основната грижа на Тито му била да ја заштити новата федерација.” Од овој нов развој на настаните на Сталин му станал јасен ставот на Тито. Тито, знаејќи дека Југославија е 50% под влијание на Запад, цврсто настојувал да ја задржи југословенската федерација, како што многу пати по истакнувал пред службата за безбедност на Југославија и генералштабот на ЈНА: ”...подобро е да се води војна надвор од границите на Југославија и да ја помагаме сесрдно, отколку во Југославија”. Таквиот став и за Сталин бил прифатлив за зачувување на социјалистичкиот лагаер што беше создаден по Втората светска војна.

Но ни на Сталин ни Тито, барем според разбојот на настаните, ни оддалеку не биле подготвени да ги резикуваат стекнатите позиции за победа на комунизмот во Грција или за обединување на Македонија.

Сталин во блиска иднина не предвидувал “силна воена акција” и можеби е особено забележливо дека тој ”не давал ветување за боена поддршка на таа средба”, но му дал препорака и на Захаријадис кога станува збор за формирање на народноослободителна војска и како концепција за водење на борбата, најдобро е да се почитуваат Титовите совети.

Захаријадис следниот ден отпатувал за Белград, каде што требало со Тито да ги усогласат деталите за организирање на борбата, помошта и соработката. Тито требало да му ги изнесе сите проблеми и да ги дефинираат карактерот и перспективите на демократската армија и мерките што треба да се преземат за идната војна.

На Захаријадис во Москва му било приредено испраќање како на храбар револуционерен лидер.

Сталин, седел во големата сала на плетена фотеља, со насмеано лице и павкал со лулето, а Молотов, Жданов, Маленков, Микојан, Каганович, Суслов, Берија, Булганин и другите членови на Политбирото на КПСС пиеле вотка ”перцовка”. Келнерите се сновеле и им нуделе од првокласната закуска.

Сталин, расположен, му пожелал на Захаријадис револуционерни успеси.

Захаријадис на заминување застана мирно и покорно пред генералисимусот Сталин и одвај на измешан руски јазик ги изговорил следните зборови:

-Глубокоуважаеми товариш Јосиф Висарионович, бољшое спасибо. Желају Вам крепкое здоровие и уште многие лета да не водите во социјализмот кон победата на комунизамот.

Вашите совети ќе ни бидат патоказ и ќе ги спроведеме на дело во борбата против англо-американскиот империјализам, се до конечната победа на работничката класа во светот.

* * *

На 8 април 1946 година, Захаријадис се вратил во Белград и бил примен од Тито. Кога застана пред маршалот со страхопочит.

Маршал Тито му рекол на Захаријадис:

-Ако веќе сме револуционери и интернационалисти, наш долг е да помагаме ”ревулуции” и не гледам зошто да бидеме против револуцијата во Грција, кога веќе се зафативте да ја реализирате. Можам само да ви честитам, другар Никос.

Соберете ги сите што можат да држат пушка. Во сите револуции тоа е нормално и народот го бара тоа.

Тито ја запалил пурата, продолжил шетањето низ пространиот кабинет заобиколувајќи ја масата и прашал:

-А какво е расположението на младината?

Захаријадис одговорил:

-Одлично!

* * *

Уште на 24. 08. 1946 година, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Маркос Вафијадис, кој во јуни 1946 година од Захаријадис беше назначен за генерал и организатор и раководител на партизанските групи, илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград, каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ. Во септември се префрли во Егејска Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот штаб на партизанските единици, односно ДАГ.

Нофистите и афежистките беа ужасно збунети (сега како продадени робови), распламтените лица им се стемнија, покорно дадоа партиска обврска дека се ќе сторат со своите авторитети Македонците да ги внесат во редовите на Демократската армија, па дури еден од нив рекол: ”Ќе ги разбудиме и умрените ако треба, нека дојдат и тие во оваа света револуција, да јуришаме сите заедно, живи и мртви!”

Во својот говор Колишевски во Битола се спротивставил на идејата за обединета и независна Македонија надвор од рамките на Југославија или под протекторат на големите сили. Тоа, според Колишевски, би претставувало “уништување на сегашната македонска федерална единица”.

По постигнатата спогодба (на 14 октомври 1946 година) меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ, на чело со Паскал Митревски, беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, кој им го рекол следното: ”Сега вие одите долу (во егејскиот дел на Македонија). КПГ е вашиот раководител. Да имате верба во нив. Нејзината политика за македонското прашање е јасна. Какво било прашање што ќе ви се појави, ќе го решавате со раководството на Партијата. Внимавајте, не одите како фракција во Партијата, туку да се ставите под нејзино раководство. Борете се за зацврстување на борбеното единство со грчкиот народ, и борете се сите и со сите ваши сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалистичките тенденции”.

Темпо со нови политички пораки:

Светозар Вукмановиќ: во својот предизборен говор во Куманово уште на 16 октомри 1945 година, како кандидат на кумановската околија, решително се спротивставил на сите оние кои обединувањето на Македонија го глаедаа надвор од рамките на Југославија или обединета Македонија под покровителство на големите сили. Според Темпо, сите оние што ја подржувале таа идеја биле истите личности што биле одговорни за бугарската окупација на Македонија од 1941-1944.

Значи, македонскиот фактор го нема, и се е во согласност со политиката на КПЈ која имала огромно влијание врз македонските

комунисти во вардарскиот дел на Македонија... Значи, во ваквиот еволутивен историски процес, се роди и македонското движење со пројугословенска ориентација и го официјализира ставот: Обединета и независна Македонија НЕ!, туку обединување на другите делови на Македонија (Пиринска и Егејска Македонија) во рамките на Југославија (кон мајката земја). Значи, вардарскиот дел да се прогласи за пиемонт на обединувањето во составот на СФРЈ. На што не упатува таквиот јасен став на Југославија ?!! Значи дека сега тој исконски национален македонски набој, некој посакал да го насочи на многу поприамлива национална рана.

* * *

ТАКА СЕ ЗАТВОРИ ТРИАГОЛНИКОТ МЕЃУ: СТАЛИН, ТИТО И ЗАХАРИЈАДИС. ОД ПОЛИТИЧКА ИГРА ДО ВОЕНА КАТАСТРОФА. НО ЗОШТО НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД 1945 ДО ДЕН-ДЕНЕС НЕ МОЖЕМЕ ДА ИЗЛЕЗЕМЕ ОД ТОЈ НАЈСТРАШЕН КОМУНИСТИЧКИ ТРИАГОЛНИК?

Додека го слушав, си ги разлабавував мускулите. Толку години бев заробеник. Ги затворив очите. Реков во себе: ”Одамна е време за отчет! Пред македонскиот народ, пред генерацијата што сме биле учесници на ДАГ и пред генерациите што доаѓаат. Без таквата вистина, предисторијата за Егејците, сите Македонци ќе останеме во мрачната улица без крај...”

Туѓите богови си водеа своја сопствена светска политика, се мешаа во туѓи работи, постојано планираа револуции и штрајкови, но ние и по геноцидот станавме единствени жртви – светски ТАЛКАЧИ.

3.

Патувавме цел ден и цела ноќ. Беше петок. Тукушто влезе возот во Суботица и застана на перонот 4.

Еден нагизден офицер на Југословенската армија, со двајца аѓутанти, влегоа во купето и ни се обрати:

-Кој од вас е професор Павле Богданов?

-Јас. – му одговори Богданов.

Следуваше тишина. Сите во купето без здив гледавме во офицерот и во неговите вооружени аѓутанти.

Офицерот му упати на Богданов долг и остар поглед и му рече:

-Доле ве чека кола.

Богданов праша – Зошто?

Офицерот отсечно му одговори:

-Тоа не моја работа да ви бјаснувам за вашите политички гревови. Вие сте биле офисер на Титовата армија, а не на Сталиновата.

Павле, на излегување од купето, кимна со глава и добро знаеше дека токму тој дух на минатото го прогонува со години. Ми подаде рака и ми рече:

-Не верувам дека наскоро повторно ќе се видиме...

Глава 19. - Првиот судир на судбините

Живот и визија без ритам.
Првиот судир на судбините, по средбата на злосторници и жртви, во прифатилиштето “Чаир”, Скопје.

Ете, лишени од славата своја,
во големо понижување опстојуваме,
водени со сила каде не сакаме.
Данилов ученик

1.

На Камениот мост маглата беше толку густа, што морав да бидам претпазлив и да се држам до камената ограда. Околу мене, пред мене, зад мене имаше луѓе што итаа кон своите намери. Човекот со стар мантил, што клинакаше пред мене, го стигнав токму пред социјалното и застанавме во ист ред пред еден шалтер на кој пишуваше: ”Шалтер за Егејците”.

Сега ми е тешко, дури и невозможно, да кажам кога точно прв пат во животот го слушнав зборот ”Егејци”, со големо ”Е”.

Го прочитав втор пат и во себе: “Гледаш ли колку зла судбина има околу нас... Околу овој шалтер?”

Воопшто не се сеќавам во домот на моите родители или во Граѓанската војна (1945-1949), но ниту во СССР, да сум го чул тој збор макар и еднаш.

Ме лутеше и огорчуваше, ме осамуваше тој збор. Ме правеше да чувствувам вина, без вина. Ме отуѓуваше, ме истуркуваше надвор од матичната историја.

Но се уште не можам да објаснам што е тоа, што ме натера да ја рекоструирам целата вистина за драмата наша македонска и да докажувам дека сите сме ”Егејци” и нема кој не почувствувал радост, страв, болка, љубов, гнев, повреденост, напуштеност. Внатре во нас, сите сме исти. Но ние во прифатилиштето се уште се потпираме на сликата што ние инсталирана во главата: како чекориме кон совршеното комунистичко општество.

Човекот што застана пред мене, мирисаше на тутун и бајата вода. Образите му се чудно црвени, а изморените очи му светкаат како недотлеани жарчиња, ама поткраднето, како здивен, погледнува кон сите.

Ме загледува недоверливо и ми вели:

-Ти си новодојден?

-Да. Му одговорив и забележав дека движењето на рацете и немирното стоење покажуваат намалена психичка и физичка енергија, чиниш е биен од црни мисли, разочаран, растроен, погледот му е со некакво чувство на вина, на безвредност. Напати со погледот манифестира нетрпеливост и посакува да прикрие некои невролошки испади.

Се сврте уште еднаш кон мене и ми вели:

-Да не си ти Јане Огњанов?

-А ти кој си? –му велам, мислејќи дека е непотребно да му објаснувам кој сум и од каде сум дојден.

Но кога добро го загледав, некои црти на неговото лице ме потсетуваа, ама не бев сигурен.

Тој не издржа и се подаде да ме прегрне. Доближувајќи се, ми вели:

-Јас сум оттаму и помнам, роден сум како секој што е роден. Јас припаѓам таму. Она на што се сеќавам, сјае.

Јас сум Васил Богданов, твојот соборец низ борбите на Грамос и брат на покојната Лена Богданова. А јас си реков во себе: ”значи, ти синот на Лина Богданова?”

Се стаписав. Братот на Лена Богданова?! Ме обзеде студенило, знаев дека тој бил офицер во Титовата армија и од Грците обвинет како Титов агент што раоботел за ОЗНА (одделот за заштита на народот), но подоцна регрутиран во КОС (Контраразузнавачки сектор на ЈНА) и дека дури кон крајот на 1948 година бил откриен од грчките разузнавачки служби и дека бил егзекутиран по налог на воениот штаб на нашата бригада.

Сега сме биле во иста барака број 8, но тој бил во една соба на самиот крај од долгиот ходник.

Живее сам, угул сам, чиниш свесно го турка својот живот до работ на смртта. За ноговото враќање велеа дека било “Срекно враќање од мртвите”. Тој, кога пристигнал во прифатилиштето, целосно ја имал загубено меморијата и ништо не се сеќавал. Така и му пишувало во отпусната листа од УДБ. Но, ете, сега ми зборува за животот, смртта и за вечноста...

Никогаш никому не му побарал ништо; не прима ништо, не дава ништо Васил Богданов. Со никого не зборува. Чуден е. Но од неговата стамена става и строгиот израз, јасно се гледа дека носи тајни како голем товар. А тука е, до неговата врата и Питомир Доброљубов – активистот на НОФ, кој со години пека по својата љубена Донка. Сите велат: ”Среќен е што уште умее да сака...”
Не ги познавав жителите и за нив не знаев ништо. Многумина од нив се повлечени, чиниш живеат без копнеж, а живот без копнеж е очаен – без цел. Копнежот е двигател на животот.

А сега, по војната, луѓето тука, во прифатилиштето, се чувствуваат како да се во иста стапица. Од ден – на ден, од година на година тие се се помалку среќни. Едноставно сакаат да имаат свој дом и човечка слобода и свој живот.

2.

Да. Минче Јажин, е најмалиот брат на прочуениот активист на НОФ Филе Јажин, сега прекрстен во Питомир Доброљубов, кој беше присутен при извршувањето на смртната казна; со бесењето на Лина Богданова и по војната, си ги промени името и презимето и мисли дека ќе најде мир и сега е малку поинаков тип човек. Не е како другите жители од прифатилиштето. Свири на руска балалајка. Сам научи да свири и на виолина по слух. Бил член на логорскиот оркестар во еден од сибирските логори – ИТЛ (Исправительние трудовие логора) (0, 25).

Ретко се случува да ги видам заедно со Васил Богданов, а живеат врата до врата. Но еден ден, кога Богданов му ја раскажал приказната што ја доживеал на Голи Оток, осуден од југословенскиот закон, тоа го стори, сега не како Минче Јажин туку како Питомир Доброљубов, кој секогаш одеше до јавниот нужник, така гологлав, со расфрлена бела коса и тревожен и набрекнат израз на лицето, од сите поминати навеишта. Тој, еден ден, подробно му ја раскажа својата приказна со длабок и засипнат глас на леронски дијалект.

Еден ден му рекол:

-Глодавме иста коска и за иста коска се глодавме. Како лути пци се касавме.

Но, со нас Македонците, комунистите правеа политичика трговија, и не убедуваа дека тоа е реална политика. Но сега си признавам дека како член на НОФ носам голема вина спрема својот македонски народ, а не спрема КПГ, зашто бев осуден според Кривичниот закон на Руската Федерација и ми одредија број 049 што сум го носел низ сибирските зими како да сум расен коњ и секој може да го јава низ непрегледните тундри.

Денеска сакам пред народот наш да кажам дека организациите НОФ и АФЖ се најголемите виновници за масовното учество на Македонците во сите воени и политички потези што ги правеа КПГ и ДАГ. Мојот грев е голем, не сакам од тоа време дури ни името да го носам...

Моќта на НОФ и АФЖ произлегуваше, главно, од моќта на КПЈ и КПГ, посебно во војната од раководството на ДАГ. Ние нофистите и афежистките и со војата лојалност и сервилност кон КПЈ и КПГ, не бевме свесни за трагикомичноста на улогата што ја игравме, ние истовремено се јавувавме и како креатори на манипулацијата со сопствениот народ.

4 јануари 1950 година, кога стигнавме во Москва, ми е врежан во душата. Не напикаа право во затворите на Лефортово, Лубјанка и Бутирка, како да сме најголемите непријатели на социјализмот.

Тој ден беше многу студено.

Ќелијата беше полна влакна, не беше сметено можеби уште од Октомвриската револуција. Полна влакна, сперма и нокти, од белогвардејци и револуционери кои беа против Сталин.

Во ќелијата сум проживел 2,5 година или 900 дена и 900 ноќи. Ама јас кога ги изброив во часови, се зачудив кога ми поминаа 20.600 часа во четири сида и руско студенило. Но најтажен бев кога умираше некој од соседната ќелија и го завиткуваа во грубо ќебе и го фрлаа во еден камион.

Не знаев зошто понекогаш не ми доаѓаше сонот. И тогаш кај мене настапуваше целосно молчење. Како да заминував во некој друг свет. Страв од луѓето. А јас знам, кога човек се плаши од луѓето, значи да му сториш грешка на Бога. Чувствувам како и тие да се плашат од мене, а јас како христјанин им се чудам: човек во кој има жива душа, не би требало да се плаши, а тоа не е ни човечно.

Ме јадеше бесот што сум тука без да сум сторил никаков грев спрема мојот народ. Има ли полошка казна? Ете, и денес не знам зошто сум бил затворен 20.600 часа во затворот"Бутирка". Студот беше неподнослив, но уште потешко ми беше кога завиваше човеков крик. Сето тоа ми се случуваше во најубавиот град на идниот комунизам – Москва.

Големата изолација на човечкиот род е осаменоста. Ме убиваше тоа што бев сам, и почнав да тонам, да заглибувам во изгубената надеж дека ништо во мене не останало по што ќе можам да копнеам.

Можеби беше јули 1952 година, ми дадоа едно торбуле со сува храна и конзерви и со многу други затвореници не натоварија во едни вагони како страшила и по неколку дена стигнавме во Сибир, во градот Тајшед. Одев по таа земја пред мечовите на руските војници. Одев со претворено животно тело во тешка мрша.

Доаѓам од тој ужас во кој сум преживеал како каторжник, кој работел во сибирските тајги и преживувал во денот со само една алуминиумска чинија боршч.

Доаѓам оттаму, пријателе. Таму ги научив сите зборови вредни за власта. Ги научив сите зборови на омразата и потем избришав се, па дури си ги променив и името и презимето само со една цел да ја најдам Донка и да создадам семејство и дом.

* * *

Еден вид лутина се распламти во Питомир и замолча. Очите малку му заиграа и се праша: "Кој сум јас! Сега со новото име и

презиме? Никој, пак осамен човек кој катаден со балалајката го турка денот".

Тој се уште се сеќава на изразот на лицето на Донка, кога случајно се сретнаа во организацијата АФЖ. Тие оттогаш и во војната имаа луда љубов, полна со назаборавни средби, кои покажуваа дека ќе имаат мирен и среќен брак.

Питомир ја извади фотографијата на која беа сликани заедно со Донка во униформа на ДАГ.

И сега љубовта, чии спомени не можеше да ги згасне дури ни по десет години. Љубов што му остави лузни, која нема да може да ја излекува, што му ја остави душата во осамен пустош.

Но не се осмелува да помисли дека Донка го има откажано! Тој гореше од љубомора ооткако имаше наслушнато дека Донка му ја грабнал некој Грк и сега живеела во Ташкент. Но Минче не веруваше, и се уште чекаше одговор. Живее на штрек и со претчувство дека ќе ја сретна Донка. Таа е тука, заскитана со талкачите. Сигурно да е осамена и тажна.

Се обидуваше сосила да мисли на нешто што му носеше расположение, но паѓаше во неразјаснети и чудни стапици и цела ноќ трага по животот на радоста, на желбите што болат.

-О, Боже, што не сум рекол, спротивно на она што сум го пропагирал пред нашиот народ, дека оваа војна била продолжение на Илинден (а тоа го велев за да го намамам народот) за нашиот искионски идеал и дека е достојно така да се загине за Македонија.

Можеби се се судрило во мојот измачен мозок?!

Да ти прикажувам за маките, ќе треба илјадници часови да те изморувам и да се ежи од спомените...

Најдобро е да ја премолчам таа црна историја. Но сакам да кажам дека таму научив да свирам на руската балалајка. Срцето ми стана како стуткана кошула откако ја изгубив љубената Донка, која ме бакнуваше со мирисот на букова шума. Сега останав сам да шепотам на зајдисонце.

Ја влечи раката со раширени прсти, со ритмично дишение, мрморејќи ги зборовите на руската песна "под московские вера".

Долго зирка низ прозорецот по новодојдените талкачи, а потоа ќе се оптегне на железниот кревет, опиен од мирисот на душекот што мирисаше на моч од болежливи луѓе, баби и дедовци што се мачкале со камфор и "руска вода". Така дремливо, со очајничко срце ја свири и ја пее песната "Сербез Донке." "О Боже мој, Питомите! Колку е неправеден животот?" се велеше во себе и така заспиваше со талкање на душата по безграничните предели на сонот.

Месечината се вовлекуваше во неговата постела и го намнисуваше на вечеренките што ги поминувале во црната шума на Вичо Планина прегрнати со Донка.

Сега се мачеше да ги научи и нашите убави песни да ги свири на овој чуден инструмент. Ти знаше дека тоа го сторија сите луѓе што биле таму: Германци, Полјаци, Романци, Бугари, Грци, Чехословаци, Унгарци, Монголци, Кинези, Корејци и Југословени.”

Ја наведна главата, го избриша потното чело и рече:

-Не сакам да стапнам веќе во Русија додека се живи наследниците на големиот Водач. Со години се мачам да одгатнам: како сум можел да го прекршам Кривичниот закон на Руската Федерација борејќи се во мојата татковина Македонија под Грција! Не сакам, таму ми се одземени елементарните човечки права без да можам да се бранам. Душата ми е чемеросана од катадневното јадење капуста (зелка) и со години облечен во фротирска теплогрејка, фурашка и сабоги. Не можам, дури сега, кога се присетувам на обесените лозунги кои имаа пределена политичка воспитувачка цел... Стар сум. Сакам се да заборам, само не рускиот човек. На руската песна, која ме пленува и доживотно ќе ја свирам на оваа балалајка...”

И сега, Доброљубов кога свири, зазема таква поза; ја држи балалајката малку нагоре, повисоко од хоризонталата, како кога свиреше во Сибирскиот оркестар под раководство на Иван Петрович Кокоткин. Тој сега си ги припомнува зборовите на Кокоткин: ”Свирите со максимална ангажираност на своите емоции. Емоциите го учат човекот на разум...” Само, сега понекогаш, во самотијата има моменти на занес и свири.

Неговата музика е проста и измачувачка, блиска по изразноста спрема произнесувањето на гневни песни, со жално значење и малку потплачува.

Сите песни ги исвирува кога ќе слушне дека доаѓаат нови групи талкачи, со надеж дека ќе му се врати љубената Донка.

3.

Понекогаш, при случајните средби со Васил Богданов, ќе застанеше, и зборуваше долго, но никогаш за себе, секогаш ми зборуваше за нашата општа трагедија. За оние на чии раце имаше засушена крв од минатите војни.

Еден ден Васил Богданов ми вели:

-Ова не беше војна по наш избор. Во неа живеевме во свет на диктат, а диктатите се монолози на моќниците. Цинизмот стана лицемерен и криминален. Ние Македонците во оваа војна не знаевме до каде треба да одиме и да си го најдеме местото каде што припаѓаме. Цинизмот на југословенската загриженост за Македонците во Грција, може да се изрази со неколку збора: можеби Југославија во 1944-1945 година посакуваше да избегне граѓанска бојна во Југославија или со Грција посакуваа да си ги решат идните проблеми со нас Македонците.

Нашиот живот по војната е потежок од смртта. Ние сите останавме вечно обележани од воените страдања. Низ Граѓанската војна се прекршуваа длабоки и јасни ставови за моќта и за нејзината злоупотреба. Животот во неа немаше правила.

Тие што не мачеа треба да ги погледнат своите раце. На нив има крв – засушена крв од Граѓанската војна. Расправа и вели:

-За некого сме биле херој, за некого предавници. Некои уживаа да ни нанесат доживотна болка, а некои да не фрлат далеку од своите. Да бидеме несакани и од нив за кое сме се жртвувале.

Можеби жртвувањето го правевме за спас за сите македонски маки или можеби не...?

Си ги собра раменатa, ја искриви устата и чиниш сакаше да остане недоискажан, но продолжи:

-Во времињата на војните и нашата длабока поделеност, ние Македонците проклети ќе бевме ако изразевме став, проклети ќе бевме и ако не го сторевме тоа.

Сега на животот во прифатилиштето, човек да се чуди и да се радува. Како човечки суштества, навистина нема ништо повредно што можеме да посакаме освен слободата на сопствената мисла, слободата на талкањето, слободата на сопствениот идентитет и своето јас. Да, токму сега, по најлошото што мина со војната и затворите. Најлошото го нема, но има нешто необјасниво и во прифатилиштето, доколку си затворен во четири ѕида, без разлика колку и да ти се убави ѕидовите. Убавото за човека ќе го нема долколку е затворен во одредена територија без можност за излез, но сепак е подобро отколку да си на некој гол остров или сибирска густа шума!

Не знам. Можеби сум премногу песимист, можеби премногу недоверливо ја гладам перспетивата, но дефинитивно сметам дека никогаш нема да се вклопиме во општествениот живот, на патот по кој не носи историјата ќе останеме вечни талкачи.

Богданов го измачуваше катастрофата на неговиот народ. Го измачуваше добро чуваната тајна за илјадниците судбини на неговите роднокрајци – викани Егејци.

На крајот не можеше да се сети на годините од првата љубов... Се прогонил од своите соништа затоа што имале вознемирувачки отклон, а трепери како море. Ветер. Во недоглед. И една мисла што шпионира се: неговата љубена имала бенка на грбот. Сонува суви острови од кои веќе не му доаѓаат никакви вести.

Ја наведна главата и долго размислуваше во себе: “Понекогаш помислувам дека ќе беше подобро никогаш да не се родев”.

4.

Постарите станари, со кои подолго живееме во прифатилиштето, сме од Ташкент, од Згорзелец, од Бело Јани, од Војводина и од Питешти, и сите сме поминале низ Идризово преку службите на УДБА кои не распитуваа не за сето наше минато: за нашите херојски борби на Грамос и за нашето поданство. Ни ги собраа црвените партиски книшки и мислевме дека наскоро ќе дојдат среќни дни, можеби тоа помогна да го заборави во Марксистичк- ленинистичко-сталинистичкото уредување, но никој ништо не ни кажа за нашата иднина. Ноќите во прифатилиштето имаа свој начин на поставување на прашања. По ова никој не не гибаше.

5.

Еден ден под стреата на една барака беа наседнати повеќе станари, а на небото ниеден облак, воздухот мириса на свежо косена трева. Веќе е пролет, ближи Први мај, денот на пролетаријатот. Силина на сонцето и благост на ветрецот, многу луѓе тргнуваа и одеа во природа. Ние талкачите еден по еден се збиравме под стреата и споревме за случките од војната. За логорите на идните смртници.

-Чудно е сега да се сеќаваме на оние што еднаш беа поживи од нас самите, -чиниш посака да даде вовед во дискусиите Паскал Рогожаров, брз на зборот, секоделија, што се вели, но овој пат беше настроен и продолжи:

-Ката ден ве слушам како се расправате за војната и за нашето саможртвување. Ние денес не треба да гледаме кај сме паднале, туку каде сме се слизнале.

Море луѓе!

Отчет се бара, не нова магла и неизвесност. Време е за отчет! Ние денес живееме низ преденото на политиката. По нашето враќање во Н.Р. Македонија, некако нејасно ни се наложи животот; не гледај, не слушај, не зборувај, тоа е денес начинот да се опстане. Нашите преголеми очекувања од другите (КПЈ и КПГ) ни донесоа неволи и разочарувања. Ние и од онаму од каде што дојдовме сме биле сакани како граѓани, но обесправени како луѓе, фрлени во идеолошкиот отпад по Граѓанската војна. Време е да се кажат сите мрачни страни на политиките од овие партии, без јасна историја ние сме и останuваме во времето на сеќавањето.

Ние сме имале разни циклуси на бумови и крахови, на лудило и паника. До пред неколку години владееше алчноста: диктатот и валканите цели. Сега, како талкачи во прифатилиштата, живееме под страв. Никој не знае колку долго ќе трае овој циклус, додека ни се оформат нашите досиеја. Ние ништо не знаеме што ќе се случи со нас талкачите сега, кога преминавме кон друг бог. Ќе имаат ли крај патилата и страдањата наши?

Ние сите знаеме дека нашите раководители на НОФ и АФЖ тука беа пречекани како заслужни луѓе, а ние, борците, сите поминавме низ иследувачкиот апарат во Идризово. Зошто!? Јас не ја разбирам таа работа: војската лоша, а раководството добро. И се прашувам: Ќе има ли крај таквиот двоен морал? Ќе имаат ли крај иследувањата наши кога самите овие раководители (поставени од КПГ како одговорни за Македонците) не тераа да се бориме до смрт за туѓи интереси во единиците на ДАГ?

Има ли надеж да не рехабилитираат?

-Ќе има, -дофрли Митре Калчунов и продолжи: -Ако отсега верно тука си ја правиме молитвата "да ти се многу лета" кон новиот Бог. Сакате ли да ја знаете вистината?

-Која вистина? –И сите останаа со отворени усти.

-Вистината за нас што не викаат Егејци! (со големо Е).

Можевме ли ние да одиме во некоја балканска конфедерација со урнисано семејство?

Сега најсетне, откако ни ги зедоа децата? Кога од нас Македонците КПГ и Захаријадис во Граѓанската војна направија службено семејство? Мажот и жената на фронт, децата под грижа на Партијата и расадник на идни жртви.

Но сега и ова е нов циклус во нашиот живот. Се сеќавам на слоганот на комунистите од војната и потоа во емиграцијата. Кој би сакал сега да го чуе сето тоа? Никој не ни ги признава годините минати на тие факултети (во планината) за духовните науки?

Кој би го поверувал тоа сега? Дури сега малку заушивме дека со демократијата е еднакво како со диктатурата, со фашизмот е еднакво како и со неколку партии што се нарекуваат комунистички.

Сега ве прашувам сите вас: по сето ова ќе бидам ли вистински среќен?

6.

Во свеста на талкачите се повторуваа овие прашања, но секој додаваше понешто и кажаното вчера стануваше поимливо за причините поради кои денеска тие луѓе на секаде по државите ги полнат прифатилиштата.

-Јас по моето дезертирање од албанските логори бев уапсен од грчката разузнавачка служба и се најдов во Скопје, - вели Васил Богданов и продолжи да раскажува:

-Да, тоа беше време на идеолошка шизофренија. Пролетта 1949 година беше времето на моето враќање во Југославија, и тогаш ми го поставија прашањето: "За кого си? За Сталин или за Тито?"

Јас ни здив не изгубив, реков за комунизмот и за големиот Сталин.

Бев уапсен од службата на УДБА и сместен во логорот "Матка".

Поминав тешки месеци. Тоа ми беше второ бегање од родниот крај. Не знаев што да правам, се губев. Страшни мисли ми се вртеа во главата. Еден ден, во очајот, ја искинав црвената книшка и сите одликувања ги фрлив в оган... Дојдов до сознание дека со моето поданство сум осуден и од Бога, не само од својот народ. За човека родното место е најмоќниот фактор во одбраната од туѓите пропаганда, а токму со оваа војна се посакава уништување на идентитетот и македонската народна јатка". Врз пластот на таквите пропаганди, почна да се создава политика диктирана на релацијата КПЈ/КПМ и КПГ, а таа се одрази и врз државната релација Белград-Атина, и сето тоа во целост го стави длабоко затскриен македонскиот народ и нас Македонците што се најдовме масовно во редовите на ДАГ да се (само)жртвуваме.

-Значи, тие што не турнаа во војната си остана пријатели.

-Да. Токму така, - рече Доброљубов и продолжи: - Федерацијата во која ние Македонците, (НРМ), за жал се покажавме како најслабиот новодојден се откажа од своите интереси во Егејска Македонија заради Балканскиот пакт (13) со фамозниот договор Поповиќ-Авероф.

Васил Богданов, се на поминот и вели:

-Нашите Егејци што беа во УДБА ме распрашуваа катаден за се и сешто. Сите си правеа кариера. Но одеднаш сите што со години ми беа пријатели и соборци од егејската бригада си го свија опашот и преку ноќ ми го свртија грбот. Во такви моменти сфаќаш дека политиката е апсолутно немилосрдна, гази се пред себе од името на некој виш интерес или за нечија стекната придобивка во службата на ОЗНА.

Никогаш не сум видел толку вескруполозни притисоци, какви што доживеав тие денови.

Многу од главните позиции во УДБ беа заземени од нашите (егејци) кои не беа дојдени во Граѓанската војна или беа дезертери и нас борците со народот македонски не имаа оставено во рацете на туѓинците или на нашиот нереален противник.

Служејќи во нивните редови, се уверив дека Македонецот е само жртва...

Јане, секој владетел е со своја стратегија и посакува неговите поданици цврсто да застанат зад секоја негова иницијатива како еден, обединет. Полесно се справува со таквата стратегија, "раздели па владеј". Така Водачот, станува и властодржец и лесно може да ги насочува чувствата кон "внатрешен и надворешен непријател", така лесно може да ги контролира расположението и возбудата на масите.

Така се создаваат "обединети во омразата", а тешко на тие што ќе бидат надвор од оваа толпа. Тоа сега добро го разбрав... Тоа беше

политика на Сталин и Тито, со цел да се спаси социјализмот во Југославија, но набргу стана прифатливо и за западните сили, со посебна цел да се искоренат комунистите од Грција. Една од причините за таквата позиција несомнено бил фактот дека СССР му ставил до знаење на грчкото комунистичко раководство дека е против вооружено преземање на власта: Черчиловите преговори со Сталин резултираа со договор, непознат во Грција во тоа време, според кој земјата целосно премина во британската сфера на влијание. Советскиот Сојуз имаше поголеми риби за фаќање во Источна Европа.

Тогаш многумина од нашите Егејци ги имаа свртено главите кон Белград и моето произнесување не им се допадна. Некои дури беа и навредени од начинот на кој го толкував дејство на НОФ и АФЖ, дека таа невна активност што ја водеа македонските борци во единиците на ДАГ немала никаков патриотски карактер. НОФ и АФЖ не станаа ни политички ни воен фактор во таа војна, туку по масовните мобилизации на Македонците, тие од КПГ беа турнати на маргините. Јас тоа го видов со свои очи и, кога го кажав тоа, се раководев од принципот дека спрема сопствениот народ треба да останам објективен и непристрасен.

Токму по оваа војна во Македонија под Грција се урна македонскиот народен начин на живеење. Се обездети македонската куќа, се беше пратено во пеколот на црвеното губилиште. Грчките комунисти многу вешто го поведоа народот преку организациите НОФ и АФЖ, што беа формирани по иницијатива од КПЈ, а сега и беа препуштени во раците на КПГ. Во својот став објаснив дека токму поради таквиот наш слугински менталитет на полтронство и послушност, работите веќе ”забегале” до степен на неповратност...

Тоа послужи Македонија во Грција да стане гробница на јунаци.

Југословенската КП/КПМ и грчката КП не водеа разумна политика кон Македонија, посебно за Македонците под Грција. Тоа беше злокобна политика, која веќе со години ја водеа и комунистичките водачи кон Македонија под Грција и македонскиот народ. Од обете страни не користеа како жртви и повеќе не водеа кон ископачување отколку кон слобода. Слободарските чувства на несреќниот Македонец, бескрајно беа експлоатирани. Македонецот, чист и искрен во своите чувства, гинеше во битките на Граѓанската војна. Таква беше политиката и таква остана и откако заврши војната.

Тоа е јасно како бел ден и нема потреба да докажувам дека тие во оваа војна се стремеа да не искористат само како жртви и да не остават по светот...

И денес, поислувам што значи тоа да си мал народ?

Но таа свест беше уште таква и по моето враќање во Скопје. Тогаш политиката се креираше во ЦК и од единствената партија на

власт – КПЈ. Но, уште полошо беше и во редовите на КПГ или, како што сега дознавме, и во СССР беше исто. Никому не му се дозволуваше да ги коментира нивните решенија и ставови, туку требаше тие априори да се спроведуваат на целокупниот југословенски простор. Сите знаеја дека така мора да биде.

Но ние Македонците, низ целиот период на војните, постојано се придвижувавме низ полињата како на шаховска табла, некогаш црни некогаш бели (некогаш со КПГ некогаш со КПЈ), но секогаш сме биле пиони – црни и бели, овде-онде понекој офицер, никогаш како кралеви. Служејќи низ животот, се движевме низ полињата што ни ги обележуваа овие туѓи водачи: Тито и Захаријадис, настојувајќи да издвоиме некаква победа над нивниот замислен или над нашиот нереален противник.

-Сите сме со иста судбина, сите минавме по патеката на смртта, но секој со свое мислење е во потрага по неразгатнатите тајни.

Ми се чини дека ние Македонците на својот пат не му одредивме доволно простор за да си ја кроиме сами судбината, туку истрчавме по туѓите пропаганди, боси в трње", низ историските фортуни и луњи што ја имаа зафатено Егејска Македонија.

На крајот, најважното, според мене: Ние Македонците, сега се уверивме дека во неодамнешните тешки години претрпевме разурнувања и уништувања на македонските живеалишта и директо насилство со убивања и протерувања.

Ние, жртвувајќи се, сега гледаме дека за нив не постојат идеали, не постојат свети нешта, не постојат морални ограничувања. Се можело да се стави во функција на сопствените интереси (како што ни велеа, "во интерес на Партијата"), се можело да се каже во сопствена корист, се можело да се направи за сопственото јас (за Водачот – моќникот).

Се каам затоа што со нашата поданичка душа им помогнавме на туѓинците да не ископачат. Господ нека им ја зачува храброста и во иднината на сите оние што останаа близу до гробовите на своите најблиски. Ние бевме излажани и со тоа си ги потценивме нашите предци кои со векови го чуваа и развиваа македонското простумење...

Ги вели овие зборови со прикриено спокојство во гласот во кој се насетуваат и тага и достоинство...

Се труди да се совлада, се созеде и се насмевна, а образите се уште му беа пламнати, ме праша:

-Твојата желба?

-Јас мечтаам да се вратам среде старите прекалени дрвја, да ми бидат зборовите долги како миг, а бакнежот како студена вечер што доаѓа по тежок ден, кога на жнеење ми капнуваше потта по носот како солза, и да гледам како од љубов птиците летаат...

Од воената хроника

Колку повеќе се ближеше крајот и се назираше исходот на борбата на Демократската армија толку повеќе Албанците беа принудени да водат сметка за својата инволвираност во грчките настани, со тоа што можеа да ја компромитираат Албанија и да ја изложат на опасност да биде нападната од НАТО. Поради тоа, на 5 мај 1949 година, министерот за внатрешни работи на Албанија Мехмет Шеху нареди да се расформира логорот што беше организиран во непосредна близина на грчко-албанската граница, каде што се чуваа граѓани на Грција осудени на смрт од преките судови на Демократската армија.

Повеќето од затворениците бевме Македонци, осудени поради агентурска дејност во корист на југословенските разузнавачки служби, над кои пресудите се извршуваа на самото место.

Односите меѓу двете партии особено се влошија по поразот на Демократската армија во битката на Вичо од 10 до 16 август 1949 година. Непосредно по битката на Вичо, Мехмет Шеху им рече на членовите на ПБ на ЦК и КПГ Јанис Јоанидис и Мичос Парцалидис дека тактиката на Демократската армија на Вичо беше еден чекор кон катастрофата, а нејзиното продолжување на Грамос ќе резултира со целосна катастрофа. Тој изрази мислење: дека "Привремената демократска влада треба да се расформира".

На 10 јули 1949 година Тито ја затвори границата спрема Грција, а КПГ, по директива на КПСС, на 23 јули ги прекина односите со КПЈ. По овој чин во Албанија се случија следните настани:

На 22 август 1949 година, во Корча, беше одржана средба меѓу Захаријадис и Енвер Хоџа, Мехмет Шеху и Капо од старна на АПТ.

Актуелното прашање што се дискутирало на средбата, беше прашањето за префрлувањето на околу 5.000 борци на Демократската армија, кои се повлекоа во Албанија по поразот на Вичо и тие требаше да им се приклучат на единиците од Демократската армија на Грамос. За префрлувањето беше потребна согласност и ангажирање на албанските власти.

На прашањето на Енвер Хоџа:

-Што ќе правите доколку владините сили на Атина нападнат со сите сили?

Захаријадис одговори:

-Ќе се бориме до последен. Или можеби ќе се повлечеме во Албанија.

Енвер Хоџа изрази стравување дека такво нешто сериозно ќе ја изложи и ќе ја комплицира меѓународната позиција на Албанија.

Мехмет Шеху знаел за предлогот на Советскиот Сојуз дека треба што побрзо да се распушти Демократската армија, но Захаријадис упорно го премолчувал тоа. Шеху уште еднаш потврдно му рекол:

-Време е да си го признаете поразот и не би било целесообразно и разумно овие сили и осакатени борци да ги префрлите од боиштата на Вичо во конечната гробница на Грамос.

---

13 Во август 1954 година беше потпишан во Блед (Југославија) воен Сојуз меѓу Југославија, Грција и Турција.

Балканскиот пакт од 1953 година беше еден момент како поддршка на Југославија од заканите што беа упатувани од земјите на комунистичкиот лагер и затоа не траеше многу. Така во 1961 трите земји оценија дека Балканскиот пакт станал мртво писмо.

Глава 20. - По враќањето од Голи Оток

По враќањето од Голи Оток; од сибирскиот логор 025 во ”Тајшед”; од логорот ”Макронисос”; од логорот ”Матка”; од градовите Ташкент; Вроцлав; Тулгеш; од Бело Јани.

1.

Беше чуден тој ден. Темен дијалог водевме во глува доба.
-Нашата приказна – вели Богданов – е несреќна. Сега почнав да согледувам илјадници работи што порано воопшто не ги забележував. Сега научив да го сфаќам она за што порано не ни размислував.

Несреќна што го снајде нашиот народ, натера илјадници луѓе да размислуваат за длабоките причини за геноцидот што го снајде. Но само оние што, по многу години тешко прогонство, станале ковачи на својата сопствена судбина, би ги сфатиле докрај тие причини. Ние Македонците во таа земја сме родени и длабоко бевме вжилени и никој не можеше да не откорне. Но туѓите пропаганди спроведни преку нашето поданство се болни и неповторливи...

-До какви резултати не доведе нашаето поданство преку НОФ и АФЖ?

Богданов плукна настрана и рече:

-Јасно е до какви. Овие организации направија пробив во колективната свест. Таа идеологија, едноставно, влезе во колективната свест и стана незаобиколна слика на општата еуфорија и страв за македонскиот селанец да мисли поинаку.

Природата не признава политички граници. Кој има најмногу сила, тој ќе биде најомилено чедо (на Водачот) и нему ќе му го признае правото да владее со земјата и со луѓето.

-Кој владееше со нас талкачите? Можеш ли да ми кажеш нешто за тоа?

-Што да ти кажам? Нема ништо за кажување!

-Зошто не сакаш да зборуваш?

Молк.

Јас не знаев ништо за Васил Богданов. Беше многу повлечен, таинствен. Преку неговото тело имаат минато сурови зими, го биеле крупни зрна град, поплави, водовници и лути есенски слани. Мрачно му е лицето од сенките на лошите години.

Воздивна, стои исправен и онемен и милозливо се опули во мене и ми вели:

-Човек без својот дом е како птица без гнездо.

Мојата судбина е огледало слично на многу наши луѓе кои, по враќањето во Југославија, поминаа низ филтерот на УДБА и КОС во

затворот ”Идризово”, а раководството на НОФ и АФЖ беше свечено пречекано и обезбедено со станови и работа.

Секој борец се прашува: како може раководството да биде идеолошки подобно, а војниците неподобни?!

Тоа значи дека не треба да живееме во облаци, туку сакам да кажам дека од нас направија ТАЛКАЧИ и како такви ќе си останиме да живееме со СЕНКАТА НА МИНАТОТО.

2.

-За да замине некој на островот на смртта, на тој Камен Остров* не мораше да се изјасни за Резолуцијата на Информбирото, доволно беше да биде резервиран кон партијата или да стави некаква принципиелна забелешка, за да му биде залепена етикетата предавник, да биде пратен во истражниот затвор и, по невидена тортура, да биде качен на товарен воз за добиток и сместен во логор на стравот и ужасот, на “превоспитување” преку “општествено корисна работа”.

*Камен Остров – името му го дале Италјанците, нарекувајќи го Изола Кавала (Ќелав Остров), зашто во тоа време бил само чист камен. Потсетува на камена грамада фрлена во морето, која со највисокиот врв се издига 220 метри над него.

Кога ме доведоа пред вагонот на товарниот воз, се спушти густ мрак. Џбарајќи, сам продолжив да се качувам во вагонот. При првата стапалка бев пречекан со закани, страв, мрак, пустош, агонија, болка, јад, очај, неправди, жестоки пцости, бесчувени погледи, sверски наредби. Седнав на крв и солзи, слушам шушукања, крикови, негодувања, осакатени луѓе безнадежно дремат.

Кога пристигнав на островот, бев измачен, исцрпен, понижен, тукуречи со згазено човечко достоинство.

Таму секој камен е спомен. Секоја тревка е душата на некој убиен. Тапо го слушав секој одек на пцоста, секој звук на ударот. Тупаници студени од раце моќни, силно удираат по глава, по секоја мисла. Си велам: ”Удирајте! Тоа е ваша дарба. Само така се гради вашата величественост“.

Слушам наредби: ”Мора секој да плука”.

’Ркна првиот и ме лигави смрдлива плунка. Почувствував згрозеност, а низ лицето ми се лигават балгами солени. Уште не неразлеана плунката од првиот, ’ркна вториот и по ред ‘ркаат од сите братски народи...

Чувствував вина поради своето дезертирање, што ги оставив своите браќа соборци на боиштата на Грамос и се каев што не загинав таму. Страв од непознатото, страв од крвавите траги на измамата.

Пред мене командир на КОС, ме прашува:

-Со кого соработуваше?

Се му кажувам: со сите непосредни соработници и инструктори на генерал Маркос Вафијадис: мајорите: Владимир Дечиќ, Ѓуза Родовиќ, Обрад Трниниќ, Петар Лициќ и полковник Слободан Крстиќ Уча и други, сите од КОС.

-До кога?

Се до смената на Маркос на 28 август 1948 година, кога радио "Слободна Грција" извести од вонредниот Пленум на КПГ дека другарите "...Хриса Хаџивасилиу и Маркос Вафијадис биле сериозно болни..."

-Тоа ли е се. Марш бре сталински пес.

Не прикривам ништо, другар мајоре.

Зашеметен, со затапени чувства, без самодоверба, кинисав да одам низ кршот. Маван со стапови и пцуен, плукан, почувствував како мачнотијата во жилите исчезнува, ама градите со нешто мажествено ми се полнат. "Поразена смрт" низ лутината скрцав заби и си велам "и смртта смрт имала" ако се убие со живот, и се загледав во јадранското синило, сонцето раскошно го расплиснало својот сјај. Морето стивнува. Брановите, бесшумно, без гнев, кобно замолчани. Каменот, поуморен од моето тело, молчи и подмолно ми го пие погледот.

Јас сум човек без свој дом, далеку од татковината, како птица без гнездо.

Во срцето немирот постојано прашува. Па запира да одговори со иста интонација. Потоа нема одговор. Тука, на голиот остров, идентитетот е моќ и судир.

На островот се беше замислено однапред, дури и смртта.

Тишина... Сончева синевина се лелее како свила...На ветрот се ниша див ластар. Се наведнува во лак и пак се исправа со својот раст. Во мене возбудата расте, се крева: зар нема да завршат маките? Дедо ми по татко, Стамко Богданов, падна за Македонија како млад војвода во Илинденското, а дедо ми по мајка, поп Глигур Гајдов, исчезна под ножот на комунистите, а мајка ми доживеа смртна казна со бесење. Ни на дедовците ни на мајка ми не знам кај им се коските. Не знам кај ми се другите од Богдановиот корен, ниту од Гајдовите. Зар тоа не е крај на таа крвава победа, на тој болен успех?

Татко ми во Америка печалел пари да не собере и да изгради куќа за Богдановиот род, што сега го нема.

Се раштрка сиот Богданов род. Сега низ старото живеалиште нема ни луѓе, ни куќи, ни колиби, ни што и да било перспективно! Којзнае од каде ќе се населат за вездeн во тој наш дом! Во родината прадедова.

Со месеци лежам во самица, додека смртната казна не ми е заменета.

Сега маките ми се продолжени. Животот од мене бара постојано да произведувам илузии. Потрага по неразгатнатите тајни, ризично одам по патеката на смртта. Без сонот и танцот под полна месечина, не го бидува животот.

Ми останува верата во Бога и во совладувањето на суровота природа. Тоа е последен човечки механизам за преживување.

Ката ден, одвај дишејќи, одвај собирајќи го плачот под клепките, со мислата низ пластовите на мојот одминат живот, чекорам бос и смешен. Наутро си шепотам химна, загледан во синилото. Еден ден ме удри блесок од отаде испрскувајќи златни врели солзи од ранет галеб. Подолго останав скаменет, да гледам кај ќе кацне...

Јас сум во последната фаза од животот, кога низ (само)уништување, жртвите стануваат митови и придонесуваат за развојот на човечката културата...

Затворениците со смачкани колена и разранети лакти, наутро како згазнати ластари по дожд се креваат. Сите сме со иста судбина. Се врвчиме по некакви патеки низ карстот, одат, а џелатите по нив со мислата: ”Убиваме за да живееме”. Така било, секоја генерација го градела својот живот врз коските на мртвите.

Еден ден, видов распарчен човек, расчателен, претворен во суво дрво, со погледот закован во карпата. Се задумав: уас, борец од Грамос, фрлен во пеколот на црвеното губилиште, сега на овој камен остров видов невиден ужас: рацете му беа глуждови кренати в небо. Скаменет во миг на јачење или можеби на повик за спас од нечовечките маки.

Што и да допрам, ме допира времето. Како и стрпливоста, грижливоста, неподнослива блискост. Лебдам на кршот и постојам секогаш во бегство. Ката ден од мене се бара да го ревидирам ставот, а не знам што е став.

Се треба да прифатиш, сега веднаш! Животот е таков...

-Време е! Слушате ли? – вика ревидираниот старешина.

-Време е сите да сте на строј, мрзлива бандо! Што чекате, сталински копилиња?

Секое утро истиот ритуал; ревидираниот старешина оди горе-долу, и плеска со камшикот по голите камења и по нашите грбови. Цело време внимателно не набљудува.

И подолго замолча.

-Што друго ве тераа да правите?

-Имаше некои настани од кои ден-денес ми се ежи кожата. Ме тераа во мракот да носам недоумрени, се до општата гробница.

Сам под месечина, со болна душа слушам пр’тсмртен глас. Месечината миловидна бледо свети над отворената масовна

гробница. За миг легнувам врз карстот да земам здив, а чувствувам како тагата и болката тонат во моето исушено и скршено тело...

Но најмногу се нервирав кога викаше ”Ej ти! Егејско копиле, си дезертирал со намера да пропадне револуцијата во Грција.

* * *

Кога се вратив од островот, ми се случуваа страшни работи, ама сега најмногу се вознемирувам кога некој ќе потшепне:

” Еве го оној од камениот остров!... Егеецот?!

Ослободителот! Тој бил прво со грчките комунисти, потоа со Тито и станал офицер на ЈНА, потоа бил пратен како разузнавач на КОС во Граќанската војна, да се бори со грчките партизани, па во 1948 година избегал од нив и пак дојде во Југославија.

Кога го прашале: сега за кого си? За Сталин или за Тито? Тој рекол за големиот Сталин. И оттогаш право во затвор на Голиот Оток. На ”Мермерот”, така го викаа тој остров што ми остави гола рана да ја носам цел живот.

Јас ги слушам тие гласови ката ден и молчам. Само власта знае зошто молчам. Таа збранува да се спомнува што и да е, и за што и да било да се зборува. Си признавам: уплашен сум...

Не им се лутам, но им се чудам на сите што се загледуваат во мене и што сакаат да ми го спомнуваат минатото.

Но понекогаш нечиј крик ми се врежува среде глава и останува тука засекогаш. Се држам за уши, за моите образи и посакувам да го истерам од другото уво.

Не ни замислуваме дека таа војна во нас ќе остави неизбришливи физички, а особено етнички, црни траги. До ден-денес треперам од страв од ужасните зборови ”Граѓанска војна”.

Јас сум гледал со восхит оддалеку и одблизу. Животот на моето срце е отворен, прошрен. Животот на мојата душа е друг свет, таинствен, каде што другите зла се среќаат. Се што не поднесувам да гледам, сега е доцна за подвиг.

* * *

Еден ден, по многу години, му пристигна едно важно писмо и ме замоли да му го прочитам. Писмото беше од татко му Ламбро и најмалото братче Мите, кое во времето на војната пребега во Америка и за мајка му и сестра Лена, знаат само дека се стрелани од партизаните.

Пред да го отворам ми вели:

-Ти не знаеш колку се чувствувам далеку од татко ми, од брат ми, од сите нив...?

-Драги синко Васил.

Доаѓаме со брат ти Мите по коските на мајка ти Лина и сестра ти Лена... а за Павле не знаеме ништо.

Упорно молчи, понекогаш виновно се насмевнува искривувајќи ги усните.

Ех, судбина, Господе, судбина, лошо премреже. Никој не си ја знае сетнината...

* * *

Минатото заврши. Премногу болка беше зад Богданови, таткото Ламбро Богданов посака таа врата засекогаш да ја затвори.

ДОСИЕ

Сведоштва за Граѓанската војна (1945-1949) од југословенскиот генерал на УДБА (14) Јово КАПИЧИЌ, заменик на сојузниот министер за внатрешни работи на Југословија.

Телевизиска емисија во Центар"
од Васко ЕФТОВ
2008 година

В.Е.: Според информациите, вие неколку пати доаѓавте во Македонија како претставник на УДБА и сте задолжен за координацијата со револуцијата што се прави во Грција, односно во Егејска Македонија.

Генералот: Да, сум, тоа го реков. Јас од името на Југославија, од името на државата, како помошник на министерот за внатрешни работи Александар Ранковиќ, а тоа беше негова работа. Јас раководев со целата активност на Југославија кон Грција. А тоа значи Македонија. Некои пунктови што беа во Македонија и пунктови што беа кај нас.

Значи, праќано е оружје, храна, облека, медицинска помош, неколку луѓе како експерти (15) за да помогнат во организацијата на борбата и на војната, на создавањето на некои одреди, правењето на болници во Катланово што ја изградивме ние. Но исто така извлековме и повеќе од ја изграивме ние. Но исто така извлековме и повеќе од 10.000 деца што беа прафрлени во источноевропските земји.

В.Е.: Дали во одреден период Ј.Б. Тито сакал да им помогне на Македонците под Грција, а подоцна да ја присоедини Егејска Македонија кон Југославија?

Генералот: Не, Тито не мислеше да ја присоедини... Видете... таа борба со Грците во Грција, тоа е дело на Македонците, на вашите, вие го баравте да се прави тоа, затоа што мислевте дека тоа е македонско малцинство. Каква врска имаат Србија и Црна Гора со Солун?

В.Е.: Значи, тоа го бараше Лазо Колишевски?

Генералот: Добро, Лазо и другите сметаа дека тоа е можно, дека тоа е погодна ситуација во Грција и дека може да се направи еден пробив кон грчка Македонија.

В.Е.: Тоа го бараше Јосип Б. Тито?

Генералот: Власта го одобри, сакајќи и не сакајќи Југославија, немаше никаков интерес да се оди на Солун.

В.Е.: А Македонија имаше?

Генералот: Македонија го имаше тој интерес. И имаше центар во Македонија кој политички се занимаваше со тоа прашање.
Целиот источноевропски свет беше ангажиран, сметајќи дека Грција е слаба, дека Запад нема баш многу да се занимава со тоа прашање и дека може да се создаде, не да се одвојува тој дел до Солун, туку да дојдат на власт Маркос, Захаријадис и такви луѓе кои ќе направат една нова Грција, што би била слична на Југославија.

В.Е.: Имаше ли шанси да се оствари тоа во Егејска Македонија?

Генералот: Немаше никакви шанси.

В.Е.: Зошто?

Генералот: Затоа што не војувавме војнички.

В.Е.: Зошто Југославија не влезе во војна?...

Генералот: Ние бевме гранична земја, бевме на удар да бидеме тие преку кои се ќе се направи во Грција. Југославија немаше никаков интерес, освен Македонија. Македонија имаше интерес, Македонците го сметаа тоа како дел од својата етничка територија, сметаа дека тоа е македонски народ. Можеби е така!

В.Е.: Сте биле ли вие долу во некои тајни операции како официр на УДБА?

Генералот: Не сум бил на територијата на Грција, но сум бил во Битола, во Скопје, кон Охрид, на некои гранични пунктови каде што сме имале за префрлување преку границата. Ние не војувавме таму, ние само ја отворавме границата.

В.Е.: Значи, вие само ги префрлувавте преку границата.

Генералот: Префрлуваш материјал и пак ќе ја затвориш границата. И потоа тие го разнесуваат, војуваат итн.

В.Е.: Македонската УДБА влегувала и се судрила со грчката војска.

Генералот: Тоа не знам, дали нашите војници се судриле со Грците? Не, тоа не е вистина.

Ние имавме наши офицери-инструктори. Имаше неколку офицери. Инаку, дека војската интервенирала... Тоа не е вистина.

Имаше еден момент, кога една наша мала единица ја поминала границата на грчката територија и заскитала, не за да напаѓа, не може со една чета да се напаѓа грчката држава.

И тогаш Грците ги фатиле и ги убиле сите тие наши војници. Тоа се случи.

В.Е.: Дали некој му вршеше притисок на Тито да не учествува во тој дел од Егејски Македонија?

Генералот: Не. Тоа беше препуштено само на себе. Тоа беше илегален акт, надвор од ОН, тоа не беше одобрено ни од нив, ни од каков и да било меѓународен форум. Тоа беше спротивно, да се работи подмолно како ништо да не се прави, а всушност Југославија

беше главниот фактор. Преку нас одеше сето тоа, а во таа Југославија бев јас, што го водев тој процес со одреден број луѓе што беа во Скопје и други што беа во Белград.

В.Е.: Кој ве задолжи, да го правите тоа?

Генералот: Кој ме задолжи? Александар Ранковиќ (16) – ДБ. (Државната безбедност)

В.Е.: Тој имал добра врска со Колишевски.

Генералот: Па добро, Лазо беше... Тој беше со Ранковиќ, итн. Тие го работеа тоа.

Цветко Узунов, што знам кој се работел таму. Јас знам, - тоа што беше моја работа беше за Југославија, а не за Македонија. Македонците таму се организираа сами.

Ете, тоа е, таква беше таа работа. Тоа беше една нелегална работа, на меѓународен план. Ние извршивме инвазија на една независна држава што се вика Грција, на сметка на Македонија, а по желба на тогашното македонско раководство.

В.Е.: Колку оружје пративте долу на фронтовите?

Генералот: Вагони оружје. Не е тоа една пушка или еден митралез, тоа беа вагони оружје. Немаше авиони, но имаше топови. Немаше тенкови, затоа што се тешко оружје, но имаше многу лесно вооружување, тоа го имаше. Многу оружје што беше концентрирано во Панчево, а потоа од Панчево со воз се праќаше во разни правци во Грција. Се отвораше границата, нашите војници ослободуваа дел од границата, се ставаше оружјето внатре, ќе го земеа грчките партизани, како ништо да не било, ќе се вратат и ќе се затвори границата.

* * *

Генералот на УДБА Јово Капичиќ, кој свесно и одговорно, од името на Југославија, од 1945 до 1948 година ја организираше и снабдуваше Граѓанската војна, не кажа само за каков интерес Југославија ја потпалуваше и сесрдно ја помагаше се додека Македонците не беа масовно турнати во таа војна преку своите активисти од НОФ и АФЖ (формирани од КПЈ), а потоа беа препуштени на КПГ.

Тој сега, по 60 години, како заклучок вели: Во Грција никогаш не би можело да се промени поштественото уредување и крвопролевањето беше бесмислено!!

Затоа што Запад немаше никогаш да ја напушти Грција. Тоа е глупаво, апсолутно глупава замисла. Затоа што не е договорено на Конференцијата во Техеран.

Повторувам: затоа што на Конференцијата во Јалта не било договорено Грција да влезе во источниот блок.

Тоа никогаш не било!

* * *

Сите сме заразени од балканскиот национализам и едноставно треба да го разбереме:

БОЛЕСТА ПОКАЖУВА ДЕКА СИТЕ СМЕ ИСТИ – СИТЕ СМЕ ЛУЃЕ, НО ГЕНЕРАЛОТ НАЈВЕРОЈАТНО ЗНАЕЛ КОЈ МОЖЕЛ ВО ТОА ВРЕМЕ ДА ЈА ПОТПАЛУВА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА И КАКОВ ИНТЕРЕС ИМАЛА ЈУГОСЛАВИЈА. ТОЈ И СЕГА ВЕРОЈАТНО ЗНАЕ КОЛКУ МОЖЕЛЕ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТОА ВРЕМЕ ПРЕД ТИТО И ПРЕД РАНКОВИЌ ДА ПОСТАВАТ ПРАШАЊЕ ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА!!??*

*Од хрониката:

”...Неколку дена пред Новата 1945 година, во Скопје се одржува Второто заседание на АСНОМ, означено и како вонредно, на кое ’великанот’ Јосип Броз не доаѓа. Го праќа Словенецот **Едвард Кардељ – Бевц.** Маѓепсан од величината на гостинот, Колишевски понизно го слуша, а тој пак, без стеснување, на заминување му соопштува непријатни работи. Ближи крајот на војната, му рекол Кардељ на Колишевски, а со тоа ближи и денот кога ќе се поднесуваат сметки кој колку сторил. На сметката на Македонија има пет големи минуса: најдоцна почна со востанието, најудобно ја мина окупацијата, имаше најмали разурнувања, имаше најмалку жртви и, конечно, не учествувалше во ослободувањето на Југославија.

Лазо обезумен го прашува Кардењ што да се прави. Овој ладнокрвно му вели:

’Првите три работи не можете да ги исправите, но четвртата и петтата може да се исправат. Затоа ОЗНА треба веднаш да почне да апси и да стрела, а вие итно да пратите голема единица на Сремскиот фронт’.”

Но што е смислата на молчењето пред искривената историја на Македонците под Грција!?

До кога верноста кон туѓинците?

Ќе не поддржува ле комунистите (КПЈ и КПГ) како што јажето од бесилката го поддржува обесниот. Шест децении го правеа тоа и го прават со нас уште само тие што имаа и уште носат поданичка свест.

---

14 ОЗНА, односно УДБА (Одделот за заштита на народот – Управа за државна безбедност), КОС (контраразузнавачки сектор на ЈАН), и СИД (Служба за информирање и документација при Министерството за надворешни работи на Југославија).

15 Специјален Титов разузнавач бил и Иван Караиванов, агент на советската НКВД и инструктор на Коминтерната. Непосредни соработници и инструктори на генерал Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, Мило Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија. Слободан Марковиќ имал задача по потреба илегално безбедно да го доведе и врати од Белград генералот Вафијадис. (Види: КОС и УДБА – Акциите и документите на тајните служби).

16 Александар Ранковиќ, со партизански прекар Марко, роден на 28 ноември 1909 година во околината на Обреновац, Србија, творец на КОС и УДБА и нивна жртва.

ПОГОВОР

Сите генерали и политичари што ја водеа Граѓанската војна, па дури и некои историчари што биле приврзани кон власта, знаат што се случи со Македонците во Граѓанската војна во Грција, се друго е политика. Токму затоа во романот "Јамка" се предмет на литературна анализа воено-политичките и историски движења и пресврти што се случуваа во Граѓанската војна од 1945 до 1949 година, се до овие минати дни на шестдесетениски живот по војната. Станува збор за настаните од минатото или од сегашноста чии резултати се многуслојно наталожени како драматични за откорнатите; поединци, група или заедница од Македонија под Грција – викани Егејци, односно ТАЛКАЧИ. И без оглед на тематиката и на изворите на кои се потпира романот, настаните се опишани како што се развивале од ден на ден, посебно во времето на војната, се до подоцнежните години низ логорите и профатилиштата.

Овие луѓе немирот и тегобноста само привидно и повремено ги напуштаат, а таквите моменти се ретки и не се мерило за нивниот живот. Во описите се пофатени оние области и функции каде што кај нив се формирала индувидуалната свест за моралното значење на настаните, за психолошките ломови во кои се реализира историската судбина на големите сили на Балканот. Во овој роман историјата на политичките визии, или барем на нивните топологии, опфаќа преглед на човечките ситуации и судбини во кои јунаците, без оглед на тоа какви им биле почетните мотиви, без оглед на нивното дејствување и на крајната цел на нивните постапки, секогаш трагаат по смислата на животниот чин за потврда на субјективните одлики на своето лично битие.

Јунакот ги исповеда своите уверувања и сфаќања на една (воена или туѓа) средина во чија психологија или духовна клима е во таков животен пораст идеолошкиот активизам, кој внесува максимум лични процени, личен ризик и подробности од својот морален ангажман.

Опишани се и прикажани оклетените луѓе, нивните страдални патешествија, следејќи ги туѓите волји и борејќи се за туѓи интереси. Од друга гледна точка, судбината на раселените – откорнати лица, кои талкаат низ просторот на човековото егзистенцијално заточение во кое се полага и плаќа сметката како жртва, а политичкиот цинизам во основата триумфира и си тече како прагматизам и лицемерие на дипломатските спогодби.

Многу од овие јунаци ја плаќаат националната цена – во борба и смрт во единиците на ДАГ, повеќето остануваат да сведочат во својот континуитет, како свесни за припадноста и идентитетот.

Кај овие луѓе трагедијата е целосна, зашто не наоѓаат излез од својата ситуација, ниту имаат шанса за каков и да било отпор. Човекот е притиснат пред убиствените сили на историјата и пред траумите што ги носи со себе низ времето на беззаконието и оттуѓеното човеково право. Пред овие луѓе е разбиен системот на разумните човечки односи. Но во оваа група луѓе има и такви со лажна свест во кои се здружени поимите џелат и жртва. И тука нема природна човечка свест. Произволностите и историските заблуди, како што имаат човечко потекло, имаат и свои човечки жртви. Значи, на страниците на ова потресно дело се среќаваме со луѓе со лично самоволие и официјално дискретно овластување, човечки живот, незаштитен и постојано изложен на ударот на законската сила.

Според исказите на генералот на УДБА Јово Капичиќ, во текот на Граѓанската војна излегува дека:

Југославија ја доби битката, грчката влада војната, а комунистите на Грција ја изгубија и војната и слободата. Но по војната тие се вратија во своите домови, а Македонците, кои преку организациите НОФ и АФЖ се саможртвуваа заедно со комунистите, претрпеа ужасни жртви; некои проценки се движат до 20.000 илјади убиени и повеќе од 60.000 прогонети, и на крајот Македонците станаа како вечни ТАЛКАЧИ и без право да се вратат во своите домови, затоа што не се Грци по род.

Романот ”Јамка” е работен со посебна љубов и чувство за почит спрема борците кои многу млади го дадоа животот на боиштата на Грамос, Коница, Клефти, Хашијата, Епир, Пиеријата, Вичо, Лерин, Воден, Негуш, Мали-мади, Бурно, Синьачко и во многу други битки. Авторот ја рекоструирал целата вистина за извршениот геноцид и за губењето на правото за враќање на прадедовски огништа.

Всушност, во овој политички роман доминантно место зазема фактографијата, а литературно се анализираат суровоста на војната, најстрашните мигови за некои општи и индувидуални судбини во таа повеќеилјадна армија несреќни млади мобилизирани луѓе кои говорат за најелементарните морални вредности, човечноста, сочувството и хуманоста кон македонското семејство.

Трагедијата на илјадници мобилизирани млади луѓе е потресна, а авторот на ова дело го поставува прашањето. Кој им ја стави јамката на Македонците?

Судбината е парадигма за овие насилно мобилизирани момчиња и девојчиња (деца без детство), принудени да се борат и да прават се што се бара од нив во една герилска војна.

Во романот е направена опширна анализа на злото. Приказните за изгубеното родно место, за горчливата љубов и за вечната потрага по сопствените корени се предадени сликовито, со длабока и искрена авторова тага.

За Авторот

Стојан Кочов е роден 1930 година во селото Турје, Леринско. Во годините на Граѓанската војна (1946-1949) е активен учесник во единиците на ДАГ. Од 1950 до 1957 го-дина живее и се школува во СССР, се до своето враќање во Република Македонија во1957 година. Дипломирал на Бел-градскиот универзитет. Живее во Скопје.

Автор е на делата: Средба (раскази, 1989), Една мртва војска (поезија, 1992), (Само)жртвувањето на македонскиот народ под Грција (критички огледи, 1994), Мртвото лице на војната (поезија, 1996), Ѓорѓи Пејков – македонски воин низ историјата на ДАГ (1945-1949) (монографија, 1996), Талкачи (роман, 1997), Нова година во земјанките на Грамос (роман, 1998), Казна без вина (роман, 2001), Во пресрет на судбината (раскази, 1998), Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција (критички огледи, 2000), Гревот на потомците (роман), Есеи и литературни толкувања (критички огледи, 2002), Коба (Раскази), Гробарот од Лерин (роман, 2001), Балканска сага (роман, 2004), Билет во еден правец (историски критички огледи, 2004), Големото враќање на талкачите (роман, 2006), Македонците низ пеколот на црвеното губилиште (историски критички огледи, 2007), Воинот и Маргарита (роман, 2008).